м-р Дејан Донев

# НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР КАКО ЕТИЧКИ КОРЕКТИВ НА ОПШТЕСТВОТО *или за*

## МЕХАНИЗМИТЕ НА ЕТИЧКОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Издавач:
МЦМС - Македонски центар за меѓународна соработка - Скопје,

За издавачот:
Сашо Клековски

Рецензенти:
проф. д-р Кирил Темков
д-р Александар Димитриев

Корици:
м-р Сузана Михајловска

Техничко-уредување:
Александар Димитриев

Лектор и коректор:
Елизабета Геровска

Превод на англиски јазик:
Македонка Минова

Електронска обработка:
Јована Огненовска

Печати:
Винсент Графика - Скопје

*Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите на МЦМС*

CIP – Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека ”Св. Климент Охридски“, Скопје

061.2:17

ДОНЕВ, Дејан
Невладиниот сектор како етички коректив на општеството или за механизмите на етичко дејствување на невладините организации/Дејан Донев. - Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка, 2008. - 181 стр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Белешка за авторот: стр. 181. - Библиографија: стр. 176-180

ISBN 978-9989-102-67-7

А) Невладини организации - Етички аспекти

COBISS.MK-ID 72344842

м-р ДЕЈАН ДОНЕВ

# НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР КАКО ЕТИЧКИ КОРЕКТИВ НА ОПШТЕСТВОТО

ИЛИ

# ЗА МЕХАНИЗМИТЕ НА ЕТИЧКО ДЕЈСТВУВАЊЕ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

МЦМС, 2008
Скопје

*"Тргај се од злото и прави добро!",*
*учеше Св. Климент, а дека само така треба да се*
*постапува во животот е и резултатот што*
*е пред Вас, а кој не ќе беше возможен без*
*сестранавата подршка на моите родители;*
*просторот, времето и разбирањето од мојата*
*"облагосостојбена" сопруга; идејата предочена*
*од мојот ментор; пакувањето на другар ми*
*Александар, а сето заедно водено од вербата во*
*идеалот на покојниот ми дедо Пано кој секогаш*
*сметаше дека неговиот "магистер"*
*еден ден ќе стане*
*<u>магистер по философски науки.</u>*

# СОДРЖИНА

**ДО ЧИТАТЕЛОТ** 11

**I. ВОВЕД** 15

**II. НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР КАКО ФОРМА НА ДЕМОКРАТСКО И ЕТИЧКО ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ** 27

*1.Развој на демократијата - развој на граѓанското општество* 28

*2.Улогата на невладините организации во развојот на граѓанските општества* 31

*3. Значењето на невладините организации во градењето на граѓанското општество* 40

*4. Суштината и формите на дејствување на невладините организации* 43

*5. Основните карактеристики и структура на невладините организации* 47

**III. ЕТИЧКИОТ АСПЕКТ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА** 53

*1. Развојот на идејата за човековите права до денес и меѓународните инструменти за нивна заштита и остварување* 56

*2. Видовите и класификацијата на човековите права* 65

*3. Философската и етичката основа на класификацијата на човековите права* 69

*4. Значењето на човековите права за етичкиот и духовниот развиток на човештвото* 71

*5. Човековите права денес и во иднина* 74

**IV. СЛОБОДАТА КАКО ВРВНА ЦЕЛ НА ПОСТОЕЊЕТО** 79

*1. Што е слобода и зошто потребата од неа?* 80

*2. Философско-етичко втемелување на мислата за слободата и нужноста од неа* 82

*3. Улогата на невладините организации во создавањето и одбраната на слободата* 85

**V. УЛОГАТА НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ЗАСТАПУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ** 91

*1. НВО секторот и човековите права и слободи* 91

*2. Местото на застапувањето и заштитата на човековите права и слободи во активностите на невладините организации* 96

**VI. ГЛАВНИТЕ ЕТИЧКИ ЦЕЛИ НА ЧОВЕШТВОТО ДЕНЕС И НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР** 105

*1. Одредувањето на најзначајните вредностите за современото човештво како основа за правење и ширење добро меѓу луѓето* 107

*2. Оправданоста на потребата и обидите за создавање на Универзална етика на човештвото* 115

**VII. ЕТИЧКИТЕ ВРЕДНОСТИ КАКО ТЕМЕЛ НА ДЕЈСТВУВАЊЕТО ВО НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ** 123

*1. Раководните етички принципи како мотив за активностите во невладините организации* 124

*2. Четирите темелени вредности во дејствувањето на невладините организации* 127

**VIII. УЛОГАТА НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС ВО ДЕЈСТВУВАЊЕТО НА НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР** 139

*1. Дефинирање на поимот “етички кодекс”* 139

*2. Основното значење и улогата на етичкиот кодекс* 140

*3. Нормата како основа на етичкиот кодекс* 142

*4. Примери на етички кодекси во невладиниот сектор од светот* 144

*5. Принципи за создавање на национален етички кодекс на невладините организации во Република Македонија* 149

**IX. ЗАКЛУЧОК** 155

**Кирил Темков - Ретка книга од одличен автор** 161

**Александар Димитриев - Невладините организации како пат до универзалната биоетичка свест** 165

**SUMMARY** 169

**КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА** 173

# NGO SECTOR AS AN ETHICAL CORRECTIVE OF THE SOCIETY
## or about the mechanism of ethical acting on the NGO's

**PREFACE FOR THE READERS** 11

**I. INTRODUCTION** 15

**II. NGO SECTOR AS A FORM OF DEMOCRATIC AND ETHICAL INFLUENCE IN THE CONTEMPORARY WORLD** 27

*1. The development of democracy - the development of the civil society* 28

*2. The role of the nongovernmental organizations in the development of the civil societies* 31

*3. The meaning of the nongovernmental organizations in construction of the civil society* 40

*4. The essence and forms of activities of the nongovernmental organizations* 43

*5. Basic characteristics and structure of the nongovernmental organizations* 47

**III. ETHICAL ASPECT OF THE HUMAN RIGHTS** 53

*1. The development of the idea of human rights till today and the international instruments for its protection and providing* 56

*2. The kinds of human rights and their classification* 65

*3. Philosophical and ethical base on the classification of human rights* 69

*4. The meaning of the human rights for the ethical and spiritual development on the human kind* 71

*5. The state of human rights today and their future* 74

**IV. THE FREEDOM AS AN ULTIMATE AIM OF THE EXISTENCE** 79

*1. What is freedom and why the need of it?* 80

*2. The philosophical and ethical founding on the conscience for freedom and the necessity of it* 82

*3. The role of the nongovernmental organizations in building and protection of the freedom* 85

**V. THE ROLE OF THE NGO'S IN REPRESENTATION AND PROTECTION OF THE HUMAN RIGHTS AND FREEDOM** 91

*1. NGO sector and the human rights and freedom* 91

*2. The pleace of representation and protection of human rights and freedom in the NGO activities* 96

**VI. THE MAIN ETHICAL AIMS OF THE HUMAN KIND TODAY AND THE ROLE OF NGO SECTOR** 105

*1. The determination on the most important values for contemporary human kind as a ground for making and spreading the good between humans* 107

*2. The justification of the need and attempts for building Universal ethics of whole humanity* 115

**VII. ETHICAL VALUES AS FUNDAMENTS IN NGO'S ACTIVITIES** 123

*1. The leading ethical principles as a motive for NGO's activities* 124

*2. The fourth basic values in NGO's acting* 127

**VIII. THE ROLE OF THE ETHICAL CODE IN THE ACTIVITIES OF NGO'S SECTOR** 139

*1. The definition of term "ethical code"* 139

*2. The basic meaning and the role of the ethical code* 140

*3. The norm as a base for ethical code* 142

*4. World's examples of ethical codes for nongovernmental sector* 144

*5. Principles for creating national ethical code of the NGO's in Republic of Macedonia* 149

**IX. CONCLUSION** 155

**Kiril Temkov - REAR BOOK FROM EXCELLENT AUTHOR** 161

**Aleksandar Dimitriev - NGO'S AS A WAY TO UNIVERSAL BIOETHICAL CONSCIENCE** 165

**SUMMARY** 169

**BIBLIOGRAPHY** 173

# ДО ЧИТАТЕЛОТ

Ако 20-от век започна со доделувањето на Нобеловата награда за мир, 21-от век го започнавме со сознанието дека зад нас остана еден век со, историски гледано, најголем број турбуленции.

Имено, дали Алфред Нобел беше тој што го потсети светот дека треба да се бара излез од злоупотребите на создаденото и откриеното, не знам! Но, едно е сигурно, а тоа е дека 20-от век во следните неколку децении се движеше и се развиваше со неверојатни осцилации што, за жал, заврши со светски колеж чија круна беа концентрационите логори и Хирошима и Нагасаки. Тој колеж, за жал, и ден-денес трае само во друга форма. Како и да е, сите оние кои го проживееа тоа и останаа по закланите, извлекоа едно огромно сознание: Ги бираме политичарите да нѐ водат во живот кој ќе ни даде мир, љубов, слобода, среќа ... Но, за жал, многумина од нив нѐ изиграа и нѐ натераа да живееме нагонски - животински. Токму затоа крајно време е да најдеме начин да им покажеме и докажеме дека има еден огромен број прашања на кои, ние како обични граѓани, можеме да понудиме подобар одговор.

Резултатот од ваквото сознание е она што денес е главна тема на обмислување, не само на оваа книга, туку и во планирањето на секоја држава, на секоја предизборна кампања, на секој производ - невладините организации. Меѓутоа, *невладините организации* не како политички опонент, туку како етички коректив на општеството за да не заборавиме дека, *без оглед на општественото уредување, на секое општество темелниот чинител и цел му е Човекот.*

Токму ова сознание на луѓето во светот, без оглед на религиската, културната и политичката припадност и етичкиот резултат од тоа, е причината што оваа книга стои пред Вас.

Мојата лична среќа и несреќа е тоа што живеам во време кога ваквата улога на невладините организации многу конкретно имав можност да ја осознаам, проверам, оценам и вреднувам. Среќата е во тоа што живеам во време кога мојата држава од еден систем се обидува да дорасне до друг, за кој смета дека е подобар. Несреќата пак е во тоа што, свртувајќи го своето внимание кон етиката на невладините организации во Република Македонија, но и пошироко, дојдов до чувството-сознанието дека на мигови невладините организации повеќе се, далекусежно гледано, посвесни за етичките последици од она што државата-политиката го прави, отколку тие

самите. Токму ова чувство-сознание беше втората причина која ме убеди во оправданоста на разгледувањето на етиката во работата на невладиниот сектор и неговото значење како етички коректив на општеството до неговата целосна демократизација.

Имено, последиците од несоодветниот модел на приватизација и неефикасната економија од тоа, како и незрелата политика која, делумно е плод и од неразрешените историски фрустрации од социјализмот, исто колку и на недоволното разбирање на современите социјални и политички процеси, од Република Македонија направија општество на полпат меѓу ослободувањето од претходниот систем и зацртаната цел: *реално демократско отворено граѓанско општество*. Токму затоа, ова општество во создавање, има голема потреба од дејствувањето на невладиниот сектор, што е една од основните причини за неопходноста од неговото постоење и дејствување.

Меѓу причините кои ја оправдуваат потребата од сè поголемата активност на невладиниот сектор секако се и многуте други странични ефекти и манифестации од забрзаните промени пред кои е исправено нашето општество кое, во брзањето да ги досегне т.н. европски-светски стандарди, заборави дека *еден систем, без оглед каков е тој, успешно ќе биде заменет само доколку променитe се темелат на вистинските реални универзални етички вредности.* Го нагласувам ова, токму поради фактот што Македонија, колку поради меѓународната политичка консталација, толку поради сопственото историско наследство, плати и сè уште плаќа висока цена на т.н. транзиција, што кулминираше со длабок удар врз темелните универзални етички вредности.

Како последица од тоа, од осамостојувањето до денес, во Македонија се појавија над 5.000 невладини организации кои, како глас на народот незадоволен од неспособност или отсуството на желбата кај државата да ги пресретне и задоволи потребите на истиот, се обидуваат не само до го надополнат овој пропуст на државата, туку со своето дејствување да бидат и нејзин етички коректив.

За жал, наспроти овие, има и такви невладини организации кои кокетираат со власта и партиите, а не ретко се и нивна продлжена рака. Па така, наместо да бидат непрофитабилни, невладини и граѓански организации, застапници на потребите на граѓаните, тие се обидуваат да го делат профитот, политички или економски, од таквата блискост, а на штета на граѓаните. Токму заради тоа, невладините организации станаа катадневна тема, колку на дневниот печат, толку и на дневно-политичките и економските калкулации. Да доразјаснам - за нив се пишува, зборува, на нив се повикуваат тврдејќи нешто или докажувајќи некоја своја теза. Но, она за што сум убеден дека не ме загрижува само мене, туку и сите нас како човечки битија е фактот што притоа никој не се запрашува: а каков тоа

етички вредносен-аксиолошки систем ни нудат невладините организации, не само како општествен коректив, туку и како еден простор во кој етички ќе се дооствариме себе си!?

Токму ова беше и причината и идејата, но и основната задача на оваа книга - да се покаже она што недостасува во нашето разбирање за т.н. Трет сектор; да се испита, претстави и образложи етиката на дејствувањето на невладините организации; оценката и последицата од тоа по етичката свест на општеството и на секој член во него. Имено, токму поради претходните забелешки, целта на оваа книга е да се разгледаат и оценат, но пред и над сè, да се ревреднуваат етичките механизми во дејствувањето на невладините организации. Ова пак, со цел да се издвојат и понудат како вредносен систем оние вредности кои треба да се вистинската причина што ќе ги придвижува во нивното конкретно делување, кои ќе ја одредуваат суштината на нивното дејствување, ќе ја даваат смислата на нивното постоење и ќе бидат темелот на нивната етичка оправданост, философијата и аксиологијата на општествениот ангажман, за да го исполнат она што треба да бидат во едно општество: *етички коректив на системот кој не ги реализира етичките потреби на секоја единка.*

Ова сознание е и темелот на овој труд зошто недостатокот од ваквиот пристап кон работата и дејствувањето на невладините организации резултира со атмосфера на потценување на нивната улога. Затоа, не се сомневам дека овој труд, прв од ваков вид во Македонија и пошироко на Балканот, ја докажува својата оправданост и потребност сега и овде, затоа што во нашето време, гладно за реална етика, невладините организации се феномен без кој современото, етички ориентирано дејствување до реално демократско граѓанско општество, и кај нас и во светот, би било невозможно.

Во Скопје

03. 02. 2008 година Авторот

# I. ВОВЕД

Она што ни го донесе крајот на претходниот милениум - распаѓање на одредени идеолошки системи и економии втемелени на нив, на почетокот на овој нѐ воведе во една сосема нова епоха, која, за жал, сѐ уште ги влече неразрешените состојби од претходниот век.

Денес на сите полиња имаме голем напредок, особено техничко-технолошки. Таа е пред сѐ ера на науката, ера на информацијата, постиндустриска ера и ера на глобализација која не води сметка за вредносното етичко наследство. Како последица од ова, живееме во епоха во која се отворија многу комплексни проблеми на човековата опстојба кои бараат итно разрешување на нов етички втемелен начин. Станува збор за низа несакани последици во развојот, од човековото невнимателно дејствување, од негрижливиот однос кон сѐ што постои. Така современата цивилизација, и покрај технолошко-техничките достигања речиси на сите полиња, сепак се наоѓа во криза.

Имено, станува збор за неспособноста паралелно со развојот да се обезбеди соодветен вредносен систем на сите полиња на живеење. Поточно, во трката по остварување на профитот, и граѓаните и општеството заборавија дека развојот има своја цена, а цената е културолошкиот шок и судирот на интересите на економиите кон глобализацијата. Со тоа, човековата цивилизација, а воедно и самиот тој, се соочуваат со проблеми и судири кои се безбројни и длабоки. Тоа најчесто доведува до разурнување на основното јадро на општеството - семејството, разнишување на општествените односи, изместување на позитивните социјални вредносни норми и ориентири..., па така ни се случува во економијата да доминира идејата за индивидуален профит, во политиката и економијата заради личните интереси етиката да биде заборавена, а природата да е жртва на нашето дејствување.

Сведоци сме, но и учесници, на мигот на човековото соочување со круцијалните проблеми на опстанокот, кои делумно се јавија како натрупан и нерешен багаж од индолентниот и егоистичен однос на претходните генерации, а делумно како духовна и етичка реакција на денешните односи во природата, во семејството, во општеството, во медицината, во техниката...[1]

[1] Можеби најдобар пример за овој вид однесување е изјавата на францускиот крал Луј XV, кој направил разнебитување и осиромашување на Франција, а на забелешката дека тоа е лошо, рекол: “После мене, нека биде потоп!”.

Сето ова нѐ доведува до еден куп прашања и сомнежи. Но, основното темелно прашање е: Дали современото општество, човештвото во целост, ќе преживее, ќе се извлече? Опсегот и зафатнината на проблемите на современото човештво се навистина големи. Има доволно индикатори за алармантноста и константноста на бројните денешни „болести“ во речиси секоја област. Една од тие мошне сериозни пројави е кризата на моралот, а да не заборавиме дека моралот е битен дел на секое човеково живеење, на секоја цивилизација. Па така се поставува темелното прашање: Ако е болен моралот, какви се последиците за цивилизацијата, за човекот, за општеството? Тоа е тешкото прашање кое се поставува во сите области на човековото живеење денес и бара итен одговор ако сакаме да сме она што треба да сме - етички битија.

Прашањата кои се провлекуваат уште од крајот на 19-от век, како последица од индустрискиот развој и несоодветното разрешување на општествено-социјалните односи и услови, во првата половина на минатиот век човештвото се обиде да ги разреши на повеќе начини. Некаде преку револуции за промена на општествено-економското уредување, а некаде со војна за да најде излез од економското задушување од количеството на произведеното, а во име на непосредните интереси на капиталот и политиката. Последиците од тоа беа војни во кои преку 65 милиони луѓе го загубија својот живот, а одредени народи речиси беа истребени. Свесни за тоа дека воено-економското разрешување на ваквите проблеми е погрешниот начин, неговото височество Граѓанинот - темелот на секое општество кое сака да биде суштински демократизирано и демократско, за среќа, кон крајот на 60-те и на почетокот на 70-те години од минатиот век ги согледа силните предупредувачки знаци од проблемите на развојот кои од него побараа зголемен личен ангажман, и тоа не само како непосреден интерес да го заштити својот живот-семејството, туку и како начин да се ангажира во етичкото доразвивање на општествено-економските системи од кои произлегува, но и за кои произведува.

Имено, ваквата свест се појави од сознанието дека забрзаниот развој негативно се одразува врз вредносниот систем на светот во кој живееме и од кој нужно мораме да поаѓаме како луѓе-граѓани, но и врз природата што нѐ опкружува. Современиот човек-моќник станува сѐ повеќе свесен за тоа дека може да го разори светот - единствениот чун за сите, заедничкиот дом на луѓето. Затоа, пред неколку децении започна да се зборува за етичката криза како најголем проблем на денешницата, но сепак сегментирано, само во некои подрачја на животот: во екологијата, во економијата, во политиката...

Загрижувачки е што сè уште трае етичката криза и недоосвестеност во која современиот човек ги воочи општите морални проблеми, но нив и понатаму настојува да ги ограничи само на неколку подрачја во животот: бизнис, политика, лични доживувања, социјални односи..., не ретко заради тесно-групни интереси и личен малограѓански комодитет кој ќе го ослободи од одговорноста и должноста етички да се активира и дејствува. Па така, останува фактот дека моралната криза е присутна и во животот на поединецот и воопшто во општеството и го одредува квалитетот на неговото живеење. Како последица од ова, неговото внимание се насочува само на одредени области-проблеми, колку поради влијанието на политиката, толку поради економските услови и начинот на кој и економијата и политиката ги злоупотребуваат информациите и комуникацијата со оној заради кој постојат - Граѓанинот.

Станува очигледно дека во задната на моралната криза е несоодветниот однос на современиот човек спрема темелните вредности и отсуството на вистинската, етички втемелена свест и потреба за нив. Ова не е само поради отсуството на вистинската општествена свест за потребата од демократизација и демократија во општествено-економските односи, туку многу често и поради неспремноста на единката лично да се заангажира, не ретко поради стравот за својата непосредна егзистенција. Па, ако поопсежно и со поголема концентрираност ги опсервираме состојбите во кои се наоѓа севкупното човештво, можеме да заклучиме дека денес живееме во свет, сиот во грч, страв и трепет поради неизвесноста за иднината. Резултатот, од навидум несвесните негативни дејствија и процеси во кои учествувавме и кои сè уште ги практикуваме, е дека тие имаат огромен негативен ефект и по живеењето и по реалните етички вредности.

Во еден свет, во кој процесите на глобализацијата, новиот светски поредок, напредокот на науката и на технологијата и културолошкиот, психолошкиот, а пред сè моралниот шок од таквиот напредок кон глобализацијата..., а сето тоа во име на паролата „За подобро човештво", ние всушност се дотуркавме себеси до работ на опстанокот. Но, останува прашањето: Како се случи со развојот всушност да го загрозиме сопствениот опстанок? Тоа се случи затоа што не секогаш успеваме да просудуваме и одбираме според критериумите на доброто, исправното, моралното, наспроти злото како последица од таквата негрижа. Кога ќе се јави проблем размислуваме небаре не му припаѓаме на овој свет или попознато како „ноевиот начин на соочување со проблемите".[2]

[2] Имено, кога нојот се наоѓа во опасност, пред некој проблем, тој само ја става главата во песокот и мисли дека со тоа го решил постоењето на проблемот или на опасноста.

Овие проблеми произлегуваат од несигурноста, особено од нестабилноста и неспособноста да си признаеме дека не го разбираме и не секогаш можеме да му се приспособиме на овој свет кој страсно граба кон напредокот. Истовремено, факт е дека, во условите кога човештвото се труди, откако стана свесно за страшните проблеми, да создаде слика за своите големи обврски и да се обедини во грижата за иднината, не сме доволно соединети во разрешувањето на сите пројавени негативности. Наместо да се разрешуваат проблемите, ние само ги натрупувавме, со надеж дека времето ќе ги реши, а дотогаш треба само да чекаме да измине овој период, да го „протуркаме животот". Така дојдовме до крстопатот кога, или ќе ги решиме проблемите и ќе опстанеме, а подоцна и ќе ги подобриме состојбите, или едноставно ќе нè нема. Факт е дека обидите да се разрешат нараснатите проблеми се јавија како напори на човештвото да се спаси и опстане. Трагедијата е во тоа што одбраните начини на разрешување не секогаш соодветствуваат на суштинските потреби. Па така, ни се случува една економија да се обиде да доминира на глобален план, а не ретко во неможноста тоа докрај да го постигне, да отвори и одржува жаришта на постојани воени конфликти. Подиректно, на почетокот на овој век дојдовме во ситуација, наместо да се обединеме околу заедничка концепција за светот, ние се уште се делиме по религиозна, економска, политичка..., определба; наместо да градиме свест за себе си како граѓани на една држава - Светот, ние сме во ситуација граѓанството да биде негирано во име на интереси кои не секогаш се израз на неговите потреби. Тоа е првата грешка во современото живеење, но, за жал, не и единствената.

Имено, економскиот развој некритички се прифати како совршена можност да ги разрешиме постоечките проблеми, како пат кон подобрување на животот до етички задоволувачки квалитетно ниво. Грешката при ова е што не се води сметка и за моралната втемеленост на механизмите на одлучувањето при развојот и на последиците од него, а особено не за принципот на одговорноста и на вистинските должности при унапредувањето на човештвото - етички да се вреднуваат и проценуваат последиците, а најмалку на соживотот, на заедништвото на сите луѓе.[3]

Всушност, поради тоа што проблемите на денешницата се поттикнати не само од лимитите на нашата материјалистичка цивилизација, туку исто така и од промените од историскиот развој, ние мораме да погледнеме и наназад и да ја научиме лекцијата од нашето минато за она што ни се случува сега и овде и што е коренот на проблемите кои нужно мораме етички да ги разрешуваме.

---

[3] За тие проблеми сеопфатно се зборува во познатото дело на Рихард Висер, *За одговорноста во епохата на промените* (1967) - Richard Wisser: *Odgovornost u mijeni vremena*, Svjetlost, Sarajevo, 1988.

Кога Западна Европа го достигна лимитот на религиски одредуваната и водената цивилизација, поточно лимитите наметнати само од религиската определба, таа побара нова точка на опора за да ја надмине ваквата безизлезност. Точката на опора ја најде во повикот на Ренесансата: „Да се вратиме кон природата. Повторно да ја воспоставиме нашата човечка природа, која по својата суштина, без оглед на настојувањата да биде негирана, Е етичка!“. Истото треба да го направиме и ние, пронаоѓајќи нова, етички втемелена и во својот резултат оправдана точка на опора за надминување на денешните етички и морални кризи, а сè повеќе се чини дека тоа треба да биде развивање и учествување во една повторна ренесанса на Моралот и Етиката во согласност со потребите на ова време, универзално прифатени и практикувани.

Но, и пред да се обидеме да ја задоволиме потребата од нова етика-нов морал, пред и над сè, како една од појдовните точки треба да го имаме на ум следново:

> *прво*, ние мора да поставиме цел да конституираме едно целисходно човечко општество кое ќе ги почитува човечките суштества како најценети творби, кое ќе гарантира висок квалитет на животот, како низ културна, така и низ материјална благосостојба, кое ќе осигура еднаков суверенитет на сите земји и слобода на сите луѓе;
>
> *второ*, ние мора да создадеме човечко општество каде човечките суштества ќе бидат господари на историјата и на цивилизацијата и каде сите нешта креирани од човекот, како науката, технологијата, институциите и организациите, мора да бидат наменети за услужување на човештвото. Новите социјални норми на нашето човечко општество во иднина треба да бидат нормите поставени врз културното гледање на историјата повеќе отколку природните норми извлечени од логиката на моќта и поставени врз законот на џунглата;
>
> *трето*, реафирмирајќи го сознанието дека ние сме членови на една човечка фамилија, мораме да ги отфрлиме ексклузивниот национализам и случајната соработка за заеднички бенифиции меѓу нациите, со цел да достигнеме иницијален светски поредок заснован врз системот на регионални кооперативни општества (РЦС), за кои сите треба да се застапуваме;[4]

[4] Денес има неколку примери на регионални кооперативни заедници во разни делови на светот; добри примери се ЕУ во Европа, АПЕК во азиско-пацифичкиот регион, како и АСЕАН во Јужна Азија. Таквиот животно способен систем на регионален кооперативен систем ќе донесе регионален мир и просперитет.

*четврто*, откако ќе се постигне светски поредок базиран врз системот РЦС, ќе мора да прејдеме на создавање на глобална кооперативна заедница (ГЦС). Како начин за креирање на вакво посакувано човештво, во 1978. година беше основана *Глобална кооперација за посветло општество* (ГЦС), движење за креативно интернационално поврзување на луѓето и нациите. Трендот на нашето време е цврсто поставен кон глобализација, демократизација, хуманизација, до општа благосостојба (утилитаризам), а човечката заедница рапидно станува транснационална, мултикултурална и „без граници". Според тоа, ние живееме во мултикултурална, речиси во глобална заедница, а сигурно со заедничка судбина. По етапата на глобална соработка, ќе треба да создадеме глобално, заедничко општество кое колективно ќе ја изразува суверената волја на сите нации и на сите нејзини припадници, и

*петто*, глобалното, заедничко општество е ново човечко општество кое ние треба да го имаме во иднина како најпосакувано општество, кое може да се нарече „Oughtopia" („Нужнотопија"). Ние мораме критички да размислиме за грешките од минатата човечка историја со цел да го запреме бесцелното насочување и да го доведеме до крај убивањето и уништувањето предизвикано од недовербата и меѓусебната омраза. Нужнотопиското општество поставува три цели во намерата за конструирање на ново човечко општество: убаво духовно општество, обилно материјално општество, како и човечко вредно, целисходно општество. Тоа е посакувано општество кое мора да биде добро како што мора да биде функционално за човештвото.[5]

Пречката кон ваквото посакувано општество е во тоа што, согласно критичкото разгледување на етиката на денешното општество, ќе видиме дека човечките суштества се уништуваат себе си служејќи му на Мамон (обожавање на богатството). Многумина се отуѓени од самите себе си и од другите (и како граѓани и како обични луѓе), при што слепо верувајќи во науката и техниката, полека, но сигурно, ја потиснуваат хуманоста. Ако продолжиме да живееме вака, може да станеме човеколики суштества во примитивното општество на Киборзите и Сајбер-просторот, без при тоа да сфатиме што ни се случува.[6]

[5] *The Role and the Task of NGO's in the 21st Century,* Speech delivered in the 50th Annual NGO/DPI Conference held in UN in 1997, <http://www.gcs-ngo.or gcsenglish/data/speech/add-50.doc>.

[6] За проблемот на човеколикоста пишува Павао Вук-Павловиќ во својата збирка философски сонети „Повик"- Pavao Vuk-Pavlović: Zov, Skopje, 1964; види за тие ставови кај Кирил Темков: *Етичките и аксиолошките идеи во философската поезија на Павао Вук-Павловиќ,* „Годишен зборник на Филозофскиот Факултет", Скопје, 2003.

Но, бидејќи луѓето се единствените живи суштества кои најчесто дејствуваат откако ќе размислат, можно е да се промени нашето однесување. Истото е можно само ако го промениме нашиот ум-разум. За жал, изгледа дека сè уште не сме докрај подготвени на тоа, па така ни се случува денот да го започнеме со сознанието од јавните гласила на чии насловни страници криминалот е главна тема. Имено, разни видови на криминал се бујни во нашето денешно општество, како што нашата човечка природа станува сè повеќе порочна и злобна, уништувајќи сè. Па затоа и живееме во општества исполнети со недоверба и зла волја како последица од помрачувањето на етичката свест, негирањето на разумот, егоистичките самоинтереси, како и предавањето кон исклучиво сетилните задоволства, што генерално нè сведува на она што најмалку треба да сме - нагонски водени битија, наместо она што го сакаме - Човек, етички реализиран и раководен. Па, токму поради ова, нужно мораме да ги елиминираме овие болки и зла на нашето општество и да ги надминеме есхатолошките кризи на денешницата. Ние нужно мораме силно и енергично да поведеме движење чиј краен резултат и цел е социјалната благосостојба која ќе го отвори просторот за враќање на моралноста и хуманоста како темелни етички вредности врз кои треба да почива секоја активност на секој член на општеството ако сака да го даде својот придонес за реализацијата на нужноста - реално граѓанско општество со реално практикувана демократија врз вистинските етички вредности: почитување на животот како највисока етичка цел за која вреди да се бориме со ненасилни методи и средства. Само кога ќе го изведеме успешно и до крај ова, за вистински етички да дејствуваме, ќе можеме и на вистински начин да ги сакаме и се грижиме за нашите семејства, нашите работни места, нашата сопствена нација, како и човечката фамилија, незагрозувајќи притоа ничие друго постоење, а уште помалку природата која ни овозможува живот. Па оттука, ние можеме и мораме да ги вратиме довербата, разбирањето и соработката, кои ќе ни овозможат да ги елиминираме сите социјални болести, судири и последици од тоа за општството.

Затоа денес, согласно нужноста од итно разрешување на проблемите, она што е најважно и најитно е да овозможиме реализација на една идеја од втората половина на 20-от век - *Универзална етика која ќе го научи човештвото на подобар заеднички живот во ерата на глобализацијата*, т.е. да овозможиме и поддржиме ренесанса на етиката и нејзините напори за подобрување на човековото однесување за да се постигне неопходното морално ниво на неговото постоење.

Не попусто како една од фундаменталните димензии на светот во процесот на глобализацијата е токму етиката како вредносно срце на глобалниот свет. Затоа се вели дека на човештвото денес му е потребна хуманистичка глобализација во која препознавањето на реалните етички стандарди и принципи ќе биде водич кон иднината. Изградбата на една Универзална етика, во светот обземен со глобалните процеси, а парцијализиран во своите интереси, ќе биде неопходната сила-двигател и

креативност на човештвото. Таквата етика ќе биде општочовечка должност и услов за позитивна соработка меѓу луѓето и неопходниот услов за реална соработка - преку вистински дијалог до меѓусебно разбирање, вреднување и почитување. Во таква една ситуација секој секому ќе мора да подаде рака и да се зближи со другиот, да прости и заедно со другите се потруди да ги исправи грешките за во иднина да може да ги антиципира последиците и создаде подобри нешта. Во подобрена релација на пријателство, почитување, соработка, солидарност, партнерство, заедништво..., здруженото човештво може да одговори на посочените проблеми и предизвиците кои ги носи иднината.[7]

За да се разреши есхатолошката криза на човештвото денес, прво што мора да се запрашаме е каков тип на општество ни треба и каква е улогата на т.н. Трет сектор, особено невладините организации, на патот кон реалното демократско етички втемелено граѓанско општество. Неспорно е, врз база на сето досегашно искуство, дека Третиот сектор-невладините организации го дадоа својот несомнен придонес во изградбата на ваквата посакувана човекова заедница. Свеста за ваквата улога и значење на т.н. Трет сектор, особено за невладините организации, на секој граѓанин му го отвори и реалното поле на нивното дејствување, а со самото тоа и му даде можност да се врати кон себе си како граѓанин-темел на секое општество, но и како граѓанин кој може да реши или одбере дали или нема да учествува во изградбата на општество какво што му е потребно за да не биде негиран како етичко битие. Свесен за тоа дека до ненегирано етички втемелено битие не може да се дојде седејќи со скрстени раце, граѓанинот почна да се ангажира себе си за да го смени општеството. Благодарение на ова почнавме да живееме во општества во кои граѓаните сѐ почесто бараат нови начини за активирање на себе си за да ја потсетат државата дека тие се причината и оправдувањето за нејзиното постоење.

Па така, една од формите на активното граѓанство, вид на особена организација на граѓанското општество, станаа невладините организации како корективен механизам на општествениот живот, а со тоа и на системот и на државата од која произлегуваат и во која делуваат. Тие се неопходната форма на зајакнато учество на обичните граѓани во процесот на унапредување на заедничкото живеење и на донесувањето одлуки од јавен-заеднички интерес, од чии последици ќе зависи реалниот квалитет на животот, но и нивото на етичката свест за темелните реални етички вредности практично изразени преку почитувањето и заштитата на основните права и слободи на секоја единка. Со тоа тие стануваат реална, активна и етички втемелена противтежа и коректив на стандардниот политички механизам и систем, на власта во општеството, а се можност

[7] Денес за овие проблеми се говори многу. Меѓу најзначајните идеи се заложбите и погледите на германскиот етичар и теолог Ханс Кинг и неговиот проект за Глобална етика.

да се пополнат сите празнини во процесите кои властите не сакаат или не можат да ги извршат од најразлични мотиви и интереси.

Но, што се всушност тоа „невладини организации"? Сликата за нив, во некои случаи внимателно конструирана и обично засилена од медиумите, се движи од замислата за нив како за искрено дадена помош, хранење на гладните, вдомување на бездомниците, третирање на болните, т.е. помош дадена на сличен начин како Мајка Тереза, давање добрина, љубезност и помош на оние на кои тоа навистина им е потребно. Но, оваа слика за значењето на невладините организации, најчесто присутна и потхранувана за време на катастрофи, е само мал видлив дел од активностите на невладините организации. Поточно, мозаикот кој ја создава сликата за нив е многу побогата од тоа, и вистинската слика за нив всушност може да се добие преку согледувањето на полињата на дејствување и интереси на истите. Да појаснам, покрај спасувањето животи, невладините организации промовираат и демократија и граѓанско учество. Тие имаат навистина значајна улога во бројни ситуации. Многу од овие организации се специјализирани за одредени прашања, почнувајќи од грижа за интересите на потрошувачите, пазарната политика, па до грижа за животната средина и еколошката одржливост и оправданост на производствата, од изградба на демократијата до помош при катастрофите. Многу од нив истовремено се свртени кон повеќе области и проблеми и се обидуваат да координираат разни активности во поддржувањето на долготрајни солуции на проблемите кои се хронични (сиромаштија, болести), но и акутни (етнички судири, војни).

Оттука може да се извлече сознанието дека улогата и значењето на невладините организации е повеќекратна: од директно разрешување на конфликти, водење дипломатија и медијаторство во кризните и долготрајни конфликтни подрачја[8], преку учество во мониторингот на изборите, доставување хуманитарна и развојна помош, застапување на човековите права и правдини, па сè до лобирање кај владите за развој врз еколошки одржлива економија која ќе промовира благосостојба, мир и сигурност за човештвото. Иако овие улоги се несомнено позитивни, невладините организации, за жал, сè уште не се прифатени како рамноправен партнер во вжештените политички арени. Но, за среќа, сè поприсутна е свеста за тоа дека без нив не би биле можни голем број достигнувања на државите и на интернационалните организации, а сигурно би заостанувал развојот на граѓанското општество и поширокото спроведување на современата етичка ренесанса.

Несомнено е дека, генерално, за значењето и улогата на невладините организации во денешниот свет има многу нешта да се кажат. Но, она што е најбитно при ова е да се нагласи дека нивното значење дојде до целосен

[8] Да се потсетиме на иницијативата за мировните преговори за Северна Ирска кои благодарение на иницијативата на две граѓанки прерасна во политички договор на „господарите на животот и смртта".

израз уште на почетокот на 90-те години на минатиот век, а до крајот на минатиот век тие дораснаа до улога и фактор кој ниту еден сериозен политички, државен или економски одлучувач не би се осмелил да го заобиколи. Поточно, тоа го изразува сеопштото сознание дека невладините организации имаат тесни врски со реалноста на теренот во развиените земји и, најважно од сѐ, дека тие се способни да дистрибуираат развојна помош значително поефтино и поефикасно отколку државите или интервладините организации. Оттука, како вистински предизвик се постави прашањето за тоа како да се сфатат, развијат и вклучат невладините организации во националниот и интернационалниот систем, како тие да преземат одговорност од различен карактер и обем, како да се засили нивната улога и да се елиминираат слабостите, како да се зголеми и искористи нивниот етички и творечки капацитет и потенцијал.[9]

Па така, тие денес се неизоставен дел на националните и интернационалните политички процеси, го пробиваат и наметнуваат својот пат во областите дури и на високата политика, кои претходно беа исклучиво прерогатив на државната власт. Откако заврши периодот на силната Студена војна, активностите на невладините организации се зголемија од релативно отворените ЕКОСОК тела[10], како што е Комисијата за одржлив развој, се до оние затворените, како што се Советот за безбедност и Генералното Собрание на ООН, дури и во Светската банка, иако на ова се уште се опираат Меѓународниот монетарен фонд и Светската трговска организација. Накусо кажано, невладините организации од локален пораснаа и дораснаа до глобален фактор.

Ова сосема јасно говори за големото значење кое денес им се придава и реално го имаат невладините организации, кое што, пред сѐ, се должи на улогата која тие ја имаат во современите процеси, а што произлегува од начинот на реализација на нивните активности, од основната идеја на нивниот конститутивен и конструктивен механизам на дејствување, како и од бројните значајни односи во кои се наоѓаат истите. Се работи за односи меѓу: невладините организации и државата; внатрешни граѓанско-општествени односи; односи меѓу овие заедници и заедниците опслужувани од нив; односи меѓу невладините организации од еден регион со оние од друг регион и конечно односи меѓу невладините организации и бројни интернационални организации кои ќе продолжат да се вклучуваат во општото одлучување и власт.[11]

---

[9] P.J. Simmons, *Learning to Live with NGOs, Foreign Policy*, 02.11.1998, <http://www.globalpolicy.org/ngos/issues/>.

[10] Economic and Social Council of the United Nations.

[11] Statement by Finn Reske-Nielsen, UNDP Representative & UN Development Coordinator on the occasion of the appointment of Cecilio Caminha Freitas as New Director of East Timor NGO Forum, “Open Day” at the NGO Forum, 19.02.2002, <http://www.undp.east-timor.org.>.

Ваквата улога на Третиот сектор и на невладините организации во рамките на една држава-систем, за среќа, токму благодарение на информатичката глобализација, отворија нов простор за разрешување на низа проблеми на меѓународен план, а со тоа го полагаат и темелот на свеста на секој човек дека ќе биде граѓанин на светот само доколку светот го сфати како заедништво на етички мотивирани дејствувачки човечки реализирани битија. Имено, светот во кој денес живееме, соочен со големи национални, транснационални, глобални, социјални, етички и еколошки проблеми, голема надеж полага токму во овој вид соработка на луѓето преку невладините организации кои, за разлика од државите, не размислуваат само во рамките на националните граници. Па затоа, денес на нив се гледа како на соодветен начин-средство за ублажување на последиците од проблемите, нивно разрешување, подобрување на состојбите и придонес кон спасот на човештвото - излез од цивилизацискиот етички ќорсокак. За среќа, во 21-от век влеговме сѐ посвесни дека мисијата на невладините организации е да ги исправат и излечат социјалните неправди и да ги задоволат етичките потреби на современото човечко општество. Тоа е нивната историска улога и повик!

Доследно на ваквата нивна историска улога и повик, во светот во кој глобализацијата отвори многу прашања и проблеми, невладините организации денес, како и меѓународната заедница, не само што покажуваат интерес за нивното разрешување, туку тие, организирајќи се на глобално-светско ниво, изнаоѓаат патишта и начини да ги разрешат врз вистинските етички несомнени принципи. Ова пак покажува уште една нивна улога денес и овде: онаму каде што владите не можат или пак не сакаат да ги разрешат овие проблеми, соочени не само со јавното мислење во сопствените држави, туку и со светското, сакале или не, ги прифатија невладините организации како рамноправен партнер во надминувањето на проблемите на глобализацијата. Ова пак покажува дека *21-от век несомнено ќе биде векот на невладините организации*, како најсоодветен начин за одговор на поставените прашања во развојот на човештвото, но воедно и *најбезболниот пат до светот како свет на граѓанинот втемелен, одредуван и раководен од принципите на Универзалната етика - етика на создавање на услови на заштита на биомасата и биопотенцијалот од неа*. Со еден збор кажано, тие се основата и патот до изградбата на она што на сите треба да ни биде цел и причина за постоење: *реално живеење врз база на универзална Биоетика.*

* * *

Последната реченица, т.е. сознанието од потребата од една ваква етика, беше и причината зошто подетално на наредните страници ќе ја разгледуваме етиката на дејствувањето на невладиниот сектор и на невладините организации, особено во контекст на земјите произлезени од распаѓањето на одредени политички системи или како што тоа денес модерно се нарекува: „земји во транзиција“.

Разгледувањето што следи не е резултат само на магистерскиот труд на оваа тема, туку и сознанието дека може и мора да се понуди и нов начин на размислување за етиката на дејствувањето на Третиот сектор - невладините организации, а од тоа пак да се изведе и можен нацрт етички кодекс на национално ниво за од него да се изведуваат и конкретните за секоја конкретна невладина организација.

# II. НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР КАКО ФОРМА НА ДЕМОКРАТСКО И ЕТИЧКО ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ

Класичното разбирање на човекот како умно и политичко суштество, а на добриот живот како етички засновано и исправно живеење, како и нововековното инсистирање на должноста и одговорноста, речиси се исчезнати, подзаборавени во модерните држави во кои политиката често е израз на моќ и насилство, на војна и омраза, наспроти нејзиното основно значење како среден заеднички живот, како грижа за доброто на сите во заедницата. Па така, и покрај прокламираната слобода, автономија на умот и универзалните човекови права во современиот свет, сепак се дојде до состојба во која често власта, политиката, само декларативно се застапуваат за демократијата како основна политичка ориентација и цел.

Генерално земено, нема несогласување околу тоа дека демократијата е најдобра можна политичка и социјална идеологија, ориентација и политичка практика, кои значат слобода на личноста и на народите, еднаквост на луѓето, нивна независност во погледите за општеството, слобода на живеење, дејствување и на решавање на сите прашања, кои ја изразуваат вербата во умноста на човечките индивидуи добро да си ги определат целите и успешно да ја водат заедницата.[12] Но, факт е дека само, ако делумно се искриви или, ако се злоупотреби и злостави, демократијата може да продуцира многу болни ефекти.[13] Од друга страна, согласно способноста за развој на демократските институции и зголемената демократска свест на членовите на општеството, истото го доведуваат дотаму сè повеќе да се труди да стане општество управувано од граѓаните и јавното мислење, т.е. доминираат идејата и настојувањата да завладее духот на демократијата насекаде; луѓето се стремат кон мир и соработка; се зголемуваат разбирањето и толеранцијата, а на човековите права се гледа како на најважен етичко-политички аспект на севкупните промени кон демократизацијата на општествата независно од политичкото уредување. Како последица од ова, улогата и моќта на централната власт се

[12] Кирил Темков, *Етика за III година гимназиско образование*, Просветно дело, Скопје, 2004, стр. 277.
[13] *The Role and the Task of NGO's in the 21st Century*, Speech delivered in the 50th Annual NGO/DPI Conference held in UN in 1997, <http://www.gcs-ngo.org/gcsenglish/data/speech/add-50.doc>.

намалуваат, а нејзината моќ се пренесува, редистрибуира или децентрализира на локалната власт. Но, и тоа може да стане заканувачки феномен ако не се гради вистинско демократско општество, туку во децентрализацијата се продолжува со авторитарни и партизирани методи! Оттука е сосема јасно дека демократијата денес, ако не успее да воспостави исправен баланс меѓу правата и должностите на власта и на граѓаните, има инхерентни историски и социјални лимити.[14]

## *1. Развој на демократијата - развој на граѓанското општество*

Претходново, недвосмислено го отвора и прашањето за односот помеѓу етиката и политиката. Но, не само тоа, туку ги отвора и прашањата за нивното разделување, како и игнорирањето на значењето на практичната философија. Отворањето и поставувањето на овие прашања укажува само на некои од причините за неуспех во напорот правилно да се демонстрира една исправна политика на живеење чија цел ќе биде унапредување на животот, прогрес, постигнување на успех на сите полиња и напредување во сите елементи на животот.

Свеста за потребата од ваков квалитативно оправдан и етички втемелен живот почна да се манифестира уште на почетокот на 30-тите години на минатиот век со рехабилитацијата на практичната философија чија цел беше да покаже и докаже дека може повторно да се вратиме кон успешната политика и заеднички живот. За тоа е неопходно повикување и потпирање врз размислувањата и сознанијата на најголемите умови на човештвото, врз „татковците“ на граѓанскиот морал, особено Аристотел:

> Во надминувањето не само на воената состојба, туку и во развивањето на човековите права и во втемелувањето на слободниот живот во државата може да помогне рехабилитацијата на аристотеловите битни сознанија за поврзаноста на политиката, етиката и пријателството, т.е. за начелната можност за втемелување на политичката заедница врз пријателството на слободните и еднакви, разумни и добри граѓани на државата. Неговите сознанија дека без пријателството нема да можат да постојат ниту останатите добродетели, дека етосот на добрите обичаи ги конституира и развива само разборитоста на живиот ум на чесните граѓани, како и останатите мисли за етиката, политиката и пријателството, се покажуваат како неодминливи денес ако сакаме развивање на политичката култура и на слободата на сиот народ.[15]

---

[14] Renate Bloem, *The role of NGOs in the Age of Democratic Civil Society*, Coalition of NGOs, September 2001, <http://www.globalpolicy.org/ngos/issues/>.

[15] Ante Pažanin, *Etika i politika*, Hrvatsko filozofsko društvo, Zagreb, 2001, str. 36.

Оттука, за надминување на состојбите во животот и политиката се бара во философско-политичко-етичкото разгледување да се постави прашањето не само за прокламирањето на универзалните човекови права и за слободниот разумски дискурс, туку и за етичкото втемелување на човековите слободи и права како натамошно проширување на слободата на луѓето во државата, согласно нагорната линија на квалитетот на живеењето низ историјата; за мирот како прва и највисока цел и вредност на денешницата; за толеранцијата како еден од темелните етички методи во односите помеѓу луѓето, без кој мирот би бил само сон. Во тој контекст, денес се настојува да се исполни императивот: обнова и развој на заедничкиот живот, на големите достигнувања, на правната државност, на човековите права, на слободата на индивидуите, на сите големи достигнувања на европската култура воопшто, и тоа на соодветен начин за овие да бидат основа на новите квалитативни етички втемлени форми на слободен живот како начин на живот втемелен на ослободениот ум. Тоа е она што се нарекува „пронаоѓање на политичкото“.[16] Затоа во политиката, иако нема еднозначно определен модел за спроведување на власта, нужно е сите државни системи да бидат демократски, т.е. да ја почитуваат слободата на секого, да не владеат со насилство, да имаат самосвест дека власта е од народот и да го почитуваат во практиката ставот дека политичките институции постојат за доброто на сите луѓе.[17]

Согласно на ова, светската историска смисла на демократијата, вели Анте Пажанин, е најдобро да се согледа преку примерот на непосредната демократија уште кај старите Грци, а значењето на репрезентирањето на народот преку примерот на современата претставничка демократија, изградена врз основите на римската демократија. Притоа, најзначајно е да се увиди како овие се однесуваат кон феноменот на политичкото, во смисла на дејствување и живот во државата воопшто и какви се последиците од таквото сфаќање - на какви социјално-културни, институционално-политички и етичко-историски претпоставки почива политичкиот живот и дејствувањето на граѓаните во современата правна, социјална, демократска држава. Оттука, атинската демократија[18] се докажува како исправна и во време на модерниот индивидуализам, во онаа мера во која и модерниот граѓанин на државата има право и можност да гласа не само за прашањата кои ги формулираат неговите политичари, туку и сам да поднесува предлози и иницира придвижување, разгледување и решавање на актуелните прашања

[16] Ante Pažanin, op. cit., str. 242.
[17] Кирил Темков, цит. дело, стр. 278.
[18] Приведувањето на примерот на атинската демократија тука е во функција на укажување на начини на учество во јавниот живот на секој граѓанин, а не како модел за оправдување на системот на владеењето од античките времиња, а кој не ретко и денес се среќава.

на заедничкиот живот. Дури со тоа демократијата и политиката го добиваат своето вистинско значење на политичко дејствување и учество на граѓаните во животот на државата на степен на современа светска историја:

> Во античката демократија граѓанинот за прв пат можеше сам како индивидуум да настапи во својство на иницијативен и дејствувачки граѓанин, па атинската демократија и во време на модерниот индивидуализам ја има својата светско-историска смисла, ако и само ако модерниот индивидуалец сопствениот ум го признава како единствена институција над себе и својата неповторливост ја црпи од сопствената согледба, па оттука одговорно и слободно го обликува сопствениот и заедничкиот живот.[19]

Ова говори за нужноста од обезбедување на услови за еднаква партиципација на секој граѓанин во процесите на одлучување, што ќе резултира со неопходната рамнотежа во општеството, со што ќе се зајакнува демократијата и ќе се овозможува нејзино правилно функционирање. Значи, без активна партиципација на секој граѓанин, пред сè во политичкиот живот и во одлучувањето на сите нивоа, не може да се досегне целта - рамноправност и еднаквост за секого и секаде врз база на еколошки оправдан и одржлив развој. Оттука, успешната демократија, како форма на политички односи, значи успешна демократизација на секое општество врз универзалните етички вредности и принципи. Во оваа смисла, создавањето и унапредувањето на заедниците и на демократијата, особено преку улогата на активните, дејствени и одговорни луѓе, денес е можно само преку развојот на граѓанското општество кое е производ на реобнова на демократските односи, особено во периодот на транзиција на земјите од Југоисточна Европа:

> „Граѓанско општество" е термин кој се популаризираше кон крајот на Студената војна, термин кој го опиша она што недостасуваше во државно-доминирачките општества, т.е. широко социјално учество и интерес за управувањето, но не нужно од страна на власта. Оттука произлезе дека граѓанското општество е неопходниот елемент за да се појави демократско управување.[20]

Од цитатов е сосема јасно дека идејата кон која се стреми граѓанското општество е создавање на држава-свет-општество во кое сите ќе учествуваат во јавното донесување на етички втемелените и оправдани и демократски донесени одлуки со цел да се реализира заедничката визија за она што треба да значи исправно дејствување во сегашноста за подобра

[19] Ante Pažanin, op. cit., str. 82.
[20] Carolyn Stephenson, *Non-government organizations*, <http://www.intractableconflict.ogr/m/role_ngo.jsp>.

утрешнина. Значи:

> Тоа е општество кое е организирано независно од државата и врз сопствена слободна волја на граѓаните, кое на заеднички начин ги прифаќа и се држи до демократските вредности, развива стабилен став кон државата и политиката, кое е свесно за сопствената сила и знае како да ги заштити сопствените интереси. Економските основи за граѓанското општество се регулираната пазарна економија и различните форми на сопственишство, а политичките основи се граѓанското учество во државата, како и во јавните работи. За да ги задоволат своите интереси и потреби, граѓаните користат такви граѓански општествени институции како што се професионалните организации, здруженија, фондации и друштва. Логичка последица на силното граѓанско општество е децентрализација на државната власт и спречување на злоупотреба на политичката моќ на државните институции, пренесување на правото за одлучување на локално ниво, невладините организации и соработка меѓу луѓето.[21]

Ова, сосема јасно говори за нужноста од двонасочен однос меѓу граѓаните и власта. Имено, за да се управува демократски и етички со општеството потребно е заедништво меѓу извршната и политичката власт од една страна и граѓаните од друга страна. Тоа, пак, значи дека е потребна власт во која граѓаните повеќе нема само да се корисници, а не ретко и жртви на политиката и нејзиното извршување, туку ќе преземаат и одговорност за планирањето на политиката, за преземените активности за реализација на планираното и за оценката и вреднувањето на последиците од тоа. Па така, нормално, доменот на активностите на активното граѓанство е содржан во целта на јавната политика, а тоа е справување со проблемите од јавен интерес како што се здравството, образованието, транспортот или невработеноста. Тие се практична манифестација на дневната и практичната димензија на демократијата во која активното граѓанство ја остварува својата фундаментална улога како коректив на власта и политиката.

## *2. Улогата на невладините организации во развојот на граѓанските општества*

Како потврда на ова, сè почесто сме сведоци на фактот дека во последно време граѓаните и организациите на граѓанското општество

[21] *What is NGO?*, NVO Centres from Latvia, 20.01.2005, <http://www. ngo.org.lv>.

(т.н. Третиот сектор[22]) стануваат сè погласни, изнесувајќи прашања и барања преку кои се обидуваат да влијаат како коректив врз креаторите на политиката и власта. Токму тоа ја покажува задачата, целта и улогата на општествено активните граѓани. Оттука и не треба да чуди фактот дека на политичарите и на властите им е сè појасно дека учеството на граѓаните во процесите на одлучувањето, решавањето и раководењето со одредени области и домени на општественото живеење, кои се непокриени од нив, е огромен ресурс при разрешувањето на општествените судири во понатамошниот развој. Имено:

> Зголемениот интерес на владите за зајакнување на нивните односи со граѓаните е резултат на променетиот контекст во креирањето на политиката. Националните влади се соочуваат со свет кој е сè позаплеткан и сè посложен. Како резултат на тоа, креирањето на владината политика станува сè посложено. Владините ограничени ресурси го оневозожуваат креирањето на политиката и нејзината реализација само со сопствени сили. Оттука, сè повеќе се зборува за „демократски дефицит“ и за намалена легитимност на владата.[23]

Вака, позитивно активирајќи се во општеството, луѓето ја исполнуваат својата граѓанска должност да бидат активни граѓани на начини кои се сосема различни од традиционалните.[24] Сето ова говори и за промените на моделот на граѓанското учество во јавните работи од заеднички интерес. Активното учество на граѓаните не се остварува само преку барањето за заштита на човековите темелни права и слободи, туку и преку дејствување во нивна одбрана и ширење на полето на слободите и правата. Тоа е она квалитативно ново активно учество на граѓаните во општеството, чија цел е демократизација и градење на реално граѓанско општество.[25] Значи, активното граѓанство едновремено повлекува со себе здружување, самоорганизирање и примена на различни форми на

[22] Третиот сектор, уште познат и како невладин сектор, е целокупност од граѓански општествени организации (невладини организации, групи, движења...) кои земаат активна улога во општествените активности кои не носат профит, но се важни за развојот на општеството. Третиот сектор функционира веднаш до првите два сектори - јавниот сектор и приватниот сектор.

[23] Марк Грамбергер, „Граѓаните како партнери“, *Прирачник на ОЕЦД за информирање, консултации и учество на јавноста во изготвувањето на политиката - раководење,* Фондација „Институт - отворено општество“ - Македонија, 2001, стр. 19.

[24] Традиционалното активно учество на граѓаните може да се дефинира како систем на различни права и должности кои раководат со процесот на односи помеѓу граѓаните и државата на која и припаѓаат. Користењето на правото на глас е највисока форма на изразување на активното учество на граѓаните. (Џовани Моро. *Вовед во активното граѓанско учество: Македонија*, OPEN - Партнери за развој, Скопје, 2004, стр. 11.)

[25] Новиот модел на активно учество на граѓаните можеме да го дефинираме како извршување на правата и на обврските на граѓаните во секојдневниот живот во едно демократско општество, при што граѓаните се соочуваат со проблеми од јавен интерес. (Џовани Моро, цит. дело, стр. 12.)

колективни активности, што е практична реализација на задачата на секое етички втемелено и оправдано здружување и активитет во општеството - градење на заедничка свест за сопствената улога и одговорност за оние за кои се создава и за оние кои ќе дојдат по нас. Со други зборови:

> Активно граѓанство е капацитетот на граѓаните за самостојно и автономно организирање на различни начини за да ги одбранат своите права, да ја практикуваат својата моќ и одговорностите во јавната политика, во грижата за заедничките богатства.[26]

Начинот и формата на здружување се движи од поврзување на граѓаните како единки до нивно меѓусебно поврзување како дел од организирани групи, како што се организациите на граѓанското општество (ОГО), а особено нивната форма позната како „невладини организации“. Со тоа новиот феномен наречен „невладина организација“, еден дел од граѓанското општество кој има за цел да ги поддржи граѓанските иницијативи и да го олесни развојот на граѓанското општество, но и да биде коректив на политичките системи, стана политички релевантен фактор во процесите на донесување одлуки, раководење и управување, што претставува конкретен израз и дејство на луѓето кои го бараат своето право да учествуваат во процесот на донесување на колективно релевантните одлуки. Од друга страна, сè подоброто разбирање на демократијата и нејзиното практикување ја зголемува улогата на невладините организации со што декларираната демократизација на општеството го добива својот реален легитимитет. Појасно кажано, тоа во практиката значи дека почнува да надвладува сознанието дека демократијата не е само одржување на избори на секои четири или пет години, туку дека демократијата значи и преземање на заедничка одговорност на политиката и власта и на граѓаните во донесувањето на одлуките! Имено, и во домашната и во глобалната политика, донесувањето одлуки не може да биде демократско без активно учество на граѓаните преку невладините организации, со што тие исполнуваат уште една своја функција - демократизација на општеството преку ширењето на полето на учеството на граѓанинот во демократијата, но и подигање на граѓанската свест за сопствената одговорност за системот за кој се определуваат, како и за улогата и важноста на почитувањето на темелните права и слободи.

### *а. Историски развој на невладините организации*

Но, до ваквата своја улога и значење, невладините организации поминаа долг историски развоен пат полн со сцили и харидби, не секогаш поради сопствената недозреаност, туку повеќе поради општите глобални состојби во кои доминираа политичките интереси на големите сили и

[26] Џовани Моро, цит. дело, стр. 15.

идеологии кои забораваа на она што е најбитно за секое постоење и за животот како најголема вредност - обичниот човек, граѓанин со право на одлучување не само дома, туку и во она и таму - а заради кои државата треба да постои.

За докрај да се оствари целта на текстот што е пред Вас, и за до крај да се разберат местото, улогата и значењето на невладините организации, но и за да се дојде до вистинското одредување на она што тие се денес и овде, нужен е мал историски преглед на развојната линија на невладините организации, како и на самиот термин.

Историски гледано, до она што денес и овде се невладините организации, почетоците-корените треба да се бараат во периодите кога општествената „мода“ налагаше „филантропски излети“ на богатите, па така се родија првите добротворни друштва кои се грижеа за младите девојки кои го загубиле моралот - проституцијата, за деца без родители..., како производ на викторијанскиот лажен морал. Позитивната последица од ваквите мотиви е развојот на организации кои навистина се хуманитарно втемелени и кои не одбегнуваат да ги „засукаат“ ракавите за разрешување на вистинските социјални проблеми без оглед на историските, политичките и економските услови во кои се дејствува. Можеме да наведеме примери низ историјата за постоењето и функционирањето на овие организации во секоја епоха, во секој период, секаде каде што, пред сè, постои обид за создавање општествена свест за потребите на посиромашните членови на општеството, т.е. за почитување на човекот и на неговото достоинство, право и слобода.[27]

Меѓутоа, заради потребите на трудот и времето и условите во кои дејствуваат невладините организации во Република Македонија и регионот, овде подетално ќе се задржиме на поновата историја и обидите за воспоставување на човековите права и за почитување на слободата како темелни определби во дејствувањето на овие организации. Така, може да зборуваме особено за периодот на отворањето на прашањето за почитувањето на граѓанските права во Европа и во Америка во 18-ти и 19-ти век и обидот за нивно легислативно разрешување. Тоа е период кога луѓето започнале да формираат зголемен број вакви организации

[27] Движењето против ропството, основано во Англија во почетокот на 1800. роди многу организации и најверојатно доведе до Светската конвенција против ропството (1840), патоказ, пресвртница на собирот за координација на работата на граѓанските организации на интернационална основа. Светската алијанса на YMCA беше малку подоцна основана (1855), а Интернационалниот комитет на Црвениот крст започна со работа во 1863. година. Во 19-от век, независни здруженија од овој тип истакнаа многу прашања, вклучувајќи ги и правата на жените, состојбите на сиромашните, злоупотребата со алкохол и општинската реформа. Трговскиот синдикат се појави како водечка сила во движењето на невладините организации подоцна во тој век. Во Њујорк е основано прочуено Друштво за етичка култура (1878).

како инструменти за пресретнување на потребите на заедницата, бранејќи ги социјалните и етичките интереси или промовирајќи нови политички насоки. Така, на пример, францускиот писател Алексис де Торквил за време неговата позната посета на САД во 1831. година ја потенцирал големата важност на вака мотивираните организации нарекувајќи ги „политички здруженија", како институти за демократија, според него единствено бројни и влијателни во тоа време во САД.[28]

Во следните осум децении, ваквите здруженија, од локални, успеаја да дораснат до свеста дека можат нешто реално да направат, но само ако дораснат до интернационални здруженија. Благодарение на ова, во 1910. година, 132 независни граѓански здруженија одлучија да соработуваат меѓусебно под името „Унија на интернационални асоцијации". Без оглед на значењето на ваквото здружување, Лигата на народите, која настана од потребата да се избегне нов светски судир, а се претвори во организација за добро „замачкување" на очите на јавноста, за жал, не ја сфати вистинската улога на ваквите здруженија и граѓански организации. Па така, таа, Лигата, кон нив официјално се однесуваше како кон организација на повеќе приватни здруженија кои нашле начин за меѓусебна комуникација и соработка, а заборави да води сметка за она за што тие и во суштина се залагаа сообразно на своите определби.

Овој дискурс во однос на Лигата на народите е само за да се потенцира уште еден факт, а тоа е дека независно од отсуството на политичката демократска свест на тогаш владеачките сили, граѓанството не заборави да се развива, за што ќе наведам само уште еден пример, а тоа е основањето на Кливлендската фондација во 1914. година, како Движење на граѓанските фондации.

Не навлегувајќи во хронолошки историски преглед на развојната линија до она што се денеска невладините организации, овде само да укажам на фактот дека вистинското меѓународно признавање на позитивната улога на ваквите организации беше втемелено со Основачката декларација на ОНН во 1945. година. Поточно, во првиот нацрт на Повелбата на ООН не се споменува никаква соработка на ООН со граѓанските организации. Различни групи, главно, но не единствено од САД, лобираа за да се исправи ова на основачката конференција во Сан Франциско во 1945. година. Тие лоби групи, не само што успеаја во воведувањето на одредбата за зајакнати и формализирани односи со граѓанските здруженија и организации, туку тие исто така станаа „многу принципиелен орган" на ООН.[29] Ова значи дека терминот „невладина организација" или „НВО" не беше во генерална

---

[28] Подетално види кај Aleksis de Tokvil, *O demokratiji u Americi,* Jovan Stojanović, Sremski Karlovci, 1999.

[29] *UNESCO Encyclopedia of Life Support Systems,* SECTION 1 International and infrastructure resource issues, Article 1.44.3.7 NGO's.

употреба пред да бидат основани Обединетите нации. Тој влезе во употреба во 1945. година поради потребата на ООН во Повелбата да ги дефинира и диференцира учесничките права за интервладините специјализирани агенции и на оние за интернационалните приватни организации. Како што смета Питер Вилетс, професор по Глобални политики од Сити Универзитетот од Лондон, новата терминологија е воведена за да го покрие односот на ЕКОСОК со двата типа интернационални организации. Имено, кога се формираше ООН, секое учество на индивидуалци или групи во нејзината работа прави отстапување од нормата на дипломатијата која пред тоа беше ексклузивен прерогатив на државите. Според тоа, под „национална организација", како што е споменато во чл. 71 од Повелбата на ООН, се подразбираше било која невладина организација основана во поединечна држава. Никакви разлики не беа правени меѓу организациите кои покриваа голем број конституенти низ целата земја и организациите основани единствено во локалните заедници или во малите делови на популацијата. Кога беа променети правилата на ЕКОСОК[30] во 1996. година, претпоставка за признавањето на консултативен статус на националните невладини организации како рутинска работа беше дека националните организации се организации со широко членство од земјите или „федерација на локални групи" или „чадор групи" како коалиција на невладини организации кои оперираат на различни полиња. Така, според чл. 70 „специјализираните агенции, поставени со интервладин договор", можат „да учествуваат без глас во тие размислувања", додека чл. 71 вели дека „невладините организации" можат „да имаат погодни договори за консултација".[31] Според тоа, „специјализираните агенции" и „невладините организации" станаа технички термин во ООН документите. Исто така, од жаргонот на ООН, терминот НВО прејде во општа употреба, особено во раните 70-ти години на минатиот век.

Во меѓувреме, развивајќи се, законската регулатива, следејќи ја потребата за регулирање на состојбите во и околу невладините организации, нивните односи со државата и обратно, им обезбедија модерен правен легитимитет на овие организации, а со што се намали можноста за директно мешање на државите во нивното работење. Така, денес за нив се говори како за еден нов феномен - невладини организации или попознати под кратенката НВО.

### *б. Обиди за дефинирање на невладините организации*

Напоредно со историското развивање и подемот на значењето на НВО секторот се јавуваа и најразлични напори за дефинирање на НВО

[30] Economic and Social Council of the United Nations.

[31] Со тоа, до 2000. година, околу 2.500 невладини организации добија консултативен статус во ООН, а илјадници имаа официјални договори со други органи на ООН и интервладини тела.

феноменот. Во документите на ООН се користи терминот „НВО“ како акроним кој ги подразбира „невладините организации“ за да ги разликува претставниците на овие агенции од оние на властите. Иако многумина од невладините организации не го сакаат овој термин, тој сепак влезе во широка употреба затоа што системот на ООН главно е фокусиран на интернационалната улога на правење и формулирање на политиката во она подрачје каде најмногу оперираат невладините организации. Со документот од 1994. година на ООН, невладините организации се опишани како *непрофитни ентитети чии членови се граѓани или асоцијации на граѓани на една или повеќе земји и чии активности се одредени од колективната волја на тие членови во одзивот на потребите на членовите на една или повеќе заедници со кои невладината организација соработува.* Оваа формулација ги опфаќа речиси сите видови групи, освен приватните бизниси, револуционерните, терористичките, како и политичките партии. Па така, денес многу од телата при ООН се опишани како невладини организации.

Надвор од ООН, различни извори се однесуваат кон овие групи со променливи имиња, користејќи ги термините „Невладина организација“ (Non-governmental organizations), „Граѓански општествени организации“ (Civil Society Organizations - CSO), „Приватни волонтерски организации“ (Private Voluntary Organizations - PVO), „Провинцијални организации“ (Grassroots organizations), „Социјални движења“ (Social movements), „Поголеми групи“ (Major groups), „Граѓанско општество“ (Civil society), Добротворни, Непрофитни, Донаторски организации, „Трет сектор“ и слично.[32] На овој начин терминот „НВО“ опфаќа широка категорија на групи и организации, почнувајќи од групи на заедницата, преку основни активистички групи, организации за развој и истражување, застапнички групи, операционални, ад хок групи при елементарни непогоди и катастрофи, хуманитарно насочени кон обезбедување и давање помош и слично.[33] Во овие обиди за дефинирање на тоа што е невладина организација, обично кратенката „НВО“ го означува терминот „невладина организација“, која се дефинира

---

[32] Сепак невладините организации ретко се совпаѓаат со некој од набројаните термини. „Основните организации“ генерално се локални организирани групи на индивидуи кои се активираат за да ги оспособат нивните членови и да преземат акции на посебни прашања на грижа за нив. „Социјалните движења“ опфаќаат широк сегмент од општеството кој е заинтересиран за поттикнување или спротивставување врз социјалните промени во некои посебни прашања или области. Социјалното движење може да ја вклучи невладината организација и основните организации. „Главните групи“ е термин настанат во време на Самитот на Земјата на ООН во Рио (1992) како дел од Агенда 21 за да ги опфати општествените сектори кои беа очекувани да одиграат улога како додаток на државите и интервладините организации во животната средина и развој. (Carolyn Stephenson, *What is NGO's,* <http://intractableconflict.ogr/m/role_ngo.jsp>.)

[33] Jude Howell and Jenny Pearce, *New Roles and Relevance: Development NGOs and the Challenge of Change*, Kumarian Press, New York, 2000, pp. 77-78.

како *организација која оперира на волонтерска и непрофитна основа преку застапување на интересите на секој граѓанин во јавните работи и штитење на истите до ниво на јавен интерес,* при што разликата меѓу овие два поими е особено корисна. Имено, непрофитните организации вклучуваат широк ранг на организации - музеи, универзитети, болници - кои се фокусираат врз услугите и ретко (дури и никогаш) не се занимаваат со застапување на интереси на профитот. Наспроти ова, невладините организации секогаш имаат важна застапничка непрофитна мисија, смета Џејмс Пол, извршниот директор на Форумот за глобални политики.[34]

Покрај оваа, постојат и дефиниции според кои под невладина организација *се подразбира секоја група луѓе кои имаат заедничка мисија да задоволат одредена потреба во нивното општество или заедница, а притоа не се формирани или контролирани од власта.*[35] Имено, невладините организации се јавуваат и функционираат по барање на група луѓе низ светот кои ги идентификуваат своите потреби во заедницата, а за кои владините институции или не се дизајнирани да ги пресретнат или пак се неспособни да ги пресретнат поради недоволност на ресурсите и поради други приоритети. Во оваа смисла, Светската банка ги дефинира невладините организации како „*приватни организации кои вршат активности за помош на настраданите, ги промовираат интересите на сиромашните, ја штитат околината, овозможуваат елементарни социјални услуги или го преземаат развојот на заедницата*“, при што клучниот документ на Светската банка *Working With NGO's*, додава и дека во поширока употреба, терминот „НВО“ може да биде применет на која било непрофитна организација која е независна од владата. Во овој контекст, ова се организации кои зависат, целосно или делумно, од добротворните донации и од волонтерските услуги.

Сепак, некои други групи кои се невладини, најчесто не се вклучени под терминот „НВО“. Овој термин експлицитно ги исклучува профитните корпорации, приватните претприемачи и мултинационалните корпорации, иако асоцијациите формирани од мултинационалните корпорации, како што е Интернационалната трговска комора, се сметаат како невладини организации. Слично, политичките партии, движењата за ослободување или пак терористичките организации често не се сметаат за невладини организации. Мери Андерсон, специјалист во дефинирањето на невладините организации, вели дека обврзаноста на ненасилство е најдобро почитувана и уважувана од сите други принципи кои ги дефинираат овие организации.[36]

---

[34] Paul A. James, op. cit.

[35] Fanyana D. Mazibuko, *The Role of the Non-Governmental Organizatoins in Educational Advancement in Developing Countries:The South African Experience*, <http://www.home.hiroshima-u.ac.jp/ice/maz3-1.pdf>.

[36] Поопширно за проблемот на дефинирање на невладините организации погледни кај Marry Anderson, *Do No Harm: How Aid Can Support Peace-or War*, Lynne Rienner Publishers, Boulder, Colorado, 1999.

Терминолошката какафонија е надополнета и со дефинициите на НВО врз база на видот на активноста со која се занимаваат. Една долга листа на акроними кои се акумулираа околу невладините организации може да се искористи за да го илустрира ова. Луѓето зборуваат за невладините организации како за ИНВО (интернационални невладини организации), БИНГО (бизнис интернационални невладини организации), РИНГО (религиозни интернационални невладини организации), ЕНГО (енвироментални невладини организации), ГОНГО (владини оперативни невладини организации, кои се поставени од владите за да изгледаат како невладини организации со цел да ја спроведат помошта однадвор), КУАНГО (квази-невладини организации, оние кои се парцијално креирани или поддржани од државите) и многу други.

Од сето претходно кажано, очигледно е дека не постои едногласие во она што е дефиниција за невладина организација. Единствено што може да се извлече како заклучок од наведените примери на дефинирање е дека секој од нив содржи елементи кои можат да ни понудат основа за одредување на она што е НВО. Иако НВО секторот стана забележително професионализиран во последниве три декади, принципите на *алтруизам* и на *волонтерство* останаа клучни дефинирачки карактеристики.[37] Имено, јасно е дека невладината организација мора да биде независна од директната контрола на било која власт. Вклучително, постојат три генерално прифатени карактеристики кои исклучуваат некои посебни типови:

- невладината организација не смее да биде конституирана како политичка партија;
- таа треба да биде непрофитна;
- не смее да биде криминална (терористичка група), а особено, не насилна.

Овие карактеристики се во општа употреба, затоа што тие соодветствуваат и на условите за признавање од страна на ООН. Границите понекогаш можат да бидат замаглени, но една невладина организација никогаш не е конституирана како владин орган, партија, компанија, криминална организација или герилска група. Оттука, согласно изреченото, можеме да ја прифатиме дефиницијата која ја дава Питер Вилетс во Енциклопедијата на ООН:

> Невладината организација се дефинира како независна волонтерска асоцијација на луѓе кои дејствуваат заеднички и континуирано за некоја заедничка цел, а не за да станат владина канцеларија, начин за правење пари или за спроведување илегална активност.[38]

---

[37] Anup Shah, *Non-governmental Organizations on Development Issues,* <http://www.globalissues.org/TradeRelated/Poverty/NGOs.asp#WhatareNGOs>.

[38] *UNESCO Encyclopedia of Life Support Systems,* SECTION 1 International and infrastructure resource issues, Article 1.44.3.7 NGO's.

Овој кус историски преглед и терминолошкото разграничување што се прави овде е заради полесно разбирање на значењето на улогата на невладините организации во процесите на развивањето и градењето на реално демократско граѓанско општество.

## *3. Значењето на невладините организации во градењето на граѓанското општество*

Ако подлабоко навлеземе во целокупноста на активностите на невладините организации, а водејќи сметка што се тие по дефиниција, ќе согледаме дека едно од значењата на невладините организации потекнува од обидот да се направи противтежа и корекција во јавната политика на одлучување за еден подобар заеднички живот и тоа преку напорот за ширење на доменот на човековите права и за засилување на слободата на личноста. НВО секторот, од една страна, се јави како обид за гарантирање на правата на граѓаните и во таа смисла функционира во нивна одбрана и промовирање, а од друга страна, како обид за учество на граѓаните во одлучувањето за општите работи и во нивното реализирање, т.е. како практика на теоретската концепција за нивното учество во заедничкиот живот и како вистинска промена на социјалните односи во заедницата. Затоа се вели дека невладините организации се *гласот на народот*, т.е. тие се облик на народна, базна, локална демократија, иако понекогаш критичарите на невладините организации велат дека тие служат за зајакнување на постоечките структури на власта, а не како нивна противтежа.[39]

Во овој контекст е значаен текстот *Демократија, управување и европски невладини организации*, кој претставува обид да се одреди улогата и вредноста на невладините организации како клучен дел од организираното граѓанско општество, но и местото што тие го имаат во развојот на новите форми на управување, особено на европско ниво. Па така во него се вели:

> Конкретно во однос на Европа, значењето на европските невладини организации се гледа во тоа што тие прават богат, различен и моќен прилог кон развојот на европското општество. Европските невладини организации играат важна улога во поврзувањето на јавноста со политичките процеси, но се и клучни актери во градењето на структурираниот граѓански дијалог меѓу граѓаните и владите.[40]

[39] Погледни кај Elise Boulding, *Women in the Twentieth Century World*, John Wiley, New York, 1977, pp. 165-218; за аргументот дека невладините организации само го репрезентираат народот од земјите со многу пари и моќ.

[40] *Democracy, Governance and European NGOs:* Building a Stronger Structured Civil Dialogue - Platform of European Social NGOs, March 2001, <http://www.socialplatform.org/anim/anim.htm>.

Имено, невладините организации ги презентираат јавните интереси наспроти оние кои ги донесуваат одлуките, го осигуруваат развојот и имплементацијата на политиката на Европската унија, помагаат да се редуцира расчекорот меѓу „управувањето" и „управуваните" со подигањето на свесноста со јавната грижа за целите, политиката и за акциите на Европската унија. Уште повеќе, тие можат да ги одмрзнат замрзнатите делови на оваа дихотомија „управување" и „управувани" со охрабрување и овозможување на луѓето да се оспособат и да се вклучат во политичките процеси и одлуки кои имаат влијание врз нивните животи. Во таа смисла, „невладините организации се создадени и составени од активни членови на општеството и придонесуваат во изградбата на општествената солидарност, креирајќи заедници и негувајќи општествена свест", се резимира во овој текст, чиј поднаслов е *Градење на поцврсто структуриран граѓански дијалог - Платформа на европските општествени невладини организации.*[41]

Влијанието и улогата на невладините организации не се огледа само во однос на националните влади, туку и кон мултилатералните институции и односи, како и кон националните и мултинационалните корпорации. Тоа влијание се манифестира на четири начина:

- преку воспоставување на агенди, т.е. свртување внимание на определени прашања;[42]

- преку преговарање за добри исходи;[43]

[41] Ibid.

[42] Невладините организации долго време играа клучна улога во принудувањето на лидерите и на изготвувачите на политиките да обратат внимание на некои посебни проблеми. Па така, на пример, во 1945. година, невладините организации ги вметнаа јазикот и тематиката на човековите права во Декларацијата на ООН и оттогаш ги наметнаа речиси сите поголеми прашања за човековите права во интернационалните расправи и политика. Исто така, активизмот на НВО секторот од 1960. и 1970. година, успешно ги отвори прашањата поврзани со глобалната животна средина и популацијата. Тој го иницираше и овозможи Договорот за забрана на пешадиските мини и покрај негодувањето од САД, за што во 1997. година истите ја добија Нобелова награда за мир.

[43] Невладините организации многу пати им помагаа на владините преговарачи да ги разберат прашањата што тие настојуваат да ги решат. Па така, на пример, во 1990. година, италијанската невладина организација Comunità di Sant'Egidio започна неформални средби меѓу завојуваните страни во Мозамбик кои доведоа до мировна спогодба. За време на разговорите во 1995. година за проширување на Договорот за непроизведување на нуклеарното оружје, невладините организации од неколку земји, кои работеа со јужноафриканската владина делегација, помогнаа во изнаоѓање на компромис кој доведе до ширење на Договорот.

- преку афирмирање на законитоста;[44] и

- преку имплементирање на решенијата.[45]

На тој начин, нивното влијание преку конкретното дејствување доведе тие колективно да го конституираат вториот по големина извор на развојна помош.[46]

Но, дури во 1990. година започна вистинското признавање на значењето и улогата на НВО секторот, особено од страна на ООН.[47] Освен во проблематиката на човековите права, развојот, заштита на околината, па дури и на разоружувањето, невладините организации влијаеја и врз политиката на разрешувањето на овие проблеми преку конкретна активност на теренот во државите од кои потекнуваат, но и на меѓународен план. Поточно, невладините организации го искористија својот консултативен статус, особено при ООН, за да влијаат на различни начини при решавањето на проблемите од доменот на нивните интереси и активности. Нивната активност доведе до тоа да Генералното собрание и останатите органи на ООН ги прифатат резолуциите за разоружување, за развој, за човековите права и за останатите проблеми поврзани со посочувањето на изворите на

[44] Проценката на невладините организации може да биде пресудна во промовирањето или задржувањето на јавната и политичката поддршка. По декадите во кои Светската банка соработуваше само со неколку невладини организации и ги отфрлаше барањата за промени, повеќе од 150 невладини организации во 1990. година зедоа учество во кампањата да се поттикнат поголема отвореност и одговорност и да се охрабри редуцирањето на долговите и развојните стратегии кои би биле поправични и помалку уништувачки за околината. Делумно како резултат на овој притисок, денес речиси половината од проектите на Банката имаат одредба за вклученост на невладините организации, во просек од 6% помеѓу 1973. и 1988. година. Дури и ММФ во 1998. година го промени својот став и однос кон невладините организации. Имено, бордот на директори на ММФ се сретна со неколку водачи на невладините организации за да разговараат за нивните предлози за зголемување на транспарентноста на Фондот.

[45] На теренот невладините организации често го прават она што владите не можат или не се расположени да го направат. Интернационалниот комитет на Црвениот крст, на пример, дистрибуира здравствена грижа на политичките затвореници. Другите групи, како Оксфарм Интернационал, овозможуваат рапидна помош за време и по комплексните хуманитарни катастрофи, со и без партнери од ООН. Има сè повеќе нови предизвици во интернационални размери, а невладините организации сè повеќе го пополнуваат тоа.

[46] Вкупната помош од и низ интернационалните невладини организации до светот во развој, во 1992. година изнесуваше 8 милијарди долари или 13% од целата развојна помош и многу повеќе од целиот износ префрлен од системот на ООН. (*Arrangements and practices for the interaction of NGO's in all activities of the UN system.* Report of the Secretary-General, A/53/170, 10 July 1998)

[47] Еден од првите поголеми важни написи за невладините организации при ООН е оној на Paul Lewis, *Fixing World Crises Isn't Just a Job for Diplomats,* New York Times, April 5, 1992, section 4, p. 4., кој се осврна на невладините организации во контекстот на UNCED Prep.Com.

конфликти. Тие помогнаа да се развијат нови институции и договори на ООН. Невладините организации беа поттикнувачи на вметнувањето на нови прашања во работата на ООН, како што се прашањата за животната средина, за правата на жените и за децата-војници. Тие извршија притисок врз телата на ООН да го постават прашањето за вооружувањето и разоружувањето пред Светскиот суд и имаа значајна улога во создавањето на Меѓународниот криминален суд.[48]

Повратниот ефект од вака оствареното конкретно влијание на меѓународен план е тоа што државите членки на ООН, за да одбегнат меѓународна осуда, сè почесто водат сметка за ставовите на невладините организациите на сопствената територија. Без оглед на тоа кои се мотивите на државите за ваквото однесување и прифаќање на невладините организации, што е квалитативен скок во однос на средината на минатиот век, позитивниот ефект од тоа е што државните институции и оние кои ги користат, сакале или не, сè почесто влечат потези чиј краен резултат е ширење на полето на граѓанската демократија и инволвирањето на секој граѓанин во процесите на политичките и економските разрешувања на развојната линија на сопствената држава, без разлика на религиската, културната, идеолошката или политичката ориентираност, што пак ја покажува суштината и формите на дејствување на невладините организации.

## *4. Суштината и формите на дејствување на невладините организации*

Во современиот свет постојат најразлични области и следствено на тоа, најразлични форми низ кои се изразува нашето дејствување. Низ нив, на пример, во економијата се здружуваме во име на заедничкиот интерес, во политиката настапуваме со визија за подобро уредување и водење на општеството и на човештвото воопшто, во социјалните односи се раководиме од идеалот на слобода и на обединето човештво..., додека во граѓанското општество преку нив го штитиме јавниот заеднички интерес, т.е. ги застапуваме, браниме и проширувааме човековите права и слободи и со тоа оневозможуваме нарушувањето на истите, само заради зачувување на поредокот.

Овие форми на демократско и етичко дејствување се видливи и преку дејствувањето на невладините организации. Според опсегот на работата и доменот на интересирањето на невладините организации постои голем и широк спектар на нивните видови и форми. Терминот

---

[48] За конкретни примери погледнете на <http://www.intractableconflict.ogr/m/role_ngo.jsp>, каде се наведени Резолуциите за забрана на нуклеарното оружје, Договорот за забрана на пешадиски мини, како и за развој на Интернационалниот криминален суд.

„НВО" може да биде присутен секаде. Тој се користи за да опише систем на групи и организации од чија суштина властите или политичарите не ретко се збунети. Тоа е оттаму што постојат невладини организации за спроведувачка и истражувачка политика кои настојуваат да се впуштат во натпревар, расправа и соработка со одлучувачите. Но, има и такви кои себеси се гледаат како „чувари на моралот", како критички дух и очи за тековните настани.[49] Од друга пак страна, постојат и такви невладини организации кои организираат бучни протести и демонстрации, додека други преферираат рационална едукација или „тивка дипломатија" и општествен дијалог. За некои невладини организации се искажува и оценката дека го срамат името што го носат, затоа што имаат реална моќ и дури ги повредуваат граѓанските чувства и права тесно поврзувајќи се со целите на конкретната власт. Некои невладини организации ги поедноставуваат прашањата за широки јавни кампањи, додека други произведуваат детализирани студии за да ги информираат изготвувачите на политичките насоки и решенија. Наспроти ова пак, постојат и такви невладини организации кои дејствуваат сами, додека други работат во коалиција. При тоа, факт е дека невладините организации се најефикасни кога работат заедно, во коалиција, кога ги обединуваат своите ресурси и ги координираат своите лоби напори.[50]

Сепак, не е можно да се направи валидна анализа за формите на невладините организации и на нивните активности и домени на интереси и делувања само преку нивното одредување според категоријата на која ѝ припаѓаат. Може да се направи разлика во активностите, но постојат и такви невладини организации кои често ги менуваат насоките, текот и силината на своите активности или пак дејствуваат само одвреме-навреме во зависност од околностите и потребите кои се појавуваат ад хок. Најсеопфатна основа за разликување на невладините организации е ако ги разликуваме според операционалната и кампањската активност. Ова може да биде разбрано како избор на невладините организации во нивната активност помеѓу мала сомерлива промена постигната директно низ проектите и големата зацелена промена реализирана индиректно преку влијанието врз политичкиот

[49] *A Global Guide:Working with NGO's, Business and Sustainable Development*, <http://www.bsdglobal.com/ngo/roles.asp>.

[50] Одличен пример за тоа се: *НВО мрежата за животна средина и интернационална економска политика*, која овозможува невладините организации да ги координираат своите акции во многу земји преку многу интернационални конференции и преговори. *Третата светска мрежа*, основана во Малезија, особено активно се ангажира за широк ранг на прашања за политиката. Постојат широки национални мрежи, како што е филипинската *Коалиција за слобода од долгови* и германската *НВО мрежа за животна средина и развој*. Постојат и регионални мрежи, како *АРЕНА - Азиска регионална размена на нови иницијативи,* или *Континенталната мрежа на американските домаќинки,* или *АФРОДАД - Африканска мрежа за долгови и развој.*

систем. Затоа, сега како најефикасен начин за разликување на истите се прецизните податоци за различните варијабли: број на вработените со полно работно време, број на членовите и начинот на финансирањето на годишниот буџет (кои ги даваат параметрите за големината на секоја невладина организација). Но исто така, при разликувањето и одредувањето на значењето на невладините организации влијаат и податоците кои се добиваат од јавните анкети и истражувања за степенот на влијателноста и поддршката што ја има некоја невладина организација или нејзините цели, преку што се определува и колкава е нејзината ефективна политичка сила, степенот на влијанието, но и за евентуалните можни промени во рамките на општеството во кое дејствуваат. Но, исто така, при одредувањето и разликувањето на невладините организации треба да се води сметка и за субјективните варијабли, како што се професионалните вештини, знаењето и искуството на персоналот и слично.

Од друга страна, веќе се знае дека невладините организации генерално дејствуваат во името на општото јавно добро, т.е. ги заштитуваат граѓанските права и интереси во рамките на системот. Па затоа, една од основните цели на нивните активности е со ненасилни методи да се постигне, на пример, почитување и ширење на полето на човековите права и слободи, елиминирање и спречување на секој вид на дискриминација, подобрување на животната заштита или системски реформи во функционирањето на државата. Оттука и широкиот спектар на вредностите застапувани од различни невладини организации. Тоа доведува до таму да тие се и бидат прогресивни и говори дека истите во своето дејствување оперираат со многу разновидни методи и цели, а согласно со тоа, и на различни полиња и со различен опсег на дејство и резултат. Затоа, активностите на НВО секторот може да ги анализираме на три различни нивоа: микро-политика, макро-политика и нормативна-легислативна регулатива, при што некои кампањи иницирани од НВО секторот се базираат на комбинацијата од трите.[51]

Иако интернационалните НВО активности стануваат сè почести и се стабилизираат како такви, најголем број невладини организации оперираат внатре во државата и често функционираат во и според локалните околности и потреби на конкретната средина во која се одвива нивната активност. Поради ваквата условеност при конкретните активности, некои од нив се организации за правна помош кои обезбедуваат услуги, додека другите, како

[51] Ваков пример имаме во случајот на Мрежата на различити невладини организации кои се спротивставија на употребата на нуклеарното оружје. Комбинирајќи ги овие три методи успешно изнесоа важен случај пред Светскиот суд во 1996. година за законитоста на нуклеарното оружје. За невладините организации тоа беше победа во арената на микро-политиката. Благодарение на пошироката основа на целите на кампањата, тоа имаше ефект и на макро-политиката и нормативната регулатива.

трговските комори, се грижат за одбрана на тесно дефинираните интереси, а третите, како здруженијата за подобрена комуникација, ги промовираат граѓанските доблести и вредности или се залагаат за подобрување на квалитетот на живеењето на заедницата и подигање на етичките вредности, не само во неа, туку и на ниво на севкупното општество. Како последица од ова пак, многу невладини организации, какви што се оние кои работат на промовирање, заштита и унапредување на човековите права, слободи и социјалната правдина, покренуваат кампањи со повисоки цели и идеали.[52]

На полето на интернационалните односи, експертите денес зборуваат за невладините организации како „недржавни актери“. Иако овие организации имаат само неколку формални моќи над интернационалните процеси на донесување одлуки, сепак постигнале многу успеси. Во последните години тие успешно ги промовираа новите договори за животна средина, значително ги зајакнаа женските права и извојуваа значајна победа со воведување на дополнителни мерки во контролата на вооружувањето и на воведување на дополнителни мерки за разоружување, придонесоа за подобрување на правата и благосостојбата на децата, на лицата со пречки во развојот и на лицата со посебни потреби, на сиромашните и друго.[53] Кога станува збор за ова, особено треба да се одбележат активностите на невладините организации регистрирани при ООН, кои досега постигнаа голем напредок и достигања во однос на ширењето на мирот и на демократијата, како и во разрешувањето на регионалните конфликти и за многу други проблеми, како што се човековите права, животната средина и правата на жените.

Со еден збор, слободно може да се заклучи дека на интернационално ниво, илјадници од овие организации се активни. Според една проценка, околу 25.000 организации во светот, во моментов, се квалификувани како невладини организации (со програми и филијали во бројни земји), т.е. многу повеќе од 400-тините постоечки во претходниот век.[54] Некои аналитичари веруваат дека овие успеси резултираат од зголемената глобализација и од притисокот на обичниот граѓанин за контрола и регулирање на светот на

---

[52] Paul A. James, *NGO's and global policy-making,* <http://www.globalpolicy.org/ngos/analysis/anal0.htm>.

[53] Како пример за ова може да послужи Монтреалскиот протокол за супстанцијално трошење на озонската обвивка од 1987. година кој беше донесен благодарение на активностите на невладините организации кои се занимаваат со животната средина. Втор пример е движењето на *Интернационалната кампања за забрана на пешадиските мини* кое беше една НВО коалиција која успеа да избори Договор за забрана на пешадиските мини (1997). Но, тоа не се единствените примери.

[54] Amnesty International, на пример, има повеќе од милион членови и има филијали во повеќе од 90 земји. Интернационалниот секретаријат, со седиште во Лондон, има персонал од 300 членови, кои спроведуваат истражувања, ги координираат ширум светот распространетите лобирања и одржуваат импресивно присуство во многу интернационални институции и конференции.

наднационално ниво и тоа преку ефективното користење на Интернетот, што овозможува глобална мобилизација на невладините организации, но и на секој граѓанин, независно од членството.

Па така, нема сомневање во оправданоста на заклучокот дека НВО секторот, кој е само една форма на дејствување во современиот свет, претставува облик на дејствување со многу широк спектар на активности кои ги спроведуваат најразлични видови невладини организации. Станува збор за форма која се базира врз застапувањето, одбраната и проширувањето на човековите права и слободи. Тоа е нивната суштина, темелот на нивното етичко дејствување и последица. Тоа ја докажува и потребата од повторното воспоставување на корелацијата политика-етика и обратно, на политичките дејства и етичкиот критериум. Оттука, основните функции на невладините организации се заштитата, унапредувањето и проширувањето на човековите права и слободи, а суштината на дејствувањето и на преземените активности на невладините организации се огледа, пред сè, во идејата и во напорот човековите права да се шират во разни области и севкупно во светот. На тој начин се изразува основната идеја за слободата на личноста и на разните групи, како и нивното сè пошироко поле на дејствување и влијание денес. Како резултат на тоа, дејствувањето на невладините организации е инспирирано од етиката, како основа за секој вид активност, но и како форма на дејствување на нивните активисти. Ова пак, во практика, го потврдува големото значење, улога и влијание што невладините организации го имаат денес како коректив, и на локален, и на меѓународен план. Како што истакна поранешниот Генерален секретар на ООН, Кофи Анан, овие организации се *свест за хуманоста*, самата совест.

Денес невладините организации на сите им укажуваат за важните прашања и оперираат практично во секој дел од Земјината топка со цел да ги поддржат граѓанските иницијативи, да го олеснат развојот на граѓанското општество и на демократијата, како и да ги заштитат и унапредат високите современи етички втемелени и одредени вредности на граѓанинот, како дел од општеството без кој тоа не може да опстане.

## *5. Основните карактеристики и структура на невладините организации*

Веќе неколку пати е нагласено дека постои широк дијапазон на активности на невладините организации преку кој конкретно можат да се согледаат и видовите и формите на истите, како и нивната структурна организација. Но, за да се согледа сето ова, нужно е да се напомене и дека постојат неколку, особено важни, карактеристики кои се заеднички за речиси сите невладини организации:[55]

[55] *What is NGO?*, NVO Centres from Latvia, op. cit.

1. Невладините организации се јавуваат и функционираат по барање на група луѓе-граѓани кои ги идентификуваат своите заеднички потреби и интереси во заедницата на која ѝ припаѓаат. Притоа, граѓаните се организираат за да пресретнат одредени потреби кои властите не се во состојба да ги задоволат од разно-разни причини.[56]

2. Невладините организации имаат организациона форма и одредено ниво на внатрешна хиерархија, а за разлика од овие, постојат и неформални невладини организации. Во овој контекст, дефиницијата за невладините организации ги вклучува и двете - и формалните и неформални организации. Единствено ги исклучува привремените групи луѓе кои се собрани заради одредена цел и кои немаат реална структура и организациски идентитет. Доколку не се води сметка за оваа карактеристика на невладините организации би можеле да добиеме слика за нив дека се нешто нејасно, неодредено, привремено и неопипливо.

3. Тие по својата природа се цивилни организации, т.е. тие се одвоени од јавната администрација. Тоа не значи дека невладините организации не можат да ја користат државната поддршка или дека не можат да имаат претставници од јавните институции во своите управувачки тела. Пресуден фактор е дека структурата на невладината организација е од цивилна природа.

4. Во поголемиот случаи, невладините организации за реализирање на своите цели зависат од донациите. Изворите на донирање можат да бидат од заедницата (доброволни прилози), од локалните бизнисмени (донации), од властите-државата или од странска влада, фондации и бизнисмени. Притоа, за да можат да ги остварат своите зададени цели, преку ваквиот начин на обезбедување на средства, тие ја задржуваат својата независност од државата и ја исполнуваат обврската и понатаму да ги застапуваат интересите на оние заради кои и постојат - граѓаните.

5. Тие, своите приходи не ги делат како профит. Невладината организација може да има свои приходи и преку одреден вид на економски активности, но останува непрофитабилна само доколку приходите ги користи за реализација на своите активности без остаток. Оттука е јасно дека невладината организација е цивилна-граѓанска организација чија примарна цел не е поврзана со правењето профит.

6. Иако се подразбира дека невладините организации генерално се непрофитабилни, некои од нив се и профитни, но го задржуваат статусот на невладини организации доколку не се директно под контрола на властите

[56] Ова особено се случува во угнетувачките-диктаторски режими. Во земјите од Јужна Африка, особено во времето на апартхејдот, кога владата ја држеше расистичкото бело малцинство, дискриминираното и угнетувано црно мнозинство од граѓаните се организираше да ги задоволи потребите за кои владата не беше расположена да излезе во пресрет.

или државата од која потекнуваат.[57] Сепак, најцелисходно е невладините организации да се дефинираат како оние организации кои исполнуваат функции од некој вид на јавен интерес или чија цел е некое јавно добро или подобрување на квалитетот на одреден сегмент од јавниот живот, а што укажува на фактот дека индивидуалните или комерцијалните интереси се спротивни на нивниот принцип на дејствување и цел на постоење.

7. Не сите невладини организации соработуваат со приватниот бизнис сектор. Некои преферираат да останат на дистанца, набљудувајќи, протестирајќи и критизирајќи го истиот. Едновремено, многу од нив покажуваат подготвеност да посветат дел од својата енергија и ресурси да соработуваат и влијаат врз приватните бизниси, со цел да се постигне заедничка социјална одговорност.[58]

8. Тие се саморегулативни и автономни, т.е. организациите самите си ги контролираат своите активности, со што ја задржуваат својата автономност и независност. Невладините организации имаат свое сопствено управување кое не зависи од јавната администрација.

9. Невладините организации се волонтерски организации, но само под услов ако се задоволени следниве предуслови: прво, сите учесници волонтери-доброволци треба да бидат вклучени во активностите и во управувачката структура, и второ, дека таквото учество е на доброволна база без принуда со законска регулатива.

Во однос на структурата, невладините организации можат да бидат локално хиерархизирани, во рамките на една држава, или глобално, со релативно строг централен авторитет или со нешто послободно уредување по принцип на федерација на организации. Алтернативно, тие можат да бидат засновани во поединечна земја, но тоа не ги спречува да оперираат и на наднационално ниво.

Со подобрување на комуникациските можности во светот и размената на информациите, сè повеќе локално основани групи кои се нарекуваат народни, основни организации или организации основани во заедницата, станаа активни на национално, па дури и на глобално ниво, што се остварува преку формирање, прво, на локални коалиции, а подоцна и на меѓународни. Од ова пак настанува т.н. *Невладин интернационален чадор* кој овозможува институционална структура за најразлични видови невладини организации.

Постои уште еден облик на организирање и поврзување на невладините организации во рамките на една држава или на меѓународен план и тоа преку т.н. *Мрежи за слободно избрани прашања*, што подразбира

---

[57] Дефиницијата на Светската трговска организација за тоа што е невладина организација е доволно широка за да ги вклучи и индустриските лоби групи, како што се *Асоцијацијата на швајцарски банкари* и *Интернационалната трговска комора*. Ваквите широки дефиниции имаат и свои критики.
[58] Jem Bendel, *The meaning of the NGO*, <http://www.bsdglobal.com/ngo/roles.asp>.

поврзување и организирање на невладините организации околу конкретна заедничка цел или кампања според принципот на заеднички интерес и идентичност во методите на разрешувањето на зададената цел.

Да споменеме и уште еден начин на групно организирање и поврзување на невладините организации, а тоа е формирање на *Заеднички одбори*, со цел лобирање на меѓународните и локалните државни конференции кои се однесуваат на прашања дефинирани како со Декларацијата за човековите права на ООН, така и за тематски меѓународни конференции како што се: заштитата на животната средина, разоружувањето, дијалогот Север-Југ, економскиот развој и слично.

Постои разновидност во внатрешната организациона структура на невладините организации. Класичниот модел е членска организација во рамките на една географска целина-држава, па според тоа и хиерархијата е така поставена. Индивидуалците работат поделени во локални групи кои се координирани прво на регионално ниво и имаат свои централни штабови во главните градови во државите во кои дејствуваат. Ваквите организации кои делуваат на ниво на целата држава се нарекуваат *Национални невладини организации*. Овие национални невладини организации се здружуваат во *Интернационални невладини организации* - ИНВО, кои можат да бидат составени од регионални групи од земјите и можат да бидат покриени од глобално тело. Но, многу земји се премногу мали за да имаат провинцијални структури.

Помалите специјализирани невладини организации не формираат локални гранки, туку членството по автоматизам се запишува на национално ниво. Тоа пак не значи дека, за да се биде член во некоја невладина организација, нужно прво мора да се биде член на национално ниво. Поточно, одреден број на невладини организации се интернационално организирани и членовите во нив се запишуваат директно. Но, поради фактот што големите интернационални организации често изгледаат релативно далечни и затоа привлекуваат мало внимание, ваквите организации сè почесто се ориентираат кон локални ограноци. Сепак, и кај таквите глобални организации, чие членство достигнува милиони, принципот на демократичност го задржуваат и го остваруваат во процесите на донесувањето и одлучувањето за целите и методите на политиката на истата преку директна консултација или по принципот на прилагодување на својата политика за остварување на целите според локалните услови во кои дел од членството треба да делува. Демократичноста во ваквите организации, кои имаат меѓународна хиерархија на одлучување и активности, се задржува и преку директни избори за клучните места на локално-национално ниво, како и на глобално-меѓународно ниво.

Разгледувањето на организационите структури на локално и меѓународно ниво, како и облиците на поврзувањето на невладините организации, независно од целта или полето на нивното дејствување и

методите кои ги користат за реализација на зададената цел, е поради тоа што е нужно да се укаже на фактот дека:

- ниту една невладина организација, независно од бројноста на членството, не може да опстои и да ги оствари своите цели доколку не се придржува до претходно набројаните принципи според кои ќе го заслужи квалификативот невладина организација;

- ниту една невладина организација не може да ја исполни својата цел на постоење доколку не се вклопи во сеопштите настојувања и процеси за демократизација на општеството на кое му припаѓа и во рамките на кое сака да припаѓа и доколку не сфати дека само со заедничко работење-кооперативност со другите во општеството, вклучувајќи ги и властите, може да придонесе кон создавањето на она што е и цел на секоја невладина организација - градење на реално граѓанско општество втемелено врз несомени етички вредности;

- ниту една невладина организација не ќе го заслужи таквиот квалификатив доколку не сфати и во текот на своето дејствување и во одбирот на методите преку кои ќе дејствува и делува, себе си не се постави во функција на коректив на етиката на државата-властите и нејзините органи, што пак подразбира дека таа секогаш и секаде мора да одбира и да применува такви начини на работење, кои, не само што ќе ја исполнуваат ваквата нејзина функција, туку и на останатото граѓанство кое не е вклучено во нејзините активности, ќе му понуди нови етички вредности и ќе му отвори ново поле за себе-доостварување како активен чинител во изградбата на реалното граѓанско општество;

Набројувањето на овие услови, како и на претходно споменатите, е за да се подвлече фактот дека терминот „невладина организација" не значи неучество во власта, туку активитет втемелен врз несомнени етички вредности за да се постигне основната цел на секое граѓанско општество - властите и државата да бидат сервис на граѓанинот, а не граѓанинот да биде извор на одржување на системите.

Сходно на претходново, сосема е јасно дека, без оглед на тоа дали невладините организации имаат локален или национален карактер, врз вака втемелени принципи на работа стануваат и глобален фактор, бидејќи со доследното придржување кон основните етички вредности и настојувањето да се изгради реалното граѓанско општество во една држава нудат и одговор за многуте прашања пред кои денес е исправен светот. Попрецизно кажано, со самото тоа, не само што се глобален фактор со политичка последица, туку тие стануваат и начин на живеење и размислување кој овозможува развивање на таков тип на свест на глобално ниво, независно од религиската,

политичката, културолошката... припадност, дека без соработка, меѓусебна толеранција, разбирање и дијалог, нема свет кој ќе биде глобално граѓанско општество втемелено врз основаната цел на сечие постоење - создавање на таков тип на етика во општеството која ќе го ослободи светот од опасноста од самоуништување.

# III. ЕТИЧКИОТ АСПЕКТ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Независно од целта или полето на дејствување, она што може да се изведе како заеднички именител на сите невладини организации е фактот дека со она за што се залагаат ја покажуваат својата етичка определба, а во зависност од степенот на остварувањето на она за што се залагаат воедно исполнуваат и една своја темелна функција во создавањето и градењето на реалното граѓанско општество - заштита и ширење на основните човекови права. Но, за да се разбере ваквата нивна функција, неопходно е претходно да се дефинира и самиот поим „човекови права“.

За да се дефинира поимот „човекови права“ најпрво треба да се дадат одговори на неколку прашања. Првото прашање е дали извесни права „природно“ им припаѓаат на сите луѓе со самото тоа што се човечки суштества? Ако е така, повеќето од нас „по инстинкт“ сметаат дека луѓето треба да бидат слободни во своите постапки. Со тоа доаѓаме до прашањето: дали слободата да се прави она што се сака во даден момент и во дадени околности е право на секој човек што тој го стекнал со самото раѓање, без оглед на тоа што неговата слобода во однесувањето се коси со истата таа слобода на случајниот минувач?

Претходново значи дека човековите права мора да се набљудуваат низ призма на организираното општество, каде опстанокот на луѓето зависи од постоењето и од почитувањето на определени правила за одвивање на заедничкиот живот. Понекогаш тие правила имаат морална природа и зависат од личната или од колективната свест за тоа што е добро, а што зло, но понекогаш тие се обичајни и настануваат со едноставно повторување на определено однесување, што во традицијата на заедничкиот живот се покажало како корисно за развојот на заедницата.

Во современите општества доминираат пишаните правила на однесување, при што, за да ја разбереме природата на човековите права во целост, потребно е и да направиме дистинкција помеѓу правата што извираат од законските права и на правата според моралните вредности и норми кои понекогаш можат да бидат во судир со законските одредби зависно од општественото уредување.

Правата, кои произлегуваат од законската регулатива, се пропишани со правото и на прв поглед изгледа дека тие, без оглед во кој вид на акти се содржани, претставуваат ограничување на слободата на луѓето, од едноставна причина што нивното почитување подразбира воздржување

од правење нешто што во отсуство на тие правила може да биде направено. На тој начин, правното регулирање на основните слободи и права има посебна функција да обезбеди коегзистенција помеѓу одделните слободи и права на поединецот со истите слободи и права на другите поединци, членови на општествената заедница. Тоа е цената што мора да се плати за да може слободата на секој поединец во општеството да се усогласи со истата слобода на другите поединци и секоја од нив да се оствари на еден неконфликтен начин. Ваквото одредување на правата според позитивното право и нивната функција - ненарушување на туѓата слобода за сметка на сопствената - се однесува на правните системи на демократски втемелените општества. Оваа дистинкција е со цел да се укаже и на фактот дека, за жал, сѐ уште постојат правни системи чија функција е заштита на самиот систем на државата, без оглед на тоа до кој степен со тоа се негираат дури и темелните човекови права.

Од друга страна пак, освен правата втемелени на позитивното право на демократските втемелени општества, постојат и права кои не секогаш се вклучени во легислативата или се регулираат со неа. Станува збор за моралните права. Поточно, правата кои секоја единка ги има и треба да ѝ се овозможи општествен простор и слобода да ги остварува врз база на моралниот вредносен систем на општеството на кое му припаѓа. Докрај појаснето, овде станува збор за оној вид на морални вредности кои се темелат врз вредностите на реалната етика, сфатена како универзална етика, т.е. станува збор за оние права кои нужно се дел од човековото право на слободен избор, при што не смее да се доведе во прашање ниту моралот на општеството, а уште помалку моралот на секој граѓанин.

Вака сфатените и втемелени права се онаа основа врз која се темелат законските права во демократските општества, од една страна, додека пак од друга страна, тие истовремено служат и како корректив, но и како патоказ за понатамошниот развој на позитивното право. Како доказ за ова тврдење доволно е да се погледнат сите расположливи коментари, текстови, извори, во кои сосема јасно и гласно, благодарение на развиеноста на граѓанската свест за улогата на моралот и неговиот вредносен систем, сѐ повеќе се инсистира на тоа законските решенија да бидат втемелени и одредувани според моралниот аксиолошки и етички вредносен систем, а сѐ помалку законските решенија да обезбедуваат спроведување на моралот. Ваквото сфаќање и влијание на моралот врз законодавството на секоја демократска држава доведе и до тоа бројот на личните права на единката не само што се во доволна мера заштитени, туку и бројот на сеопштите човекови права се зголемува. Ваквата втемеленост на законодавството и одредување според моралните и етичките вредности е оттаму што и граѓаните и граѓанската свест, но уште повеќе и свеста за она на што треба да инсистира секоја невладина организација, без оглед на полето на дејствување, е да обезбеди

такво почитување на слободата на единката и на темелните човекови права што ќе доведе до тоа слободата да стане и она што е - врвна етичка вредност по својата суштина. А станува врвна етичка вредност во мигот кога секој граѓанин, користејќи ги своите темелни човекови права, својата слобода не ја користи да стане нечија неслобода.

Така доаѓаме до еден вид дефиниција, согласно која *човековите права се основни права и слободи според кои сите луѓе се сметаат за овластени на правото: за живот, слобода, еднаков третман пред законот, еднаквост меѓу другите...*[59] Тие се пропишани како „природни" права, што значи дека не се стекнати и не можат да бидат негирани врз основа на раса, вера, малцинство или пол.[60] Овие права често се изложени како легални права и заштитени со владеењето на законот. Сепак, тие се посебни пред законот и можат да бидат употребувани како стандарди за формулирање или критикување на локалните и на меѓународните закони.

Согласно сето претходно, сосема е јасно дека дефинирањето на терминот „човекови права" се врши според три основни реални етички вредности.

> *Прво*, човековите темелни права се сметаат за универзални права затоа што нивното почитување е еден од најважните фактори за надминување на разликите кои постојат меѓу луѓето на културен, социјален, економски или било кој друг план.
>
> *Второ*, тие се сметаат за природни или општи права затоа што им припаѓаат на сите луѓе, независно од нивните природни својства или социјален статус, на целиот човечки род со самото тоа што тие се човечки суштества.
>
> *Трето*, тие се сметаат за морални, затоа што, независно дали преку домашните устави и закони одделни земји им ги признаваат на своите државјани, тие им припаѓаат и на тие луѓе, бидејќи се гарантирани со меѓународното право за човековите права.

Оттука за нив може да се говори и како за колективни права затоа што можат да се изборат од човекот како поединец, а во исто време и како припадник на една група луѓе или на една цела социјална структура. Во оваа смисла, тие ги презентираат овластувањата на поединците или на група граѓани во однос на властите, како и одговорностите на индивидуалните и на владините авторитети.

Затоа може да се заклучи: *човековите права се универзални, морални и општи или природни, етички втемелени и одредени права.*

---

[59] Michelle Maiese, *Human rights protect*, <http://www.intractableconflict.org/m/human_rights_protect.jsp>.

[60] David Little, *Universality of Human Rights*, <http://www.usip.org/research/rehr/universality.html>.

## *1. Развојот на идејата за човековите права до денес и меѓународните инструменти за нивна заштита и остварување*

Обидот за дефинирање на поимот и значењето на човековите права ја наметнува потребата од разгледување на историскиот развој на човековите права и тоа во смисла на идеја, во значење на теорија и во контекст на реалност преку меѓународните механизми за нивна заштита. Оттука можеме да кажеме дека *идеја за човековите права* се роди и се развиваше, пред сè, во рамките на севкупната европска цивилизација, а потоа и пошироко. Таа се појави, формира и развива под влијание на трите клучни фактори: античкото сфаќање за демократијата и природните права, римската правна доктрина и христијанската етика.[61] Историски, нејзиниот развој е поврзан со развојот на *доктрините за човековите права* каде, согласно методот на теориско испитување, ја наоѓаме во традиционални теории на природното право, како и во современи теории за човекови права.

Античката философска и правна мисла го познава и признава поимот „човеково право" во смисла на праведност и закон, а сосема малку како овластување на субјектот.[62] Ваквото сфаќање на правата и правото не е само поради нивото на развиеност на граѓанските односи и системот на градови-држави, туку повеќе е последица на потребата на истата таа философија и правото втемелено врз нејзините сознанија да ги изрегулира и оправда моралните сфаќања на времето од кое произлегува. Поточно, имајќи го предвид фактот дека без оглед на тоа што античката философија ни понуди сознанија за несомнени етички вредности кон кои треба да се стремиме како граѓани, сепак таа во античките држави беше аплицирана на начин, кој овозможуваше градење на такво граѓанско уредување во кое робовладетелството е нешто што не се доведува до прашање дали е или не е етично. Уште повеќе, истата таа философија, во голема мерка, даде и оправдување за негирањето на правата на жените, децата, странците, робовите...

Развојот на историјата, а со тоа и на производствените и општествените односи, несомнено, заради подигнувањето на економското ниво на живеење, како и појавата на новите народи и цивилизации, култури и религии, почна да ја менува свеста за темелните човекови права што на крајот резултираше со првата вистинска појава на теориите за природното право во Средниот век како обид не само за да се најде излез кон подобар,

[61] Цветан Цветковски, *Човекови права*, Книга 1, Каритас, Скопје, 1999, стр. 19.

[62] Во европското право постојат два различни контексти на поимот „право" и тоа како разликување на објективно и субјективно право. Идеален пример за ова е англосаксонското право во кое постојат два засебни термина за ова. Кога се зборува за правото во објективна смисла, тоа се нарекува law (закон), а кога се говори за правото во субјективна смисла, тогаш се користи терминот right (право-исправно).

почовечен живот, туку повеќе како резултат на потребата да се разрешат новонастанатите односи како последица од цивилизацискиот економски растеж. Па така, првите традиционални теории за човековите права како природни права се создадени во периодот на Средниот век и истите почиваат на средновековното европско правно мислење, втемелено врз важечките теолошки доктрини.[63] Согласно сознанијата до кои доаѓа Ричард Так, за нивното создавање и развој значајни се два периода на Средниот век: раниот среден век кога за прв пат се појавува концепцијата за субјективните права, како и времето на развиениот среден век кога се појавува првата теорија за природните права.

> Првата концепција на правото како овластување на субјектот е содржана во списите на правниците - толкувачи на Corpus juris civilis од Болоња кои повторно го откриле „Дигестот" - големата збирка извадоци од списите на старите римски правници поделена според книги, наслови и параграфи приредени од царот Јустинијан - и ја создале средновековната наука за римското право во 12-от век. Првата вистинска теорија за природното право се јавува во развиениот среден век во делото на францускиот номиналист и посредник Jean Gerson под наслов "De vita spirituali animae", од 1402. година, која почивала на теологијата за која е важно верувањето дека човековиот однос кон светот концептуално е ист како и односот кон Бога. Истата е доминантна во 15-от век и првите дваесеттина години од 16-от век кога е срушена од страна на протестантите.[64]

Резултат на овие напори од Средниот век, е појавата на првите документи кои имаат сила на задолжителни закони. Овие документи, иако рудиментирано и селективно, ја започнуваат пишаната историја за реализација на идејата за човекови права. Прв документ е *Голема повелба на слободата (Magna carta libertatum)* која потекнува од Англија од 1215. година, најстар, а со некои одредби и сè уште важечки документ на британскиот и на американскиот правен систем. Таа се смета за почеток на процесот на кодификација на човековите права, зашто со неа се ограничува власта на кралот и се создаваат основите за граѓанскиот статус на поданиците.

И од приложениот цитат и од претходниот коментар, сосема е јасно дека ваквите зачетоци на теориите за природните права на човекот секогаш биле и се одредувани и ограничувани од религиската припадност, како и од потребата да се обезбеди таков вид на владеење кој на оној кој владее ќе му даде право да решава за сите останати според сопственото убедување. Попрецизно, целиот правен систем, втемелен на ваквите

[63] Richard Tuck, *Natural rights theories: Their origin and development*, Cambridge University Press, Cambridge, 1979, pp. 2.

[64] За ова поопширно види кај Miomir Matulović, *Ljudska prava: Uvod u teoriju ljudskih prava,* Hrvatsko filozofsko društvo, Zagreb, 1996, str. 24-34.

теории за природното право на човекот, до почетоците на Ренесансата, се карактеризираат со норми чија основна цел не е толку давање право, колку оправдување и заштита на своето религиско убедување.

Епохата на Ренесансата, како своевидна цивилизациска револуција на свеста, ги дава неопходните импулси за натамошниот развиток на идејата за човековите права преку создавање на неопходните претпоставки на различните учења за природното право кои се јавуваат кон крајот на 16-от век и имаат превласт во 17-от век. Основната карактеристика на школите на природното право е промената на начинот на мислење во поглед на државното устројство на односот помеѓу државата и поединецот. Со тоа, одговорите на прашањата за карактерот и функцијата на законите што владеат во човековиот општествен живот започнуваат да се бараат во самиот човек и во неговата природа.

Иако не се согласуваат во сè, сите школи и теоретичари на природното право имаат иста главна идеја, а тоа е дека, пред да се организираат како општество, луѓето живееле во природата и им се покорувале единствено на законитостите што ги наметнувала природата. Оттаму, основните права што произлегувале од тие законитости биле неспорни, а тоа се *правото на секој човек на живот, на слобода, на еднаквост и на сопственост.* Овие четири права, со време стануваат камен-темелник на либералната концепција за човековите права. Еден од првите и најзначајни претставници на ваквата концепција е Томас Хобс, кој нуди решение преку сопствената верзија на етичкиот релативизам во категориите на политиката. Во неговото најзначајно дело „Левијатан“ од 1651. година, тој вели дека луѓето, вратени кон својата природа, ќе увидат како законот на природата им налага да се откажат од своите права на приватен суд за она што поттикнува опасност по нивниот живот и ќе го прифатат судот на суверенот.[65]

Во однос на вториот елемент на овие школи за природното право се говори за теоријата за општествениот договор. Во тој контекст, втор од поважните застапници на теоријата за природните права во 17-от век е Џон Лок со неговото дело „Две расправи за владата“, дело од посебно политичко-историско значење, кое е настанато како одговор на трудот “Patriarcha” на Роберт Филмер и претставува клуч за разбирање на критиката која ја упатил Лок кон апсолутната и самоволната монархија, тврдејќи дека владетелите своите права не ги темелат на основа на од Бога даденото право да владее, туку на основа на договор меѓу луѓето. Во него тој ги изложил своите идеи за природниот закон и природните права, т.е. за еднаквоста и слободата на сите луѓе. Истите идеи од неговите дела подоцна станаа водечки идеи на американската и француската револуција.

Според оваа теорија, во текот на човековиот развиток, луѓето, напуштајќи го животот во природата, влегуваат во нов вид на односи од кои

[65] Поопширно види кај Miomir Matulović, op. cit., str. 35-51.

настануваат темелните рамки на организираното општество. Тоа е факторот кој го менува контекстот во кој тие ги реализираат своите природни права. Во процесот на формирањето на општеството, луѓето нужно меѓу себе склучуваат „општествен договор" со кој се уредуваат условите за заеднички живот во општеството и обврските на секој кон истото. Главната точка на договорот е дека заштитата на природните права на поединецот во услови на живот во организирано општество бара создавање на една надворешна сила - власт или држава, на која членовите на заедницата-општеството му ги предава управувачките функции, а во замена добива заштита на граѓанските права на живот, слобода, сопственост и еднаквост пред законот, при што луѓето не се откажуваат од своите природни права, туку само добиваат формална гаранција дека тие ќе бидат почитувани и заштитувани од страна на државата.[66]

Овие теории едновремено се развиваат во услови на радикални промени во општествената реалност. Кон крајот на 17-от век Англија станува сцена на реално проширување на граѓанските слободи. Нивниот формален израз се двата клучни историски документи: *Habeas Corpus Act* од 1679. година и *Повелбата за правата (Bill of Rights),* од 1689. година. Втората, претставува формален израз на победата на англиската буржуазија против кралскиот апсолутизам на Стјуартите. Првобитно, таа претставувала само *Декларација за правата* што ја прогласиле противниците на Стјуарт, а подоцна Парламентот и новите владетели Вилијам III Орански и Мери ја прифатиле, со што таа и формално добила сила на закон. „Повелбата за правата" и денес е дел од позитивното право инкорпорирано во англискиот правен поредок и претставува извор на основните принципи на англискиот Уставен закон.

Понатамошен развој на идејата за човековите права бележиме и во 18-от век низ делата на Томас Пејн, кој главно не се смета за значаен теоретичар на природните права, туку за великан, кој верувајќи во силата на разумот, истата вера ја искажал преку активното учество во двете револуции и станал првиот „професионален револуционер", т.е. неговите дела: "Common Sense", од 1776. година, како најзначајна брошура на Американската револуција од која подоцна Џеферсон презема одреден број ставови во изработката на американската Декларацијата за независност, како и делото "The rights of man", од 1791/92. година, кое е напишано како одговор на говорот на Едмунд Берк против Француската револуција во Долниот дом во англискиот Парламент, дело кое претставува најпозната одбрана на Француската револуција, т.е. нејзин прирачник. Во нив тој го критикувал и отфрлил монархистичкиот облик на владеење застапувајќи се за републиканскиот и принципот на застапничка демократија и го изложил

[66] Оваа теорија за општествениот договор во 18-от век ја презема и развива Жан Жак Русо.

првиот нацрт на државната заштита. Имено, како што наведува Драгољуб Миќуновиќ:

> Пејн заклучил дека не само што монархијата е смешна и апсурдна, туку и дека републиката мора да се гради на начелата на разумот кој што сведочи дека луѓето се слободни и рамноправни по раѓање и дека изворот на секоја власт мора да биде во слободно изразената волја на слободните и разумни битија.[67]

Значајно за развојот на идејата за човековите права која ја промовира Пејн е што се случува во втората половина на 18-от век, во време на двете револуции кои го означија почетокот на новата епоха на развиток на човековите права, т.е. преминот на човековите права од идеи во општествена стварност. Имено, се работи за Американската и Француската револуција[68] во кои учествувал и самиот Пејн.

Во текот на борбата против својата дотогашна метропола, Англија, северно-американските колонии, во 1776. година ја објавуваат *Едногушната декларација за независност на тринаесетте соединети држави на Америка*. Американската Декларација за независност од 1776. година (чиј идеен творец е Томас Џеферсон) ги признава како неотуѓиви правата што се вклучени во списокот на природни права.

Француската *Декларација за правата на човекот и граѓанинот*, од 1789. година, пак, претставува најголема придобивка на Големата француска буржуаска револуција. Нејзиниот текст претставува непосредна инспирација за сите подоцнежни уставни гаранции за слободите и правата, насекаде во светот, како и за гаранциите во сите универзални и регионални меѓународни инструменти за унапредување и заштита на човековите права. Општа констатација е дека тоа е најпознатиот политичко-социјален документ кој речиси 200 години влијаеше на развојот врз општите етички, политички и општествени идеи и процеси во светот. Како што смета Кирил Темков:

> Нејзините одредби за природните права што му припаѓаат на секој човек, нужноста од нивно чување како основа за добар личен и социјален живот и визија на соодветната организација на општеството што нив ќе ги чува и ќе ги унапредува, се основа на граѓанскот живот, политичката дејност и на етичките концепции на современиот свет. Со неа се искажани определбите за слободата и за слободното дејствување на личноста во модерниот свет. Во тој контекст, на француската

[67] Томас Пејн, *Права човека*, пред. Драгољуб Миќуновиќ, Завод за издавачку делатност Филип Вишњиќ, Београд, 1987, стр. 33.
[68] Во таа смисла, тие две декларации кои произлегоа од овие две револуции директно и претходат на Универзалната декларација за човековите права на ООН.

> *Декларација за правата на човекот и граѓанинот* светот ѝ го должи наглиот прогрес во развитокот на идеите и практиката на човековите права.[69]

Подоцна, кон крајот на 18-от век, целиот пантеон на тогашната модерна философија е разурнат, а врз неговите урнатини е подигната друга градба. Тоа значи дека теоријата за природните права е подложена на остра критика и отфрлање, а како главни нејзини критичари се јавуваат: Дејвид Хјум, Жан Жак Русо, Имануел Кант, Едмунд Бурк, Џереми Бентам и Карл Маркс, со обвинување дека натуралистичката теорија на правото е противречна самата на себе и содржи опасно анархистичко учење, како и тоа дека истата е израз на вредностите на буржуаското општество.

Како резултат на таа критика, во текот на 19-от век и заклучно со седумдесеттите години на минатиот век, идејата за човековите права се воспоставува во современите теории за човековите права преку нејзините главни застапници, англо-американските автори: Џон Раулс, Роберт Нозик, Ален Гевирт, како и Џон Финис. За нив, како што тврди Миомир Матуловиќ, „заедничка е бескомпромисната критика и отфрлање на утилитаризмот кој се покажа како недоволен. Колку и да се различни овие теории, она што е заедничко за нив е дека тие не се натуралистички, т.е. тврдат дека човековите права се објективни факти кои зависат од нашите верувања.“[70]

Во таа смисла, за развојот на идејата на човековите права и особено нејзината реалност најдобро е да се говори дури по Втората светска војна кога и се воспоставени првите механизми за нивна заштита по неуспехот на Лигата на народите[71], каде што хуманата димензија на почитувањето на човековите права не се мери само по тоа дали истите ги има во легислативата, туку во кој обем и со каков квалитет се почитуваат и заштитуваат во заедницата. Имено, сè до Првата светска војна ретко кој можел да ги брани човековите права на основа на природниот закон, затоа што со појавата и влијанието на германската идеалистичка философија и растечкиот европски национализам, благосостојбата на заедницата е цел и врвен стандард кој го одредува концептот на суверенитетот на државите. Во тој период меѓународното право традиционално е сфатено како право што ги уредува само односите помеѓу одделни држави, а не и правата на луѓето како индивидуи. Ваквото традиционално сфаќање за меѓународното право беше делумно проширено по завршувањето на Првата светска војна, кога во

[69] Кирил Темков, *Етика за III година гимназиско образование*, Просветно дело, Скопје, 2004, стр. 290.

[70] Miomir Matulović, op. cit., str. 342.

[71] Чиј најочигледен неуспех беше Абесинската војна и неделувањето во случајот на Граѓанската војна во Шпанија, а особено по бомбардирањето на Герника, што на крајот, заради таквата индолентност во однос на историските процеси и услови, доведе до Втората светска војна.

нормите на меѓународното право беа вклучени и некои од новосоздадените меѓународни организации - *Пактот за Лигата на народите.*[72] Ова значи дека глобално, во времето помеѓу двете светски војни, нема значителен напредок во меѓународното гарантирање на човековите права. Она што на овој план заслужува внимание е развитокот на внатрешните правни системи и доктрини во поглед на правната гаранција на човековите права, кое во целина го подготви теренот за широко признавање и гарантирање на човековите права на меѓународен план преку воспоставување на институции и процедури за нивна заштита.

Денес, идејата на човековите права, својот развој и реалност ја темели на првите меѓународни документи, процедури и организации за заштита на правата на човекот, т.е. создавањето на **Обединетите нации, Советот на Европа** и **Европската унија**, како обид за практикување на човековите права во реалноста и нивна заштита.[73]

Создавањето на **ООН**, на 26-ти јуни 1945. година, веднаш по Втората светска војна, во која во полно светло се покажа еден од најопасните аспекти на нацизмот - непочитувањето на животот и правото на личноста, може да се означи како реализација на идејата за создавање универзална меѓународна организација за обезбедување на трајноста на светскиот мир и безбедност, при што верувањето во човековите права е потврдено со нејзината *Повелба* од 1945. година и тоа како формален почеток на процесот на универзализација на човековите права. Преамбулата на Повелбата ја содржи решителноста на ООН да ја воспостават вербата во основните човекови права, во достоинството и во вредноста на индивидуата, во рамноправноста меѓу мажите и жените, и на малите и на големите народи, како и да ги унапредат човековите права и да создадат стимули за заштита на основните слободи на сите луѓе, независно од нивниот пол, раса, јазик или вероисповед. Со тоа Повелбата стана основа за универзална заштита на човековите права, чија универзалност се изразува со тоа што ги обврзува сите земји, членки на ООН, но и преку тоа што ги опфаќа сите категории на човекови слободи и права. Во тој контекст, Повелбата подоцна послужи како основа за донесување на повеќе од 70 документи за неколку посебни категории на човекови права, кои станаа меѓународни инструменти за нивна заштита.

[72] Пактот за Лигата на народите воведува многу скромна заштита на човековите права и тоа во форма на заштита на населението во т.н. „мандатни територии“, односно во колониите на државите што ја загубија Првата светска војна. Благосостојбата и развитокот на народите на овие територии е света обврска на цивилизацијата, поради што се решава да им се обезбеди слобода на совест и на вероисповед, како и да се спречат трговијата со оружје, робови и слично.

[73] За институциите, изворите и механизмите поопширно погледни кај Цветан Цветковски, цит. дело, стр. 37-113.

Веднаш по основачката конференција во Сан Франциско, во рамките на Економскиот и Социјалниот совет на ООН е воспоставена Комисија за човекови права, која доби за задача да изработи нацрт Меѓународна повелба за човекови права, т.е. задача поделена на три дела: Декларација, Пакт и Мерки на имплементација. Така започна работата врз меѓународното кодифицирање на човековите права. Нацртот е работен од 24-ти мај до 18-ти јуни 1948. година и предаден до Генералното собрание на разгледување на неговата 183-та седница, одржана на 10-ти декември, каде со 48 гласови „за", 8 „воздржани" и ниту еден „против" е усвоена *Универзалната декларација за човековите права*, како „заеднички стандард на постигнување за сите народи и сите нации.[74] За Декларацијата не гласаа единствено блокот комунистички земји, Саудиска Арабија (од религиозни причини) и Јужноафриканската Република (заради својата политика на апартхејдот). Во исто време овој датум е прогласен за Светски ден на човековите права.

Веднаш по Декларацијата, како трет извор, се наведува *Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права*, како и *Меѓународниот пакт за економските, социјалните и културните права* од 1966. година. Обврската за донесување на овие документи непосредно извира од Повелбата на ООН, меѓутоа за разлика од Универзалната декларација како правно необврзувачки акт, работата врз Пактите, како правно задолжителни меѓународни договори, беше многу посложена и бараше многу поголема подготвеност за компромиси и политичко убедување поради околностите на Студената војна. Денес овие два Пакта, заедно со Универзалната декларација, претставуваат општ кодекс на човековите права, додека другите меѓународни документи за човекови права се однесуваат на заштита на поединечни права.

Ова доведе до формирање на институции и процедури во рамките на ООН и тоа од Комисијата за човековите права, преку Комитетот за човекови права, па сè до специјализираните системи за меѓународна заштита на човековите права како што се Меѓународниот комитет на Црвениот крст, Меѓународната организација на трудот-МОТ, потоа УНИЦЕФ, УНЕСКО и други.

Треба да се нагласи дека, по Втората светска војна, Западна Европа стана првиот геополитички регион што воспостави регионален систем на меѓународни организации насочени кон унапредување на соработката во различни полиња на современиот живот. Уште од самиот почеток човековите права беа камен-темелник на тој систем. Политичките идеи за заедничка Европска повелба за правата и за контролните механизми за нивната заштита формално се вообличија со формирањето на **Советот на**

[74] J.P.Humphrey, *Human rights and the United Nations: A Great adventure,* Dobbs Ferry, Transnational Publishers, New York, 1984, pp. 24.

**Европа**, на 5-ти мај 1949. година, како организација на европските земји за меѓудржавна и парламентарна соработка, со донесувањето на неговиот Статут, како и со формирањето на Европската комисија и на Европскиот суд за човекови права. На тој начин *Европската конвенција за човековите права*, донесена 1950. година, претставува камен-темелник чиј основен текст, дополнуван и менуван со 11-те протоколи, донесени сукцесивно во периодот 1952-1994. година, ги утврдува човековите права и основните слободи на луѓето во Европа, како и контролните механизми за нивна заштита. Основните принципи што произлегуваат од Статутот на Советот на Европа се: плуралистичка демократија, почитување на човековите права и владеење на правото, и кои се применуваат во Европската конвенција. Но таа не е единствен извор. Тука се вбројуваат уште многу други документи, меѓу кои *Европска социјална повелба*, потоа *Европска повелба за локална самоуправа*, па *Рамковна конвенција за заштита на правата на националните малцинства*, како и *Европска повелба за регионалните или малцинските јазици.* Понатаму, правата на човекот се разгледувани и во системот на ОБСЕ во склоп на Советот на Европа како процес на европска соработка на полето на безбедноста, кој не само што го подготви теренот за крајот на Студената војна во односите Исток - Запад, туку во нивните односи ги внесе и проблемите на човековите права. *Декларацијата*, усвоена на *Самитот во Будимпешта*, од 6-ти декември 1994. година, претставува воведување на институцијата Висок комесар на КЕБС за национални малцинства, проширување на улогата на Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР), како и зајакнување на улогата на невладините организации во остварувањето и заштитата на човековите права.

Од посочените институции се наведува и **Европската унија**. Нејзината *Спогодба*, која влезе во сила на 1-ви ноември 1993. година, означува нова фаза во политиката на Европската унија кон човековите права и демократијата, т.е. означување на почетокот на трансформација на Унијата од чисто економска во политичка заедница. Една од манифестациите на овој развиток е фактот што со овој документ решавањето на проблемите на човековите права од начелна, станува конкретна и строго определена обврска на институциите на Унијата и на државите членки наметната со текстот на Спогодбата од Мастрихт. На состанокот на Европскиот совет во Луксембург, на 28-ми и 29-ти јуни 1993. година, беше усвоена *Декларација за човековите права*, со која беа востановени главните принципи и општите црти на политичката платформа за активно унапредување на човековите права и на демократијата. Неколку месеци подоцна, на 28-ми ноември 1993. година, Европскиот совет усвои *Резолуција за човековите права, демократијата и развојот,* со која беа поставени основите, постапките и приоритетите за унапредување на иницијативите на ова поле. Најголем

придонес на овој план го даде Европската комисија, меѓу чии иницијативи за поддршка на човековите права и демократијата, најзначајни за споменување се ФАРЕ (PHARE) и ТАЦИС (TACIS) програмите за демократија, започнати во 1992. година. Тие се дизајнирани да помогнат во унапредувањето на демократските општества во земјите на Централна и Источна Европа, вклучувајќи ги и земјите настанати од поранешна Југославија. Се работи за програми кои главно се остваруваат преку активностите на невладините организации, каде главна цел е да се развие плурализмот во општествата во транзиција, како основен предуслов за зајакнување на нивната отпорност кон можната реставрација на диктатурата, но и оспособување на граѓаните да ги остваруваат нивните граѓански и човечки права во демократските општества.

Резултатот од сиот овој историски развој на идејата за човековите права доведе до таму што денес живееме во реалност која во голема мерка се вреднува според тоа колку и како се почитуваат тие права. Оваа констатација е за да истакнам дека овде за миг ќе ја одбегнам политичката, економската или која и да е друга анализа, кои несомнено би не довеле и до одреден број на критички заклучоци за истата таа реалност. Но, она што е сосема сигурно е дека оваа констатација ни дава за право да заклучиме дека досегашниот развој, без оглед на осцилациите, доведе до видоизменување на свеста на граѓаните за улогата на своите права како коректив на системите во кои живеат. Поточно, свеста на граѓаните, државите и на светот доби една нова етичка димензија во осознавањето на своето место во општеството, но и местото, задачата, одговорностите и должностите на општеството во заштитата на истите тие права. Накусо кажано, сведоци сме на реалност на човековите права во која етичноста е онаа која е темелот на просудбата за нив.

## *2. Видовите и класификацијата на човековите права*

Човековите права се многубројни. Па така, на пример, ембрионите имаат право на живот кој ги штити од абортусот; децата имаат право на образование и воспитување; полнолетните личности имаат различни лични, политички, економски, социјални и културни права, а во последно време и на еколошки права; народите имаат право на самоопределување, мир, развој, толеранција, сигурност...

Со тоа листата на човекови права не е заклучена, туку таа може да се надополнува според осознавањето на потребите и етичкото освестување на граѓанинот и граѓанското општество, а особено со развојот на демократијата која секогаш е отворена за промени. Во неа се говори за ***лични слободи и права*** кои се настанати под силното влијание на теоријата на природното право и кои претставуваат прва генерација слободи и права што се признаени и заштитени со позитивното право. Истите се најстари и

извојувани во борбата на граѓанството против апсолутистичката кралска власт во Англија во текот на 16-от век. Меѓу првите правно гарантирани лични права се правото на живот, на лична слобода, на сопственост, на среќа и слободата на совеста... Нешто подоцна, оваа листа се проширува, вклучувајќи ги следниве три подгрупи: *прва подгрупа* - оние слободи и права кои за свој предмет на заштита го имаат *физичкиот интегритет на човековата личност* (правото на живот како основно и најзначајно право на човекот; на лична слобода; забраната за мачење и друго нечовечко или понижувачко постапување или казнување; презумпцијата на невиност...), *втора подгрупа* - оние слободи и права што го *заштитуваат духовниот интегритет на личноста* (правата насочени кон заштита на приватноста на човекот во нејзините најразлични форми) и *трета подгрупа* - оние слободи и права што го изразуваат *статусот на човекот во општеството* (правото на еднаквост пред законот и слободата од секој вид на дискриминација).[75]

Личните слободи и права го изразуваат и го заштитуваат физичкиот и духовниот интегритет на човекот, како и неговата правна положба во однос на органите на јавната власт. Тие припаѓаат на групата на т.н. „негативни права“, со кои се создава и се заштитува приватната сфера на човековиот живот која е забранета за навлегување од страна на државата преку извршувањето-користењето на овластувањата на органите и претставниците на власта. Тоа значи дека истите претставуваат основен услов и претпоставка за остварување на сите други слободи и права на човекот. Како што потенцира Цветан Цветковски:

> Нагласената вредност на личните слободи и права произлегуваат од фактот што тие, според својата содржина, односно според предметот што го заштитуваат, претставуваат морални, природни и универзални права и нивното постоење е неизоставен услов за самата егзистенција на човекот. Токму затоа избегнувањето на нивната зависност од државната власт се поставува, не само како правен, туку пред се како морален и цивилизациски императив. Тие се сметаат за императивни права, односно за морално задолжителни права што мора да ги гарантираат сите држави.[76]

Во листата на човековите права влегуваат и ***политичките слободи и права***, кои се втора генерација слободи и права настанати како резултат, но и како правен израз на демократизацијата на државното управување, особено во западноевропските земји и САД. Историски, политичките слободи и права се надоврзуваат на личните слободи и права, а целосно правно се формулираат во текот на 19-от и 20-от век, како резултат на

[75] За видовите и класификацијата на човековите права поопширно види кај Цветан Цветковски, цит. дело, стр. 27-37.
[76] Ibid., str. 28.

појавата и развитокот на политичкиот плурализам и парламентарната демократија.

Политичките слободи и права во својата вкупност ја изразуваат новата позиција на граѓанинот, т.е. ја признаваат неговата улога како политички субјект, овозможувајќи му да учествува во конституирањето на јавната власт, во нејзиното вршење и во нејзината контрола, т.е. во политичкиот живот на земјата. Со еден збор, на сите полиња на политичкото живеење и дејствување на системот. Говориме за *слободата на мислење и говор*, како една од централните политички права од чие постоење во голема мера зависи остварувањето на другите политички права, како што се: *слободата на политичко здружување и дејствување, слободата на информирање, правото на мирно собирање и протест, избирачкото право, правото на вршење јавни функции, правото на локална самоуправа, но и малцинските права.*

Третата генерација слободи и права кои се опфатени со листата на човековите права се ***социјално-економските*** и ***културните слободи и права***, кои се резултат на забрзаниот економски развиток во 20-от век, но и правен израз на низа економски и социјални функции што државата ги презеде во дваесеттите години на минатиот век со цел да ги амортизира социјалните и класни разлики во општеството. Тука спаѓаат *правото на сопственост*, како едно од најзначајните, потоа *слободата на работа*, па *правото на социјална сигурност,* во смисла на пристојна материјална егзистенција лишена од економска неизвесност и несигурност, *правото на дом, правото на заработувачка, правото на здравствена заштита...* Нивното гарантирање делумно претставува и одговор на современата држава на стихијното дејство на пазарното стопанство. Во тој контекст економските и социјалните права претставуваат израз на владеачкиот концепт за социјална правда во секое одделно општество. Нивната функција е да го обезбедат економскиот и социјалниот статус на човекот во општеството и во таа смисла претставуваат основа за изградба на економски систем на една земја.

За разлика од личните и политичките права, најголемиот дел од економските и социјалните права се „позитивни права“ и се изразуваат како субјективно право на граѓанинот нешто да бара од државата и како противтежа на тоа, обврска на државата нешто да стори или да даде, со цел да се оствари, одржи или унапреди определен минимум на стандард на задоволување на основните материјални и духовни потреби на човекот.

Што се однесува до остварувањето на културните слободи и права, преку нив човекот се оспособува да се изградува, остварува и изразува како личност со различни изразни средства и во разни области од општествениот живот. Тука спаѓаат *правото на образование,* кое има централно место во корпусот на културните слободи и права, како и *слободата на научното и уметничкото творештво*, која е во тесна врска со слободата на мислата

и уверувањето. Овие права, историски гледано, се најнови и се поврзани со натамошната демократизација на современите општества, како и со нараснатата свест дека знаењето станува сè моќен и позначаен фактор во човековиот развој и во определувањето на неговата позиција во општеството.

Во последниве две-три децении во листата на човековите права се јавува и четвртата, најнова, генерација и тоа ***еколошките права***, чие значење секојдневно сè повеќе расте, а борбата околу нив, поточно за нивното остварување, денес дорасна до главен „мерен инструмент“ за етичката освестеност на граѓаните и етичката втемеленост на општеството и економиите во светот.

Имено, забрзаниот историско-економски развој во текот на последните два века, а особено технолошко-индустрискиот бум од средината на 60-ттите години на минатиот век, доведе до немилосрдно трошење на природните ресурси со што темелно се загрози и севкупната биомаса, а како последица од ова и биопотенцијалот на планетава.

Ваквата констатација за улогата и значењето на еколошките права, *правото на здрава животна и работна средина, правото на здрава генетски исправна храна...*, доаѓа од сознанието дека секоја единка - граѓанин, станува свесен за фактот дека сето она што го има, го има благодарение на природата од која зема. Ваквото негово сознание е темелот и на неговото освестување, не само за своите права во однос на личните слободи, туку и на неговото етичко самоосвестување како одговорен член-граѓанин на општеството кој е свесен за фактот дека не може бесконечно да се зема и неодговорно да се троши биоресурсот, а притоа да не се направи ништо да се врати дел од она што е земено и да се бараат начини непотрошеното да се заштити од понатамошното нерационално, а уште помалку етички оправдано разграбување. Поедноставно кажано, борбата за еколошките права е израз на една свест дека ниту едно друго право не ќе биде можно во иднина, доколку, пред и над сè, не ѝ се свртиме на природата и не изнајдеме начини да ја заштитиме од економиите кои во трката по профитот ни ја одземаат можноста да создадеме таков живот, такви односи во граѓанското демократско општество, кои ќе го обезбедат опстанокот на видот на кој му припаѓаме. Со други зборови, свеста за неопходноста од борбата за почитување на темелните еколошки права на човекот, во суштина, значи развивање на свест за тоа што сме во моментот, но и што можеме и сме должни да направиме, доколку сакаме да се почитуваме себе си како човечки биоетички освестени битија.

Оваа борба задоволува и уште една практична функција, т.е. потреба. Со укажувањето на потребата дека природата мора да се чува и негува, граѓанските организации - невладините организации, создаваат и услови, но и наметнуваат потреба од размислување за тоа каква е економијата која се користи за да се произведе доволно материјални добра. Доследно пак на ова, ваквиот вид на размислување не ја менува само

свеста на обичниот граѓанин, туку и на бизнис елитата, а посредно на тоа и на политичката елита. Ова пак денес во светот резултира со тоа што, не само што политичарите во секоја своја предизборна кампања ветуваат почитување на еколошките права и заштита на природата, туку се и принудени, за да останат и понатаму во светот на политиката, и практично да се заложуваат, па дури и да наметнуваат таков вид на законска регулатива преку која економиите, сакале или не, за да опстанат, мораат да водат, пред и над сè, сметка за еколошката одржливост на своето производство.

Ова укажување не е само теоретско разгледување на улогата и значењето на борбата за еколошките права, туку доказ за тоа дека борбата за темелните човекови права, во својата развојна линија, досегна до свеста дека без етички втемелен однос кон природата, а од тоа и изградување на аксиолошки етички вредносен систем за однесувањето и на единката и на општеството, сета таа борба би била бесмислена, а што е уште полошо, не би ја подигнала свеста до оној степен каде сè и сешто ќе се оценува и вреднува според етичката втемеленост и морална одговорност во постапувањето и кон единката и кон општеството и кон природата.

### *3. Философската и етичката основа на класификацијата на човековите права*

Денес, во современиот свет се негува и развива една идеја според која поврзувањето им е потребно на сите и дека тоа е единствениот пат по кој треба да се оди! Тоа е патот на кој треба да се почитуваме и помагаме, разбираме и соработуваме, можеме да живееме и дејствуваме заедно, ако меѓусебно ги почитуваме нашите темелни човекови права и слободи. Притоа, големата надеж во темелните човекови права првично се базира на философската, а особено етичката свест за нив, а дури потоа на резултатите од нив, изразени преку корекцијата на правниот систем или меѓународното право и нивно инкорпорирање во нив.

Се работи за прашањето на основите врз кои почиваат темелните човекови права, од каде ја црпат својата сила, оправданост и верување во нив. Како што наведува Миомир Матуловиќ, одговорот лежи во сознанието дека човечките битија имаат свои права на основа на нивната вредност.

> Било кој предмет од надворешниот свет или производ на човечкиот дух, освен човековото битие, може да има вредност само за човековото битие. Единствено човековото битие не мора да биде вреднувано од некое друго битие за да има вредност. Тоа има вредност по себе - човечко достоинство.[77]

[77] Miomir Matulović, op. cit., str. 243-244.

Со тоа вредноста на човековото битие е објаснета во категориите на неговата способност за вреднување. За да можат ваквите битија да го живеат својот живот во согласност со своите уверувања за вредностите, ним им се потребни права. За да можат да судат за тоа кој облик на живот е вреден за живеење, без страв од казнување, ним им се потребни, на пример, правото на слобода и лична сигурност, слобода од самоволно апсење, затворање и прогон, слобода на мисла, совест и вероисповест, слобода на мислење и изразување, право на слобода на мирно собирање и здружување, како и право на учество во културниот живот во заедницата, вели Матуловиќ. Оттука, темелните човекови права се вредни затоа што им овозможуваат на човечките битија на етички исправен начин да ги сфатат животните вредности, како и да живеат живот вреден за живеење, втемелен на почитување и развивање на реалните морални вредности и нивно имплементирање во секојдневието за да ја исполнат својата улога како граѓани, т.е. како темели на корекцијата на општеството до негова целосна демократизација.

Претходново само укажува на тоа дека секоја обмисла за темелните човекови права, за да биде вистински делотворна и практично корисна за невладините организации, мора да поаѓа и од проценката и валидизацијата на нивната философско-етичка втемеленост и оправданост. Имено, основата на темелните човекови права може да се согледа и преку разрешувањето на дилемата за оправданоста на човековите права. Тоа значи дека мора да постојат исправни етички критериуми или начела кои ги оправдуваат, но и кои го раководат начинот на нивното остварување. „Спознавањето и осознавањето на и за темелните човекови права, барем во минимална смисла, значи спознавање и осознавање на добрите причини за прифаќање на оправданата моралност", наведува Матуловиќ.[78] Според него, етичко-философската основа која произлегува од оправдувањето на темелните човекови права се заснова на два аргумента: *разумност* и *моралност*. Првиот аргумент се состои во тврдењето дека добри причини се оние кои се во врска со сопствените темелни интереси на луѓето. Аргументот ја вклучува претпоставката на соработка и покажува дека е разумно да ги прифатиме и се придржуваме до човековите права во околности во кои е извесно дека поголемиот број луѓе така ќе постапуваат, затоа што тие права се најдобро средство за заштита на сопствените темелни интереси. Овој аргумент се нарекува уште и „договорен аргумент" и го претставува Хобсовиот аргумент за правото против физичкото насилство. Вториот аргумент, кој се повикува на практичниот ум и ја вклучува претпоставката на умерениот алтруизам, се состои во тоа дека добри причини се оние причини кои се во врска со темелните интереси на сите луѓе. Овој аргумент е израз на ставот на Џон Лок за правото на одржување на сеопштото човештво.

[78] Ibid., str. 241.

Приведувајќи и објаснувајќи го овој пример, не значи дека е заборавено на севкупната историја на философијата и етиката, кои своето долговековно постоење го темелат и на разгледувањето на ваквите темелни човекови права. Примерот е наведен затоа што сам по себе ги сублимира речиси сите ставови од античката до современата философија и етика, а можноста за неговото објаснување е она што практично се осознава од него - потребните елементи за кои нужно мора да се води сметка при секоја активност на секој граѓанин-граѓанско општество, но пред и над сè, на секоја невладина организација, доколку сака да ја исполни својата основна улога и задача: ширењето на полето на правата на граѓанинот и слободата на нивното користење, без загрозување на основните етички, а со тоа и философски, универзални вредности според кои ќе се проценува, но и ќе се вреднува етичката втемеленост на секое битие, но и оправданоста на неговото постоење и дејствување во и за свет кој од поделба на држави ќе дорасне до граѓанско општество обединето на глобално ниво.

Доследно на претходново, но и водејќи сметка за дефиницијата дадена на почетокот, со право може да се заклучи дека философско-етичките основи на темелните човекови права произлегуваат од сознанието дека истите се однесуваат на целиот човечки род, од напорот за надминување на разликите кои постојат меѓу луѓето на културен, социјален и економски план, како и од нивната загарантираност со меѓународното право за човековите права. Затоа правата на човекот не се само философска идеја, туку и правна, етичка, политичка и конкретна основа и етичка потреба на животната реалност на современиот човек. Правата ја имаат философско-етичката основа за ослободувањето и облагородувањето на човековиот живот, на унапредувањето на неговите сфаќања и постапувања. Затоа со право се тврди дека развивањето на човековите права всушност претставува изградба на нова етика и политика на човештвото.

## *4. Значењето на човековите права за етичкиот и духовниот развиток на човештвото*

Непочитувањето на некое човеково право не може да се оправда ниту со поголемото добро на останатите, кое би произлегло од повредата на истото индивидуално право.

Владее верувањето дека секој има човечки права, без оглед на тоа дали истите се признати во правниот систем на државата, чиј што државјанин е самиот тој. Човековите права не можат да бидат предмет на политичко пазарење, што значи дека државата не смее да ги прекршува, а употребата на сила од нејзина страна е оправдана само против оние кои ги кршат човековите права. Преведено, есенцијата и егзистенција на човекот, она што тој е, на кој начин е и зошто е, денес се разгледува и етички се вреднува преку човекови права.

Во една ваква констелација егзистира и прашањето за контекстот и значењето на човековите права во етичкиот и духовниот развој на новиот свет и човештвото воопшто кон кои се стремиме како крајна цел и на активностите на секоја невладина организација. Па така, како што потенцира Кирил Темков:

> Човековите права се мошне значајно социјално, политичко, духовно и етичко прашање, бидејќи со нив денес се менува разбирањето на суштината на човекот. До Новиот век, дискриминацијата била сметана за природен начин на живеење на мнозинството луѓе. (...) Ваквото оградување меѓу луѓето е нешто негативно. Грозна е идејата дека квалитетот на човекот зависи од неговото потекло. Тоа е израз на концепцијата за надреденост и подреденост како основна форма на човекувањето. Во Новиот век се јави идејата за општата слобода и еднаквост на сите луѓе. Денес владее увереноста дека луѓето имаат еднакви способности, дека за нив е нужно да имаат достоинство и дека за секого мора да има добар живот, дека творештвото има природна основа во секое човечко суштество. Тоа е израз на современата етика која сите луѓе ги мери еднакво.[79]

Од периодот на дискриминација и правото на посилниот, па до слобода, значи дека сега живееме во услови во кои се зголемуваат потенцијалите на човекот за осознавање и дејствување во смисла на духовен развој на човештвото, т.е. поттикнување на неговите позитивни сили и оправдување на неговите позитивни настојувања, а од етички аспект промената во разбирањето на неговата суштина создава услови за нова етичка свест и совест врз реален етички и аксиолошки вредносен систем, а како можност за аксиолошка креација. Сето тоа, како можност за почитување на сечија егзистенција, мислење, слобода воопшто, овозможува подобро човештво, базирано на фундаменталниот принцип на еднаквост, разбирање, толеранција, компромис и води кон подобри меѓусебни односи, иднина и живот, визија за подоброто. На тој начин, човековите права денес се израз на нашата свест за животот, за односите меѓу луѓето и за нашето постапување. Со тоа тие добија многу на реално значење. Не случајно, почитувањето на правата на човекот денес се смета за една од најголемите етички вредности во смисла на внатрешна димензија на човекот, но и како општествена мера со која тој најдобро ги вреднува своите цели и дострели, своите духовни и материјални остварувања и придобивки.

Во таа смисла говори и разгледувањето на современите позитивни морални ориентации каде слободно може да се забележи дека како содржина во моралното дејствување и раководење мора да биде содржана љубовта кон живото(т) и опстанокот како највисока етичка вредност и цел, а како форма, неприкосновената вредност на почитување на меѓусебните права на

[79] Кирил Темков, цит. дело, стр. 289.

луѓето. Токму затоа, во политиката која денес изобилува со плуралитет од човечки светови и политички ставови, нужно се бара сите системи да бидат демократски, т.е. да ги почитуваат слободата и правата на секого, да не владеат со насилство туку со ум и разум, односно политичките институции да постојат и да делуваат за доброто на сите.

Иако човековите права не се секогаш едногласно интерпретирани низ општествата, сепак овие вредности и норми го формираат единствениот заеднички список на човекови права во кој барањата на различни луѓе можат да бидат јасно кажани. Широко распространетата ратификација на меѓународните договори за човековите права како што се Универзалната декларација за човековите права, Пактови и слично, е уште еден доказ за широката меѓународна прифатеност на овие етички вредности.[80] Во тој контекст, правата на човекот се земаат како морални норми кои се израз на современата и слободарска етика. Тие ги изразуваат основните денешни и идни вредности на живеењето на луѓето. Тие посочуваат како луѓето треба да размислуваат за животот, како треба да се однесуваат и како треба да гледаат на другите луѓе кои ги имаат истите права.

Едновремено, човековите права како суштествен дел на човековата опстојба и дејствување, како основа за слободата на човекот, значат и шанса за еден нов вид на активизам. Се осозна дека почитувањето, развивањето и унапредувањето на своите права и слободи, човекот може да го постигне преку правењето добри дела, преку нивно почитување и интенцијата во иднина да постапува така што ќе се упатува по вистинскиот етички пат во животот, прифаќајќи и живеејќи според вистинските несомнени етички вредности. Оттука, и сознанието-тврдењето дека човековите права претставуваат најважен предуслов за остварување на идеите за слободата, мирот и правдата по пат на создавање на услови и атмосфера на толеранција и меѓусебно разбирање, особено преку остварувањето на идејата за еднаквост преку меѓусебно почитување на разликите. Затоа, нивната заштита е есенцијална за одржливо постигнување на трите договорени глобални приоритети: мир, развој и демократија.[81] Со други зборови, етичката димензија на човечките права бара нивно политичко признавање и правна заштита, за да можат да се реализираат во секоја конкретна историска ситуација. При тоа е важно разликувањето на потеклото и реализацијата на човечките права. По своето потекло тие се изворни, произлегуваат од етичката вредност на човековата личност и неговата етичка втемеленост и суштина и како такви не зависат ниту од една политичка институција. Уште повеќе, тие се критериум според кој се оценува етичката втемеленост и моралност на сите општествени и политички институции, религии, идеологии или културни и образовни припадности, а на нив никој не им суди.

---

[80] Antonio Cassese, *Human Rights in a Changing World*, Temple University Press, Philadelphia, 1990, pp. 2.

[81] *Human Rights Today: A United Nations Priority*, The United Nations, 2000, <http://www.un.org/rights/HRToday>.

Накусо кажано, несомнено е дека борбата за остварување на темелните човекови права и етички вредносни системи предизвикани од тоа, јасно ја покажуваат улогата и значењето на истата за развојот, не само на единката-граѓанинот, туку и на секој сегмент на општественото живеење. Токму поради ова, секоја невладина организација денес, во доменот на своето делување, нужно, пред и над сè, се одредува според овие темелни права, но истовремено ја гради и развива својата етика во практиката, со што придонесува кон една друга работа. Имено, станува збор за тоа што со ваквото постапување и делување на невладините организации се постигнува една мошне битна цел на човековото постоење - укинување на искористувањето и негирањето на човек од човека, што води кон укинување на практичните етики и моралики, а го отвораат полето на овозможувањето на етиката како универзалност, без која нема реално граѓанско општество и демократија, а уште помалку она што е и една од најчестите цели на невладините организации: таков вид и услови на живеење кои на секоја единка ќе ѝ овозможат да ја оствари својата суштина - да стане и живее како неоспорено и незагрозено, биоетички освестено суштество.

## *5. Човековите права денес и во иднина*

Денес многумина од нас веруваат во човековите права. Тие се посакувани, пред сè, затоа што нè штитат како личности. Притоа логично се наметнува прашањето за причината на искажаната верба во нив, за она што е содржано внатре човековите права, во однос на нивната есенција, но и смисла што тие ја имаат денес и во иднина, како и етичка вредност што ќе се роди од тоа.

Во човековите темелни права е содржано највредното за човекот - вроденото достоинство - опстојба и суштина на човекот.[82] Човековото достоинство е основна вредност која му припаѓа на човекот како човек. Затоа достоинството не е никаква заслуга, ниту резултат на нашите напори, туку напросто ни припаѓа заедно со човечкиот карактер, природа. Оттука, никој не може да ни го земе, ниту пак ние смееме од него да се одречеме. Достоинството значи величественост и возвишеност на човековата личност во себе и претставува извор на нејзиниот углед и достојност во однос спрема околината. Како такво, зачувувањето и градењето на етичкото достоинство е темел на сите човекови права и должности.

Ова чувство за сопствената вредност зборува за важноста на личноста и индивидуалноста.[83] Се работи за морален принцип според кој човекот не е средство, туку цел, сама по себе, на човековото постоење и

[82] *Универзална декларација*, чл. 1, став 1, <http://www.mhc.org.mk>.
[83] Како што има кажано Максим Горки - Човек колку гордо тоа звучи!

морално дејствување. Едновремено, човековото достоинство ја раѓа идејата за еднаквост, а со тоа и идејата за слобода на личноста. Тоа потврдува дека денес во човековите права е содржана и слободарската идеја на современиот свет - слободата како единствена достоинствена форма на човековиот живот, а луѓето како нужно слободни суштества.

Во таа смисла, правата на човекот се во контекст на реализација на идејата според која луѓето се поврзуваат во братска заедница на свесни и рамноправни суштества. Тоа говори дека во човековите права се содржани благородните идеи за доброто на луѓето, основните работи на кои се темели развојот кон подобро, како и на потребата сите усилби на добрите луѓе во светот да се сплотат при изградба на човештво, во кое луѓето ќе бидат слободни и ќе имаат широки права - подобра визија за утрешнината. Токму тоа ја изразува нивната суштина и смисла, денес и во иднина.

Генерализирано, она што темелните човекови права содржат во себе е цел еден систем, збир од животни етички вредности и норми кои треба да им овозможат на луѓето достојно живеење, еднакви услови за живот, нивно поврзување во една целина, нивна еднаквост и блискост, разбирање и соработка, слобода, можност да ја изградуваат и пројавуваат својата личност, како и заедничка борба за подобар свет.[84]

Историски гледано, прв и највисок израз на нововековното настојување за изедначување и зближување на луѓето е прочуената парола на Француската револуција: **СЛОБОДА, ЕДНАКВОСТ, БРАТСТВО**. Најдобар пример за обидот да се изгради еден свет со еднакви човекови права е искажан во најзначајниот етичко-правен документ на нашава епоха - Универзалната декларација за човековите права на ООН, документ кој укажува дека сите човечки суштества се еднакви и ближни и дека сите имаат природно право на еднакви можности, шанси и односи. Според својата форма, овој документ директно укажува на неопходните предуслови за да се овозможи достоинствен живот на секое човечко суштество. Во таа смисла, Декларацијата не претставува само листа на добри намери од морален карактер. Согласно нејзината Преамбула, содржински таа претставува општ стандард кон кој сите држави членки на ООН имаат обврска да се стремат. Па така, Мери Робинсон со право нагласува дека:

> Универзалната декларација е основен проглас за заложбата на меѓународната заедница за човековите права како „заеднички стандард кој треба да го постигнат сите народи и нации“. Нејзината заложба е порака за надеж, еднаквост, ослободување и овластување. Тоа е порака до сите кои се залагаат за слобода, правда и мир во светот, порака која мора да се повторува и во денешно време. Истата на човештвото му понуди една извонредна визија за тоа каков би можел да биде светот, но притоа таа само ги даде зборовите. Сега се потребни нашите дела за

[84] Кирил Темков, *Етички речник,* Скопје, Просветно дело, 2004, стр. 109.

> да направиме промена во новото доба во кое луѓето во светот ќе бидат единствени во својата одлука дека човековите права не претставуваат само благородни идеали, туку заеднички цели, затоа што истите не се против никого, туку се за сите. Тие се легитимно право и свечена обврска, но мораат да бидат и основна сила на сите луѓе, а не само на неколкумина привилегирани. Затоа, „сите човекови права за сите", како еден заеднички повик за акција во годините што доаѓаат. Преку здружување на делата и решителноста, преку градење на партнерство меѓу владите и граѓанското општество, меѓународните организации и медиумите, верските и академските заедници, да се оствари визијата за иднината на која Универзалната декларација повикува, а тоа е свет во кој почитувањето на човековите права ќе биде длабоко врежано во свеста на секој човек.[85]

Сето досегашно историско искуство покажа дека Декларацијата има големо влијание врз развивањето на етичката свест на луѓето, за значењето на човековите права како на национално, така и на глобално ниво. Таа се потврди како израз на најширок меѓународен консензус околу основните постулати на човековото достоинство, кое во времињата пред тоа беше сериозно загрозено. Со донесувањето на Декларацијата, светот всушност реагираше на траумите, страдањата и губењето на довербата во човековиот род кои беа резултат на хаосот и трагедиите од Втората светска војна која ги лиши луѓето од нивното достоинство, им ги одзеде сите права и резултираше со губење на самопочитта и меѓусебната доверба. Затоа треба да се потенцира потребата од унапредување на остварувањето на правдата и справедливоста од сите и за сите, да се прогласи бескомпромисна борба против злоупотребите на темелните човекови права и со поголема упорност да се изврши спротивставување на сите кои ги кршат човековите права слободи. Во таа смисла, Универзалната декларација за човековите права беше првиот чекор кон воспоставување на основата на идната правна рамка за меѓународна заштита на темелните слободи и права. Денес таа со право може да го носи атрибутот на основен реперен стандард и цел што треба да ја достигнат сите луѓе и нации, иако тоа не е акт со меѓународно-правно обврзувачки карактер.

Резимирано, преку Универзалната декларација за човековите права на ООН, најочигледно се покажува како преку идејата за човековите права, стандардите на еднаквост, достоинство и почитување се создаваат темелите за слобода, правда и мир, како врвни етички вредности и цели на сечие постоење. На тој начин најдобро е изразена смислата на темелните човекови права, суштината и етичката втемеленост на базичните компоненти на настојувањата за подобро човештво, кое, како аманет за

[85] Порака од Високиот комесар за човекови права, г-ѓа Мери Робинсон, по повод Денот на човековите права, 10-ти декември 1998. година, <http://www.mhc.org.mk>.

следните генерации ќе треба да се развива. Истакнувањето и развивањето на човековите права прокламирани во Декларацијата на ООН подоцна доведе и до нивно презентирање и заштитување и во други документи на светската заедница.

Сето претходно укажува на фактот дека темелните човекови права немаат само политичка смисла, туку и етичка втемеленост, до акција раководена од вистинските етички вредности и цели - да му се помогне на секој човек во изградбата на своето достоинство и да му се укаже на неопходноста од почитувањето на другите, но и развивање на свеста на секоја единка дека без свеста за правата на другите и нивното почитување и борба за нив ќе биде невозможно и остварувањето на неговите лични права и слободи.

Од друга страна, фактот дека човековите права се основа на граѓанскиот живот, политичката дејност и на етичките концепции на современиот свет, говори за смислата и функцијата на човековите права денес, но и за во иднина. Најдобра илустрација за ова наоѓаме во напорите на човештвото да постави идни насоки за развивање на односите меѓу луѓето, а секогаш водејќи сметка за основните несомнени етички вредности, како и преку поттикнувањето на модерните процеси на организација на светот врз универзалните етички вредности и норми кои треба да бидат стандард на човековото вистинско достоинствено живеење.

Заклучно, потребата, проширувањето, унапредувањето и заштитата на правата на човекот во еден поширок контекст е иманентна на длабоките стремежи на човештвото за перманентно хуманизирање на севкупните човечки односи.

# IV. СЛОБОДАТА КАКО ВРВНА ЦЕЛ НА ПОСТОЕЊЕТО

Ако за нешто денес се говори или во име на што се постапува и што го мотивира нашето живеење и борба за повисок квалитет на животот, тоа е слободата.

За слободата се говори политички и политизирајќи околу неа, економски и економизирајќи со дозата во која се дава; за слободата се говори културолошки со културно оградување од изјаснувањето колку таа навистина е дел од сечиј живот; социолошки и социологизирајќи дека историските околности не даваат доволно простор за нејзино целосно остварување, етички морализирајќи најчесто на работ од граѓанската моралика; психолошки и психологизирајќи за стравот од неа; правно, со огромен број „адвокатски“ дообјаснувања за тоа зошто во моментот не можете да ја „користите“; маркетиншки (во предизборните кампањи) како за нешто што можете да си го дозволите, ако го изгласате оној што Ви ја „продава“..., и како ли уште не!? За слободата се говори како за нешто божествено или од Бога дадено. Слободата е, на крајот на краиштата, sine qua none на секој посериозен јавен настап и излагање на која и да е тема...

Сè на сè, слободата е она во името на што историјата на човештвото не може да се пожали дека ѝ недостасувале распнувања, револуции и крв како храна. Но, слободата е и нешто за што сме подготвени да сториме сè, особено кога е во прашање нашата сопствена слобода... Иако секогаш останува прашањето: „дали слободата ќе умее да пее, како што робовите за неа пееле?“, како што рече еден поет кој си го одзеде животот (дали поради неа или во името нејзино, критичарите сè уште не можат да се сложат, но затоа авторовото име го користат според слободното убедување)..., тоа е сепак збор без кој не може ниту да отпочне, ниту да заврши една пристојна пригодна реч, било да е во прашање изборна, рекламна кампања, промоција на некое ЦД, отворање на изложба, премиера на некој филм или театарска претстава... Затоа, независно од тоа како предзнак или суфикс ќе добие, зборот „слобода“ е збор без кој не може да се замисли ниту една програма, ниту еден план за работа или цел на која и да е невладина организација, затоа што:

> Слободата на единката е основниот услов за напредок во современото општество. Без слобода нема можност за откривање на нови вистини, нови идеи и знаења, што е предусловот за секој вид напредок. Нема простор за развивање на таленти, оригиналност и способности кои

ја збогатуваат заедницата. Но, без слободата нема ниту рационално прифаќање на мислењето „на учената класа“, ниту пак таа може да ја исполнува својата улога како воспитувач на масите.[86]

## *1. Што е слобода и зошто потребата од неа?*

Доследно на претходниве општи забелешки, сосема е јасно дека самиот збор „слобода“ е нешто што го одредува и начинот на говорот и начинот на размислувањето на оние кои го употребуваат, но што е многу поважно од сето ова е фактот дека местото и значењето што слободата го има во нивното говорење или мислење е она што може да ни каже за кого или за што етички вреднувано станува збор. Поточно, размислувајќи за она што и како се говори и како се употребува зборот „слобода“, се наметнува прашањето: „што всушност е слободата, кога е толку неопходен збор во животот и говорот на секого и причина за неговото постоење?“

Ова прашање, особено добива на значење, ако се има предвид фактот дека најголемиот број на невладините организации, мотивот и оправдувањето за своето создавање и постоење го наоѓаат во потребата на некоја единка, група на граѓани, организации или за целото општество, да се изборат за вааква или онаква слобода, вакво или онакво право на говорење, право на мислење, право на здружување, слобода на вероисповед, заштита на природната средина, употреба на малцинскиот јазик... Поточно, секогаш и секаде основниот мотив и цел на невладините организации треба да е освојување на нов квалитативно етички втемелен простор и квалитет на постоењето, до вистинско достоинство на човекот и неговиот живот, како врвни вредности и цели на една етика која сама по себе ни се наметнува како нужност - етика на универзални вредности, т.е. Универзална етика, која секој човек, ослободувајќи го, ќе го освести како етичко битие и ќе ја овозможи и неговата и сеопштата слобода како начин на живеење. Во овој контекст:

> Прашањето на ослободувањето во својата суштина е прашање на освестување и создавање на услови во кои освестувањето станува можно. Затоа, слободата се јавува како дејствено освестување или како освестувачка дејност, која како таква во својата суштина е општествена, односно историска. Тоа освестување, пред сè, ги засега човековите потреби со кои тој ја насетува слободата, и со него слободата е веќе реалност.[87]

[86] Slaven Ravlić, *Poredak slobode: Politička misalo Johna Stuarta Milla*, Hrvatsko filozofsko društvo, Zagreb, 2001, str. 80.
[87] Milan Polić, *E(ro)tika i sloboda - Odgoj na tragu Marxa,* Hrvatsko filozofsko društvo, Zagreb, 1990, str. 172-173.

Како и да е, сосема е јасно дека зборот „слобода“ е збор кој е од решавачко значење при сечиј активизам како цел на постоењето и оправдувањето на филантропството, залагањето за соработка и дијалог, до меѓусебно разбирање без кое не би можеле да ги разбереме ниту потребите на другите. Разбирањето на потребите на другите, а пред сè на нивната потреба за слобода, е она што повратно ја дава и нашата лична слобода. Но, воедно тоа е и обврска не само да ја цениме туѓата слобода, туку до неа да доаѓаме преку слободата на сопствената личност, не загрозувајќи ги другите, што воедно значи и етичка свест и потреба да се цени човекот како вредност што не смееме никогаш и никаде да ја загрозиме со своето дејствување.

Ваквото разбирање на значењето на слободата и определувањето да се направи сè што секој од нас може за таа да биде нашата реалност, а не она за што ќе сонуваме - радува! Но, радоста е поматена поради разногласието во сфаќањето на таа слобода, начините на практикувањето на истата, а најмногу загрижува фактот што, ако повнимателно се разгледаат и препрочитаат програмите на невладините организации, најчесто може да се заклучи дека поимот „слобода“, како врвната етичка цел кон која се стреми секое етички втемелено битие и заради која постоиме, многу повеќе е присутна како апстрактен поим, отколку како свест за нејзината реална етичка вредност и неопходноста таа да биде причината за дејствувањето на било кое поле на невладините организации. Поточно, станува збор за фактот што слободата од апстрактен поим треба да стане конкретност во смисла на ослободеност и освестеност на секоја единка од каква и да е загрозеност, што треба да биде и основниот етички мотив на секое индивидуално и колективно дејствување.

Ова оттаму што, различното корениште на невладините организации честопати е одредено со философијата или етиката-моралот, колку на општествата на кои им се припаѓа, толку на општествата кои сакаме да ги замениме или пак да се ослободиме од системите во кои претходно сме живееле, надевајќи се дека преоѓајќи кон демократијата ќе можеме да го понесеме сиот багаж, а притоа да не извршиме ревреднување и ревалидизација на она што сме го подразбирале под слобода претходно и да ја избегнеме одговорноста и нужноста од лично ангажирање, до онаква слобода каква што посакуваме, до онаа иднина кон која се стремиме.

Затоа слободата, како збор сам по себе, пред сè, не само што ја содржи етичката вредност за која се залагаме, туку секоја невладина организација кога ќе се определи да го употреби овој збор, мора да има на ум дека зборот слобода и барањето на некакви си слободи не подразбира ослободеност од преземање одговорност за слободата за која се залагаме. Со други зборови, слободата е поим кој станува врвна етичка вредност како цел на секоја невладина организација само ако таквата организација сфати

дека она што го подразбира под слобода, значи воедно и градење, создавање на предуслови во кои човекот, како битие слободно по раѓање, треба да научи дека освојувајќи ја слободата воедно станува и нејзин слуга и чувар. Во тој контекст, граѓанинот како цел на слободата, пред сѐ, мора слободата да ја сфати како начин на ослободување од себе си за да може да стане градивен елемент и градител на она што како збирна цел на активноста на секоја невладина организација е: реално ослободено граѓанско општество на слободни единки кои откажувајќи се од дел од сопствената слобода ја овозможуваат општата слобода.

Ваквата идејно-философска и социолошка констатација и објаснување на начините на разбирање и однесување кон поимот и врвната етичка вредност „слобода“ е оттаму што: без целосното разбирање на философскиот извор и развој на поимот „слобода“, до сознанието за неа како единствена етичка вредност од која зависи нашата целосна реализација како човечки битија, невозможно е навистина да се воспостави реалната етика. Доследно на ова, би било невозможно и да се втемели реалниот етички втемелен вредносен и аксиолошки оправдан систем на граѓанинот како темелна одредница за проценување на остварeноста на едно општество како граѓанско и демократско преку степенот и досегот од практикувањето и на почитувањето и заштитата на основните човекови права и слободи. Па оттука, исто толку би било невозможно и да се воспостави каква и да е реална практична етика на граѓанското општество, а уште помалку на невладините организации, кои без таквата реална етика не би можеле да ја исполнат својата улога како општествен коректив на државата и системите кои по својата природа секогаш тежнеат кон ограничување на чија и да е слобода.[88]

Доследно на претходната констатација, произлезена од сознанието за начините на кои и преку кои ќе дојдеме до вака практикуваната слобода, само од себе се наметнува и потребата овде да се направи мал преглед на развојната линија на философската и етичката мисла за слободата.

## *2. Философско-етичко втемелување на мислата за слободата и нужноста од неа*

Она што е заеднички именител на кое и да е философско или етичко обмислување и просудување за слободата е фактот дека слободата е суштествен збор и реалност за сите живи суштества, вклучително и човекот. Но, за да се опфати суштината на слободата за човекот, за неговото реално етичко постоење и дејствување, значи да се говори не за слободата на

[88] Поопширно за прашањето на ограничувањето на слободата и репресијата како државен систем види кај S*imone Weil, Oppression et liberte,* Gallimard, Paris, 1955.

сите живи суштества, или за слободата како апстрактен поим генерално, туку за слободата на единката-личноста како основа врз која ќе се гради и за која ќе се постои. Ова пак значи дека станува збор за разгледување и осознавање на суштината на реалната слобода како човечки феномен и потреба, логиката на мотивите при дејствувањето за нејзино остварување и апсолутната неопходност таа да биде основна човекова реалност и начин на постоење, доколку сакаме да оствариме продуктивен, напреден и човечен свет и живот.

Консеквентно, тоа значи да се разгледаат, осознаат, но и проценат и понудат одговори преку предлагање на соодветен етички втемелен вредносен систем кој ќе биде доказ за тоа дека, денес и овде, вклучувајќи се секој од нас онака како што може во активностите на невладиниот секторот, ќе се корегираат грешките и на историјата и на владеењето, но и на владеењата во кои живееме. Токму тоа пак ќе биде и одредување на идната историја, затоа што при секое дејствување, чија цел е слободата, ќе се овозможи секој од нас да биде свесен за личната и севкупната човекова одговорност за развојот на општеството, но и пред и за иднината и на биомасата, но и биопотенцијалот од неа. Оттука, остварувањето на слободата како причина и цел на нашето постоење ни се наметнува како централна оска на секое етички втемелено организирање и дејствување и тоа преку ненасилни методи и средства до такво ослободување на човекот по кое нема веќе да се прашаме колкави се нашите права и слободи, туку ќе ги живееме во нивната полност со одговорноста и пред себе си и пред другите, но и за оние кои доаѓаат по нас.

Но, таквата слобода е неостварлива доколу не се изгради и свест дека до неа се доаѓа само со волја да се оствари. Споменувањето на волјата како предуслов е токму поради тоа што целата историја и цивилизациските достигнувања од неа се резултат на волјата како израз на свеста на човекот дека треба да се развива и да создава такви услови на сопственото живеење кои ќе му го вратат етичкиот дигнитет. Со еден збор, со тоа што тој своите нагони по слободна волја ги подредува на потребите на заедницата, тој дефинитивно се разликува себе си од останатите живи суштества!

Сообразно на ваквото чувствување, разбирање и практикување на постапки за да се дојде до слободата, градена врз претходните принципи и етички втемелени одредувања и цели, единствено што сега треба да ни биде важно на секој од нас е следново: веќе не е важно дали својот личен ангажман до ваквата слобода ќе го втемелуваме врз философските и етичките сознанија од античката философија или врз база на тоа како Абелар истото го зачна во Новиот век или пак во своето ангажирање ќе се одредуваме според разбирањето на слободата на Лок, Мил, Хегел, Кант, Блох, Расел..., или некој од другите умови на чии сознанија сме им благодарни. Исто така, веќе не е важно дали ќе ги проценуваме мотивите на нечие ангажирање

за остварување на слободата во вистинската смисла на зборот, според тоа дали тие се индивидуалистички, алтруистички, утилитаристички или пак произлегуваат од сознанијата на либералниот демократизам.

Независно од мотивите кои нè водат во борбата за слобода, независно од философските определби и толкувања, она што останува како историски најважно е фактот дека токму преку развојот на мислата за слободата, нејзиното согледување, размислувањето за (не)апликативноста на тие идеи во рамките на едно општество, човекот и човештвото учат не само за слободата како вредност и неопходност, туку и како да се ослободат од стравот да се биде слободен. Поточно, тоа значи дека благодарение на сите философски, морални, социјални, историски... сознанија, од мислите на оние кои ја пишуваа историјата на човекот како етички мислечко битие, и тој и неговиот род научија дека да се биде слободен е она за што секоја етика се залага, но воедно се учи и дека да се биде слободен значи да се презема одговорност во однос на тоа дали она што се прави е добро или лошо, не само за единката, туку и за другите и за општеството во целост.

Едновремено, исто толку е и важно за секој од нас, секогаш и секаде, дали вака разбраната философска втемеленост, етичка определеност или политичка мотивираност ќе ѝ служи на основната цел на нашиот позитивен личен ангажман. А нашиот личен ангажман станува позитивен, доколку е насочен кон остварување и освојување на простор во кој сечија лична егзистенција ќе биде само начин за потврдување, докажување, практицирање и себевложување во сознанието дека без почитување на темелните права и слободи на секоја единка невозможно е да се избориме ниту за сопствените права, ниту за сопствените слободи.[89] Ова, токму затоа што уште помалку ќе биде можно да го реализираме она што нужно ни треба до таквата слобода и постоење, т.е. граѓанско општество чија вистинска функција е создавање на таков тип на институции кои ќе ја сервисираат ваквата етички втемелена потреба и цел. Тоа пак, како краен врвен резултат, ќе не доведе до таму што невладиниот сектор и невладините организации ќе престанат да постојат, затоа што ја извршија својата функција заради која, поради етичката самоосвестеност на секој од нас, беа одбрани како најсоодветниот начин и метод за остварување на претходно спомenатите цели и вредности. Резултатот од ова нужно ќе биде етика која веќе не ќе се дели на етики на вакви или онакви невладини организации, туку просто ќе биде она што и е целта на невладиниот сектор, втемелнување на една универзална етика како основа за вистинско достоинство на секое човеково постоење.

---

[89] Дури во заедница со другите индивидуи, секоја индивидуа добива средства сестрано да ги развива своите склоности; значи, само во заедница станува можна личната слобода - Karl Marx i Friedrich Engels, *Rani trudovi*, Naprijed, Zagreb, 1967, str. 425.

Споменувањето на целите на невладините организации: создавање на таков тип на слобода која ќе доведе до универзална етика, која ќе се втемелува на почитување на таков вид на слобода, која ќе биде причина за постоење на човекот, воедно го наметнува и прашањето и одговорот зошто и како невладините организации толку добија на значење, особено во земјите на транзиција, а уште поспецифично на Балканот.

### *3. Улогата на невладините организации во создавањето и одбраната на слободата*

Имено, земјите во транзиција, особено оние во политичко-економска транзиција, се најдоа во таква положба што по паѓањето на системите кои ги одредуваа, граѓаните на тие земји постојано го слушаа извикот: „Конечно сте слободни!“. Независно од тоа дали граѓаните сами ја освоија таа слобода или не, она што е евидентен факт е тоа дека истите тие граѓани, стекнувајќи се со таа слобода, беа исправени и пред прашањето: „А што со неа?“. Да појаснам: сите земји од Источна Европа, за кои се велеше дека се земји во транзиција, се најдоа во состојба на ослободеност излегувајќи од систем во кој граѓаните на тие држави со сигурност не научија една работа - како да живеат слободно и како да ја користат и онаа слобода која ја имаа во претходните системи. Ова пак ги доведе до таму што, незнаејќи што и како со слободата, наеднаш се најдоа во ситуација да можат да кажат и да мислат што сакаат, па дури и да бидат слушнати, но не беа во ситуација директно да влијаат врз процесите на транзиција до демократизација и реално граѓанско општество. Ваквата состојба на нештата, делумно под влијание на т.н. „демократски Запад“, а делумно и поради основниот нагон на човекот како општествено битие, резултираше со создавање на безброј невладини организации со најразлични цели, определби и методи на дејствување.[90]

Историски гледано, процесот на распаѓање на Источниот блок, кој започна во 80-ттите години на минатиот век, резултирајќи со појавата на невладините организации како последица од претходно споменатите причини, воедно го отвори и процесот на еволуција на истите. Имено, од организации кои во својот почеток повеќе беа неформални групи на граѓани, собрани околу локални интереси, па дури и на ниво на улица или на стамбен блок, тие полека почнаа да се осознаваат себе си и како група која може да влијае на повисоко ниво, а со самото тоа започна и процесот на нивното

[90] Не завлегувајќи во тоа како и кому сѐ служеа транзициите и кој и како се обидуваше да ги искористи, особено во зависност од националниот или верскиот состав на земјата, останува фактот дека културно-историското и верското наследство имаа клучна улога во појавата и развојот на невладините организации, особено на просторите на Балканот.

етичко освестување и изградување. При ова се мисли на фактот дека, ако во првите 5-10 години меѓу ваквите невладини организации доминираше судирот околу тоа кој е поброен или кој има поголемо влијание, од 1990-1992. година започна развивање на свеста за фактот дека без заедништво, соработка и дијалог ниту една од нив не ќе може ниту да опстои, ниту пак реално да влијае на она за што се залага секоја етички освестена личност - создавање на етички втемелено и одредено реално граѓанско општество во кое сечија слобода и права ќе бидат почитувани.

Општата констатација за еволуцијата на однесувањето на невладините организации, во овој период, во земјите на транзициите, не е заради задоволување на потребата од историски преглед, туку заради фактот што токму ваквото нивно самоосвестување на етички план овозможи подоцна, во периодите на стабилација на демократијата во земјите во кои припаѓаат, нивната улога од обичен „гласноговорник“ на ад хок формирани граѓански групи да прерасне во речиси рамноправен партнер на властите и политичките партии, независно од тоа дали тоа како генерална оценка ќе важи насекаде и во секоја конкретна држава која настана од распаѓањето на т.н. „Социјалистички блок“.

За да нема недоразбирање, треба да се нагласи фактот дека еволуцијата е потврдена со тоа што, иако во почетокот многу од граѓанските организации и групи кои се криеја зад поимот „невладина организација“, честопати стоеше тесногрупашка економска мотивација или желба за политичка пресметка, во текот на изминативе две децении, за среќа, тоа заврши само како „детска болест“ во развојот на невладините организации. Ова пак покажува и докажува дека невладините организации од ваквите земји во транзиција, и покрај недостатокот на историското искуство на користењето и освојувањето на нови простори за и на слободата, мошне брзо созреаа и етички „пораснаа“ до свеста дека нема слобода ниту на една единка, доколку тоа значи негирање на слободата на некој друг.

Вака осознавајќи ја функцијата на слободата во вистински демократско општество, невладините организации од земјите во транзиција почнаа лека-полека да се групираат околу цели и активности кои ќе ги пресретнат проблемите на транзициските општества до целосната слобода како врвен израз на демократијата. Оттука, според целите околу кои се групираат, според начините и методите на нивното остварување, тие можат да се поделат во повеќе групи, а од таа поделба може да се заклучува за степенот на етичката освестеност исто колку и за етичката втемеленост на целите и интересите кон кои се стремат - сеопштата слобода како врвна етичка вредност. Тоа пак доведе до тоа што невладините организации, специјализирајќи се за одделни општествени прашања, за да ја остварат својата вистинска цел - слободата за секого, мораа да прифатат и да дејствуваат врз база на одредени принципи кои се нужен предуслов за

остварување на ваквата цел. Поконкретно, невладините организации, применувајќи ги принципите на ненасилство, разбирање, дијалог и почитување на туѓите слободи, лека-полека почнаа да градат и одредени етички вредности, со што од говорник на групата која ја застапуваат дораснуваат до едукатор и на останатиот дел од општеството. Така на пример, организациите чија основна цел-интерес се прашањата од доменот на почитувањето на политичките, религиозните или некои други слободи, со самото свое делување и укажување на потребата од нивното почитување, заштитување и унапредување, воедно почнаа да исполнуваат и една од своите основни општествени улоги: развивање на свест и кај политичарите и кај извршната власт, но што е уште поважно, и кај обичниот граѓанин, дека без почитување на туѓото политичко или религозно верување или убедување, невозможно е создавање на реално слободно демократско граѓанско општество. Но, она што е уште поважно од развивањето на ваквата свест, е фактот што со инсистирањето на заштитата и ширењето на ваквите слободи воедно се наметнуваат и критериуми за етичко вреднување и одредување на секоја единка, а посредно преку тоа и на секоја политика, секоја власт и секој систем. Поедноставно кажано, невладините организации со своето делување, слободата и нејзиното почитување ги доведоа до степен на прашање преку кое ќе се одредува, вреднува, етичката втемеленост и оправданост на сечие постапување и делување.

Наведувањето на примерот со организациите чиј потесен круг на интерес се почитувањето на политичките слободи и права не значи дека истата таква улога во развојот на патот до реалното граѓанско општество не ја играат и организациите чиј круг на интереси, цели и делување се животната средина, квалитетот на пазарната понуда, заштита на интересите на потрошувачите... Имено, станува збор за тоа дека невладините организации кои се специјализираа само за одредени прашања и кои ги обезбедуваат правата некогаш и на потесна група на граѓани, всушност ја доградуваат и сеопштата слобода во општеството, токму затоа што го ослободуваат истото од опасноста во развојната линија до постигнување на економските цели, особено во земјите кои произлегоа од распаѓањето на социјалистичките системи, да жртвуваат дел од граѓанството под паролата: „Повисок општествен и национален интерес“. Попрецизно, овој пример е само за да уште еднаш се потврди фактот дека слободата е целосна само кога секоја единка се чувствува слободна, затоа што останатите во општеството водат сметка и за неа. Оттука, слободно и со сигурност може да се каже дека заедничко на сите невладини организации е што, инсистирајќи на почитувањето на единката и нејзиното право на слободен избор и волја, тие воедно инсистираат на таков тип на општествено уредување во кое слободата ќе биде единствената причина и цел на постоењето на институциите на државата како сервис на граѓаните.

Претходново, пак, не значи дека некои од нив успеаја, особено на Балканот, благодарение на неговото политичко-историско наследство, да го досегнат ваквото ниво на етичка ориентираност, определеност и втемеленост. Имено, за жал, мора да се констатира фактот дека добар дел од невладините организации на овие простори, наместо да бидат израз на етичката освестеност на граѓаните за потребата од почитувањето на слободите и правата на секој, не ретко се претвораат во „гласноговорник“ и „продолжена рака на политичкиот апарат“ на власта. Оваа забелешка особено важи за оние земји во транзиција кои настанаа како резултат на распаѓање на поголеми државни етнички мешовити заедници, но и за оние, кои незадоволени во својата историска глад, па, ако сакате и поради својот државен „климактериум“, апетитите кон одредени народи, нации, етнички групации ...,[91] ги користат невладините организации како поле за замаглување на вистинските аспирации на апаратот на власт. Иако сеопштата граѓанска етичка свест, независно од дневно-политичката пропаганда, го оневозможува дејствувањето и постоењето на ваквиот вид на организации, нивното присуство сѐ уште може да се забележи. Но, она што уште повеќе загрижува при ова е фактот што кај најголемиот дел од невладините организации сѐ уште отсуствува етички втемелена економска свест за она за што се залагаат и за последиците од тоа.

Имено, се работи за фактот што невладините организации, залагајќи се за одреден тип на разрешување на некој проблем, заборavaат дека нивната задача не е само да речат дека нешто треба или не треба, или да потенцираат, на пример, дека нешто е еколошки (не)одржливо, туку нивна задача е и да понудат решение, не само конкретно, туку и такво решение кое нема да предизвика интергграѓански судир на интереси. Поточно, се работи за тоа дека невладините организации за да ја исполнат ваквата своја улога, мораат да се впуштат и во конкретно развојно истражување кое ќе понуди соодветно решение како одговор на економските потреби на развојот.

* * *

Независно од претходните негативни забелешки, мора да се признае и фактот дека невладините организации со текот на своето етичко освестување и сѐ позачестено етичко самопроверување и самопроценување, независно од полето на кое делуваат, успеаја и уште во нешто мошне важно

[91] За оваа проблематика и политичките консеквенции од распаѓањето на идеологијата на социјализмот подетално види во книгата на Zvonko Posavec, *Sloboda i politika*, во подпоглавјето “Slom socijalizma i uspon nacionalizma”, во издание на Hrvatsko filozofsko društvo, Zagreb, 1995.

за земјите во транзиција, а особено за земјите на Балканот - *да создадат општествена свест за потребата од етичко образување на секоја единка, што пак доведе до осознавање на потребата од изучувањето на самиот предмет Етика во образовните процеси заради потребата од подигањето на свеста за улогата на слободата за секој од нас, но и за начините како да се дојде до неа.*

Свеста за потребата од почитувањето на туѓата слобода, за да се оствари сопствената, со текот на времето доведе до уште еден позитивен резултат во развојот на невладините организации. Освен етичкото самоосвестување, ваквиот развој доведе и до *потребата од создавање на етички кодекси на секоја од нив како неопходен предуслов за нивното работење.* Создавањето пак на ваквите етички кодекси на општествен план се одрази со сѐ поприсутната свест кај легислаторите за потребата од инкорпорирање на основните етички вредности во законите што ги носат, но и создавање на таков тип на позитивно право и законски решенија кои не само што ќе ги штитат веќе постоечките слободи, туку ќе отвораат простор за нови слободи и права на единката како темелен предуслов за понатамошна демократизација на земјите произлезени од процесите на транзиција до создавањето на реално, етички втемелено, одредено и управувано, слободно граѓанско општество.

# V. УЛОГАТА НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ЗАСТАПУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ

Во создавањето услови за развој на еден подобар свет фундиран врз темелите на човековите права и слободи, на еден простор и време каде луѓето меѓу себе ќе соработуваат, ќе живеат братски и ќе се почитуваат, ќе умеат водени од емпатијата да се разбираат и да си помагаат..., во тој процес на креирање голема улога и задача, но и своја функција имаат и невладините организации. Накусо, ова е оттаму што сето досегашно искуство од работата и етиката во постапувањето до целта на невладините организации покажа и докажа дека тие се вистинскиот мост за комуникација на релацијата држава-граѓанин-држава во земјите во транзиција, а особено на просторите на Балканскиот Полуостров.

## *1. НВО секторот и човековите права и слободи*

Значењето на невладините организации се покажува и докажува преку давањето придонес во обезбедување на нужни претпоставки за функционирање на таков вид на граѓанско општество во кое секоја единка-граѓанин ќе може да дојде до остварувањето на своите темелни човекови права и до реализација на она што го одредува како човечко битие - степенот на слободата практикувана врз реалниот етички вредносен систем, чии содржатели доведуваат до највисоката етичка вредност на секој човек, на секое општество, на секоја држава, на севкупната цивилизација - *слободата.*

Исполнувајќи ја ваквата своја задача, функција и цел, т.е. тие преку својот етички механизам на дејствување, втемелен врз потребата да се освои просторот на слободата на човековото постоење и на неговите темелни права, се ставаат во функција на застапување, одбрана и проширување на човековите права и слободи. Ова, целото човештво го признава како незаобиколива област на човековата индивидуална активизација, чие почитување и прифаќање ќе овозможи подобар развој и квалитет на сеопштиот живот на патот кон она кон што и се стремат сите невладини организации - подигање на нивото на граѓанските права и слободи како предуслов за изградба на реално, етички втемелено и одредувано граѓанско општество. На патот до таквата етички втемелена цел, невладините организации, како своја проблематика во работата го имаат дејствувањето во име на општото добро.

Да се потсетиме, според нивната општа дефиниција, тоа се непрофитни организации, кои се независни од властите и кои вршат, пред сè, активности насочени кон некој вид јавен интерес или јавно добро, а не кон индивидуални или комерцијални интереси, но продолжуваат да ги штитат интересите на единката-граѓанинот застапувајќи се за реализацијата на темелните вредности на сечие постоење. Притоа, невладините организации се обидуваат да ги пополнат празнините во дејствувањето на властите кои не можат или не сакаат да ги пополнат, а се однесуваат на заштитата и проширувањето на човековите темелни права и слободи:

> Не постои сомнеж дека многу невладини организации истакнуваат прашањата за кои лидерите на власта или останатите лидери и елити од светот не се расположени или се неспособни да проговорат за нив и тоа од многу причини. Уште повеќе, зголемениот број на невладините организации може да се разгледува и како поврзаност со неуспехот на државата и на пазарот да ги задоволат сите барања на општеството.[92]

Невладините организации опфаќаат широка разноликост од групи, почнувајќи од оние на заедницата, преку основните ад хок групи, активистички групи, организации за развој и истражување, застапнички групи, операционални итн., сè до мошне развиени организации кои даваат помош на глобално ниво и обезбедуваат суштински јавни услуги. Значи, голем број од невладините организации се специјализирани во својата активност, почнувајќи од прашањата на економската политика, до грижата за животната средина, од изградбата на демократијата, до помошта при катастрофи. Невладините организации се ангажираат и во разрешувањето на конфликтите, како „алтернативна дипломатија", во давањето развојна и хуманитарна помош, во застапување на човековите права, во изборниот мониторинг, во разоружувањето итн. Со самото тоа, тие играат значајна улога и постигнуваат значајни реални резултати во развојот на демократијата и во ширењето и градењето на етиката во јавното дејствување.

Бројот на невладините организации рапидно се зголемува како последица на развивањето на свеста на граѓанинот за бројот на проблемите со кои едно општество се соочува на патот кон развојот до реално етички втемелено граѓанско општество. Нивниот број се зголемува, не само поради демократизацијата на истото, туку и поради реалниот технолошко-технички и информатички развој, но воедно и поради зголемувањето на бројот на прашањата за кои единката-граѓанинот-граѓанството стануваат свесни и бараат нивно разрешување како последица од подигањето и на етичката, но и образовната свест на истите.

Илјадници невладини организации изникнаа во различни земји како Франција, Бангладеш, Филипини, Литванија, Македонија, Хрватска...

[92] *What are NGOs?*, <http://www.globalissues.org/TradeRelated/Poverty/NGOs.asp#WhatareNGOs>.

Тие најчесто уживаат висок степен на јавна доверба која ги прави мошне корисни. Многумина аналитичари го гледаат овој тренд како знак на плурализмот и сè повисокиот степен на демократизација, односно како природен резултат на слободното демократско општество, а исто така и како израз на современата етичка ренесанса.

Терминот „граѓанско општество“ влезе во мода во текот на 1980-те години, но се покажа дека во текот на неговиот природен развиток се отворија многу прашања и проблеми за кои државата и властите не секогаш се подготвени да ги разрешуваат, а кои бараат посебно внимание. Токму овој простор-празнина го пополнија невладините организации, кои по природата на своето дејствување се попогодни поради нивната специјализираност за одреден тип на проблематики. Како последица од ваквото нивно дејствување, нивната улога и значење во општеството добиваат на интензитет. Оттука е сосема оправдана и констатацијата дека невладините организации понекогаш имаат и поголем авторитет од националните државни системски авторитети.[93] Сè поголемиот број специјализирани организации е одраз на сè поголемиот број проблеми со кои се соочува општеството и бројот на можностите каде истото преку нив може да се искорегира до она што лежи во суштината на секоја невладина организација - *застапувајќи ги правата и интересите на групата, да се дојде до сознанието што е заеднички интерес, што е заедничка вредност, а преку тоа пак до тип на граѓанско општество во кое невладините организации се доказ за степенот на демократичноста на истото.*

Оттука е јасно дека тие се израз и обид да се одговори на граѓанските потреби и грижи кои властите сами од себе едвај можат или сакаат да ги препознаат или да се заложат за нивно решавање. Во тој контекст, на пример, невладините организации вршат активности за помош на настраданите, ги промовираат интересите на сиромашните, ја штитат природната средина, овозможуваат елементарни социјални услуги или го унапредуваат развојот на заедницата. Притоа, нивните активности се насочени кон заштита на интересите на севкупната јавност и можат да се поделат во три групи: законски, политички и јавни. Целта на активностите е да се постигне, со ненасилни методи, на пример, придржување и почитување на темелните човекови права и слободи, елиминирање и спречување на секој вид на дискриминација, подобрување на животната заштита или системско реформирање на функционирањето на државата.

Невладините организации ги промовираат, но и се израз на демократијата и граѓанското учество. Поради тоа, тие често се нарекуваат „глас на народот“; тие ја претставуваат основната локална демократија,

[93] Во Германија, на пример, при испитувањето на мислењето, е утврдено дека значително поголем број испитаници повеќе ѝ веруваат на невладината организација Greenpeace, отколку на германската Федерална влада.

т.е. степенот на демократијата се проценува според степенот на учеството на секоја единка-граѓанин, посредно или непосредно, во општествениот развој. Овие организации учествуваат во процесот на градење на новиот демократски систем, како и во изградбата на општеството и хуманите услови за живеење. Со ширењето и со проширувањето на опсегот на интересирањата и на дејствувањето на невладините организации, се прошири и опсегот на прашања претставени пред целата заедница, а со тоа се менуваат и односите во општеството и општата политика. Граѓанското општество и невладините организации, посебно со своето напредување и зголемување, го поттикнуваат развојот на секој демократски систем, дополнувајќи го традиционалното управување со одвојувањето на граѓаните од центрите за моќ. Поточно, тие ја преземаат и улогата на редистрибутор на моќта како метод за целосна демократизација на граѓанското општество во кое почитувањето на интересите на одредена група ќе ја задоволи и потребата од реализација на супсидијарноста како еден од темелите на демократијата. Со ова е исполнета и уште една комплексна улога на овие организации.

Но, реалноста на општествата во кои живееме, невладините организации ги става во двојна улога. Од една страна, тие се нужно во улога на противник на власта, заради потребата да се заштитат индивидуалните права и слободи. Но, од друга страна, тие воедно се и нужниот партнер на власта, особено во општествените системи произлезени од распаѓањето на Источниот блок, но и во системите каде тесногрупните економско-олигархиски интереси доведуваат до ситуации во кои владеачката гарнитура кон светот декларира демократија и слобода, а во земјата практикува власт на начин на кој ги негира темелните човекови права и слободи. За жал, овде веднаш морам да забележам дека не се ретки случаите каде невладините организации, токму поради несвесноста за својата ваква двојна улога, дозволуваат да бидат злоупотребени или само од власта или само од групата што ја застапуваат.

Па затоа, свесни за претходново, при разгледувањето на проблематиката на невладините организации како нужно се наметнува и прашањето за неутралноста во нивната работа. Имено, значаен дел од дејноста на невладините организации, како типично вредносно-основани и насочени организации, зависат, во целост или делумно, од добротворните донации и од волонтерските услуги. Тоа го отвора прашањето за намерата на донацијата. Имено, голем дел од помошта собрана и дистрибуирана од невладините организации во земјите на Источниот блок во минатото беше, намерно или ненамерно, добивана од странските политички извори, па ги изразуваше повеќе интересите на донаторите, а многу помалку на оние што ја примаа. Помошта често водеше до чувство на зависност, а како последица од тоа отсуствуваше суштинската потреба од промовирањето на самодовербата и самодоволноста. Не е точно дека сиромашните не

се способни сами да ги направат работите, туку, заради последиците од колонијализмот, корупцијата, наглата промена на системите, конфликтите и сл., изградбата и развојот често бараат надворешна помош. Преферираната форма на помош е онаа која му дозволува на корисникот сам да си помогне, согласно старата кинеска изрека:"Ако му дадеш на човекот риба, си го нахранил еден ден. Научи го да фаќа риба, тогаш си го нахранил доживотно".[94]

> Затоа невладините организации мора да се издигнат над милостињата за да ги упатат пошироките прашања, како што се управувањето и одговорноста, односно тие треба да одат понатаму, посветувајќи се на симптомите, да навлезат во изградбата на заедницата и на рехабилитационите проекти кои би имале долгогодишно влијание. Секоја организација која ја дефинира својата мисија само како подарување на нешто, тоа погрешно го разбрала. Вие можете да спасите нечиј живот со она што сте го испратиле, но она што треба да се спаси е нивното издржување во животот. Мнозина од луѓето ќе опстанат врз основа на нивната снаодливост, а не на странската помош. Ним можеби им треба помош, но само за кусо време, а потоа ќе сакаат да продолжат сами на свое. Тоа значи да не се поставуваат големи кампови како магацини со донирана храна која може да овозможи добри фотографски мигови, ниту да се развива култура на зависност. Наместо тоа, истото треба да значи убедување на луѓето да се вратат назад во своите домови, токму онаму каде тие сакаат да бидат, колку што е можно побрзо, и резонирање за она што им помага нивните потреби да останат таму и да процветат.[95]

Денес, невладините организации оперираат практично во секој дел од Земјината топка, занимавајќи се со сосема разбирливи и потребни прашања, неопходни за правилен развој на општеството. Иако полето на интернационалните невладини активности се шири, многу од невладините организации оперираат само внатре во својата држава и често на чисто локално ниво, разрешувајќи ги на тој начин локалните проблеми и потреби. Повратниот ефект од ова е што нивното позитивно разрешување ја остварува корективната улога на невладините организации до државно ниво, а со тоа пак, т.е. корегирањето на однесувањето на системот во рамките на државата, истата ја корегираат до степен на демократизација и етичко освестување за улогата и значењето на почитувањето на темелните човекови права и слободи. Оттука пак следи и тоа дека, на тој начин, вака активните невладини организации ја ослободуваат земјата од тоа да биде потребен ме-ѓународен механизам на притисоци за остварување и заштита на овие права.

---

[94] Pieternel Gruppen, *Let's Abolish Development Aid,* Radio Netherlands, 16.05.2001, <http://www.rholmus.org>.

[95] James V. Riker, *The Phenomenon NGO*, <http://www.globalpolicy.org/ngos/intro/growing/2005/0109>.

Сходно на претходното заклучување, разгледувани според последиците од конкретното дејствување, мошне значајни се оние невладини организации чии приоритети на дејствување се: темелните човекови права и слободи, создавањето на услови за социјалната правда преку еднакви можности за старт во животот преку образованието и еднаквоста пред законот, без оглед на културната, религиската, политичката, националната, етничката или половата припадност...

Тоа говори дека во основата на невладините организации нужно лежат етичките принципи и цели и тие се раководат според етичките норми, меѓу кои основни се оние кои се однесуваат на промовирањето, унапредувањето и заштитата на човековите права и слободи. За една невладина организација може да се рече дека работи за доброто на своите граѓани, ако се бори за почитување и заштита на нивните темелни права и слободи. Ваквото залагање и активност на невладините организации да се повтори уште еднаш, е израз на човековата потреба и желба, независно од политичкиот, економскиот или општествениот систем, слободата не да се посакува, туку да стане реалност која се живее. Доколку ова не биде темелот на сознанието за целта на секоја невладина организација, тогаш тие не би можеле да исполнат уште една своја функција: врз реални етички универзални вредности да се гради свет во кој ќе можеме да живееме слободно и меѓусебно да се почитуваме, т.е. без да се повредуваме.

Неповредувањето пак, ќе задоволи уште една неопходна цел и функција на истите: создавање и развивање на сеопшто чувство за хуманост и хуманитет на човекот како предуслови за негово опстојување како слободно битие, чии темелни права ќе се реализираат во граѓанското општество, чија свест за улогата на хуманоста и хуманитетот на овој начин се подига на едно повисоко ниво, т.е. ниво од кое граѓанското општество станува свесно за себе, како за заедница на хуманитети од која се раѓа хуманоста како универзална етичка вредност без чие практикување нема слободен човек.

## *2. Местото на застапувањето и заштитата на човековите права и слободи во активностите на невладините организации*

Правата и слободите на човекот се најјасен израз на генералната слободарска идеја на современиот свет: Луѓето меѓу себе треба да негуваат братски чувства, без разлика од која нација или регион на светот доаѓаат, како и без оглед на нивната социјална и материјална положба! Тоа говори дека човекот на денешницата треба да биде отворена личност без какви и да е предрасуди и стереотипи. Членовите на денешното човештво сè повеќе настапуваат како индивидуални идентитети кои потекнуваат од соодветна средина, имаат различни навики, но целиот свет е нивен и тие сакаат нему да му припаѓаат како слободни личности. Луѓето настојуваат сè повеќе

и повеќе да се доближат едни до други. Изнаоѓаат различни начини да се поврзат околу заедничките интереси и цели, настојуваат да научат, да соработуваат и заеднички да дејствуваат на сите полиња врз несомнени етички вредности, проверени и докажани низ целата историја како оправдана причина за ненасилно доаѓање до почитувањето и заштитата на темелните човекови права и слободи. Она што ги обединува во тој напор е настојувањето да воспостават заедничка постојана грижа за светот и да најдат решение за тешките проблеми со кои денес се соочуваме. Притоа, тие се стремат да имаат разбирање за сите човечки форми, за сите човечки личности, за сите добри човечки идеи, што значи дека главно се верува дека сите луѓе се еднакви. Во таа смисла, ним им се потребни широки права и тие сметаат дека сите луѓе треба да имаат еднакви права, без оглед на половата, религиската, политичката, економската, националната, образовната..., припадност и разлики.

Едновремено, започна и поизразено воспоставување на светот на слободата. Денес сè се мери според степенот на остварената слобода, затоа што настојуваме слободата да биде начин и услов за вистинско човечко живеење. Притоа, посебна цел на експанзијата на бројот на човековите права, чие остварување е и целта на постоењето на најголемиот број на невладини организации и на локално и на интернационално ниво, е да се подигне нивото на достоинството на човекот, преку заштитата и оневозможувањето на услови за негово негирање.[96] Токму затоа, луѓето сè повеќе на себе гледаат како на суштества кои безусловно мора да бидат слободни, бидејќи слободата е единствената достоинствена форма на човековиот живот. Тоа е темелно право на секоја единка! Нема слобода за луѓето без почитување на нивните права! Нема слобода за никого, ако сите не ги уживаат своите права!

Човековите права се содржани во елементите на слободата, онака како што таа се реализира во човековиот свет и услови. Секој, кој има права, ја има и должноста и одговорноста нив да ги овозможи и за сите други луѓе. Уште повеќе, денес со тоа, како никогаш досега, се потенцира значењето, смислата и функцијата на човековата слобода како темелна цел на сечија активност. Речиси насекаде се говори за општествената и за личната слобода, за слободниот свет, за овие или оние слободни личности, но и за неопходноста од ослободување и на преостанатите земји, кои се заложници на сопствениот диктаторски режим. Со падот на последните упоришта на социјалистичкиот режим, човековата слобода започна да се разгледува во рамките на современото граѓанско општество, т.е. со поврзувањето на идејата на либерализмот со идејата на демократијата, како и со истакнувањето на исклучителното значење на либералната демократија која ги спојува либералните и демократските начела и вредности во едно: индивидуалната

[96] Antonio Cassese, *Human Rights in a Changing World*, Temple University Press, Philadelphia, 1990, pp. 3.

слобода и политичката еднаквост, правата на малцинствата и владеењето на мнозинството, конституционализмот и волјата на народот.[97]

Но идејата е една, а реалноста често поинаква и сурова. Во таа смисла, сѐ уште постојат општества каде не се почитуваат или многу малку се почитуваат и реализираат човековите права. Како потврда на овој став не мора да бараме примери подалеку од нашата држава. Доволен показател е Извештајот на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија за 2004 година, во чиј генерален заклучок се вели:

> Во 2004. година, државата не исполнила ниту една од наведениве задачи: да создаде услови за практикување на човековите права и слободи, да не ги повредува човековите права и слободи со дејствувањето на било кој орган, структура, поединец службеник или избран функционер, доколку се случи грешка која резултира како повреда на човековите права да ја констатира и исправи таа грешка и во најголема мерка да ги поништи или ублажи нејзините последици, односно да го санкционира таквото повредување и на тој начин да ги заштити човековите права и слободи. Односно, во 2004. година, во Република Македонија не постоеја услови за практикување и заштита на базичните права и слободи на ниво соодветно на европските демократски држави, а државата во повеќе случаи и самата ги повреди и загрози правата и слободите на сопствените граѓани. Продолжувањето на практиката на злоупотреба на правото, непочитувањето на законите и рушењето на органите на демократската држава, претставува нескриено манифестирање на самоволие од такви размери кои оневозможуваат елементарно остварување на базичните права и слободи на граѓаните.[98]

За жал, тонот и констатациите и на извештаите кои следеа по овој, останаа исти.

Се разбира, реалноста на светот за чија философска и етичка основа е земена идејата на пошироките човекови права и слободи сѐ уште е далеку од замислениот слободен братски свет на сите луѓе. Затоа, почитувањето на темелните човекови права и слободи, освен како интегрален дел од меѓународните закони и политика, треба да стане и дел на домашните закони и начин на практицирањето на демократијата во сите земји, во што свој голем придонес можат и мораат да дадат и невладините организации со своите конкретни активности. Темелните човековите права можат да бидат користени како универзални, недискриминаторски стандарди за формулирање и за критикување на законот и владеењето, да дејствуваат како водичи за исправно однесување.[99]

---

[97] Поопширно види кај Slaven Ravlić, *Poredak slobode: Politička misao Johna Stuarta Milla,* Hrvatsko filozofsko društvo, Zagreb, 2001, str. 51-97.

[98] *Извештај на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Р. Македонија за ситуацијата со човековите права во 2004. година -Годишен извештај,* <http://www.mhc.org.mk>.

[99] David Little, *The Nature and Basis of Human Rights*, United States Institute of Peace, 16.03.2005, <http://www.usip.org/research/rehr/universality.htlm>.

Претходнава констатација пак, не само што укажува на улогата и значењето на истите, туку укажува и на основната улога, задача и функција на секоја невладина организација за да ја исполни улогата што по природата на нештата ја има: *коректив на начинот на практицирањето на демократијата до општество втемелено на етиката на слободата.* Со тоа не само што ја докажува својата етичка втемеленост и оправданост, туку јасно покажува и докажува дека без ваква етика во практикувањето до целта на секоја од нив, нема исполнување на потребата на секој од нас - несомнени услови, ослободени од било кој вид на негација на човекот. Ваквото толкување на улогата, задачата и функцијата на невладините организации укажува и уште на нешто - дека тие, освен тоа што се донекаде и водичи на свеста, воедно се и општествено корисен инструмент преку кој се шири полето за реализирање на слободата на единката.

Во оваа смисла, заедно со меѓународните инструменти и со националните законодавства и институции, неразделен елемент на системот на застапување, унапредување и заштита на човековите права се и невладините организации. Тие, како што претходно беше споменато, своето базично меѓународно правно признание го добија токму на основачката конференција на ООН во Сан Франциско (1945) при изготвувањето на Повелбата на ООН, во членот 71, каде се утврдува дека Економско-социјалниот совет може да склучува договори за советување со оние невладините организации кои се занимаваат со прашања што влегуваат во рамките на неговата надлежност.[100] Многу невладини организации се здобија со статусот консултанти на ООН на планот на унапредувањето на човековите права.[101]

Иако во почетокот признавањето на улогата и значењето на невладините организации се сведуваше само на консултирање со нив, во изминатиов период, токму заради оправданоста на целите за кои се залагаат - почитување и заштита на темелните човекови права и слободи, тие од консултативен фактор прераснаа во меѓународен фактор кој исполнува повеќе функции. Една од најзначајните функции што денеска ги имаат е и тоа што тие освен што го проширија полето на човековите права и слободи, станаа фактор на мирот во светот - алтернативната дипломатија која не е прерогатив само на државата, туку начин за конкретно практикување на философијата на ненасилно освојување на слободата и правата. Најдобар пример за ова се меѓународните невладини организации: Хелсиншката

[100] *The role of NGO`s in the Transittion to a Democratic Society*, Council of Europe, Strasbourg, 1994 или *Обединети нации-Темелни документи*, Скопје, 1995.

[101] Ова пак ја потврдува улогата на невладините организации дека се партнер и на меѓународно државно ниво, со што се постигнува уште една нивна цел, а тоа е промена на однесувањето на државите во светот, особено на големите држави кои претходно поаѓаа од позицијата на моќта и силата, што во пракса значеше негирање на слободите и правата на другите држави, а консеквентно на тоа и на граѓаните на тие држави.

федерација за човекови права и Амнести Интернешнал, која, токму поради остварените резултати во борбата за зашита на човековите права и слободи во 1970. година ја доби Нобеловата награда за мир.

Целта на *Меѓународна амнестија (Amnesty Internacional)*, која е основана во 1961. година, е да ги штити политичките затвореници и сите други луѓе лишени од слобода заради своите убедувања, а кои во своето дејствување не користеле насилни средства и методи. Методот на работа е спроведување на активна меѓународна кампања за ослободување на групи или поединци, затворени заради нивното политичко или друго убедување. Доколку не може да издејствува ослободување на обвинетите за политички кривични дела, нејзините активности се концентрираат на напорите да се обезбеди фер судење, вклучувајќи и настојувања на судењата како набљудувачи да присуствуваат, не само домашните, туку и странските правници, кои се докажани борци за темелните човекови права и слободи. Оваа организација е еден од најпознатите носители на движењето за аболиција и за укинување на смртната казна.

Втората организација е меѓународната *Хелсиншка федерација за човековите права*, која претставува форма на обединување на националните Хелсиншки комитети за човековите права, а постои од 1-ви август 1975. година, т.е. денот на потпишувањето на Завршниот акт на КЕБС. Нејзиниот метод на работа се темели на настојувањата да ги убедат националните влади на државите-потписнички на Завршниот акт на КЕБС да ги почитуваат своите обврски на планот на човековите права преземени со неговото потпишување. Активностите на националните хелсиншки комитети опфаќаат собирање на релевантни информации и составување и дистрибуција на извештаи за одделните случаи или за практиката на нарушување на човековите права воопшто во одделни држави. Добар дел од нивните активности се состои во едукација на граѓанството во областа на човековите права и за начините за нивно остварување и заштита, при што широко ги користат медиумите со цел да влијаат врз јавното мислење и да ги стават во служба на унапредување на темелните човекови права и слободи. Со тоа пак извршуваат уште една улога и задача: практично едуцирајќи ги единките за нивните права и слободи, за начините на нивната заштита и остварување, ја градат и едуцираат свеста и за слободата на секој друг поединец како човечко битие со истите права и слободи. Повратниот ефект од ова е што, едуцирајќи го секој член на општеството за потребата од свеста за почитувањето на правата и слободите на секоја единка, тие ја исполнуваат и функцијата да бидат коректив и преносник на потребите на единката. Воедно преку тоа ја едуцираат и општествената свест за потребата од ваквото практицирање на правата и слободите, што пак ја остварува и нивната крајна целност - државата, од инструмент кој загрозува, да стане инструмент на заштита на ваквите несомнени етички вредности и потреби.

Без разлика на видовите на невладини организации кои дејствуваат на полето на темелните човекови права и слободи, како и опсегот на нивните активности на ова поле[102], функциите и целите на поголем број од нив се содржани токму во настојувањата да се реализираат најблагородните идеи на човештвото, т.е. реализација на правата и слободите на човекот. Уште повеќе, без разлика на методите и стратегиите кои се користат во нивната работа, како и тоа кои методи преовладуваат во нивната работа[103], невладините организации се јавуваат во функција на дополнителен сегмент на институционалниот систем за застапување, гарантирање, унапредување и заштита на темелните човекови права и слободи, како на меѓународен, така и на национален план. Тие со своите активности значително придонесуваат за ефикасноста и подобрувањето на соодветните системи. Без нивниот ентузијазам, автентичност, непристрасност, а пред сè, без нивната силна приврзаност кон идеите на слободата и на солидарноста меѓу луѓето, многу важни меѓународни инструменти за унапредување и заштита на човековите права би останале само на хартија и без суштинско влијание врз секојдневниот живот на луѓето.

Во таа смисла, постоењето, функционирањето и развојот на невладините организации кои се занимаваат со остварувањето и заштитата на темелните човекови права и слободи, особено на оние што се организирани на национално ниво, го изразуваат демократскиот карактер на соодветното општество, но ја исполнуваат и својата функција да го потпомогнат понатамошниот демократски развој не само на сопственото општество, туку и на општествата кои се угледаат на нив како на пример. Тоа е најдобриот доказ дека во соодветната држава постојат макар елементарни

[102] Тие можат да бидат организирани како национални и како меѓународни. Постојат невладини организации чија дејност е насочена исклучиво кон унапредување на човековите права и слободи, но постојат и такви кои опфаќаат многу поширок спектар на активности, вклучувајќи ги и човековите права. Од оние што се занимаваат само со човековите права, постојат такви кои се занимаваат со човековите права воопшто, но и такви кои се специјализирани за определена група права, па дури и за одделно право. Најмногубројни се оние невладини организации кои својата работа ја насочуваат кон традиционалните граѓански и политички права, но сè повеќе се раѓа интересирање за третата генерација на економски, социјални и културни права, а веќе не е никаква реткост интересирањето за т.н. четврта генерација - еколошките права.

[103] Меѓу најчестите методи се: спроведување на сопствени истраги за кршењето на човековите права во конкретни случаи; анализи на остварувањето на човековите права во одделни земји, региони или ситуации; составување извештаи и нивно доставување до компетентните национални или меѓународни форуми; формирање и користење на лоби групи и групи за притисок во политичките структури на одделни држави или во меѓународните владини организации; влијание врз јавното мислење со цел да се зголеми сензитивноста на општеството за прашањата на почитувањето на човековите права..., како и многу други методи и техники.

услови за развиток на институциите на граѓанското општество, чиј значаен дел се и тие, како облици во кои луѓето слободно се здружуваат во една сфера која е заштитена од досегот и влијанието на државата. Но, воедно со тоа се исполнува и уште една улога, задача и функција на невладините организации: со намалувањето на просторот на државата за директна интервенција, ширејќи го просторот на човековите права и слободи, да го подигнат нивото на свеста за потребата од таков тип на општествени системи-уредувања во кои државата ќе биде само сервис на граѓанинот на светот. Со ова се укажува уште и на една многу битна работа кога станува збор за овие невладини организации: со ваквата улога во рамките на сопствената земја и служењето како пример за други, тие, од локално одредена и зацелена улога, дораснуваат до меѓународна улога и цел.

Токму тоа е и причината што многу вакви локално, во рамките на само една држава основани невладини организации, денеска се организирани како меѓународни. Ваквиот начин на организирање, не само поради поголема ефикасност во своето дејствување, туку поради фактот што етиката на работењето и начините и средствата што се користат до зададената цел се несомнено човечки етички вредности и потреби независно од државните, религиските, културните..., граници.

Попрецизно, кога станува збор за меѓународните невладини организации кои работат на полето на темелните човекови права и слободи, нивното постоење, функционирање и развој, значително ги растоварува меѓународните односи од оние стеги кои се присутни во официјалните билатерални и мултилатерални односи меѓу државите.[104]

Оваа функција и улога на невладините организации истовремено го потенцира слободниот и демократски карактер на најголемиот дел од слободните општества, но истовремено и влијае на унапредувањето на таквиот нивен карактер. Токму заради отвореноста и демократичноста, современите политички системи се доста чувствителни за притисокот што доаѓа „оддолу“, од страна на организираните општествени групи (меѓу кои предничат невладините организации) и од јавното мислење. Овие околности влијаат поволно врз создавањето на клима во која се почитуваат и се заштитуваат темелните човекови права и слободи и се шири полето на нивното значење и влијание при одлучувањето. Истото важи и на планот на меѓународните невладини организации. Поместувањето на тежиштето на активностите од официјалните владини претставници во меѓународните форуми врз невладините организации, го ослободува процесот на унапредување и заштита на темелните човекови права и слободи од претераното политизирање и од бранење по секоја цена на политичките позиции и интереси на сопствената држава, што им штети, пред сè, на човековите права на сопствените граѓани, а со што се остварува

[104] Цветан Цветковски, цит. дело, стр. 145.

и уште една улога, задача и функција на невладините организации. Станува збор за прераспоредување и прераспределба на моќта при одлучувањето од еден центар кон секој човек како дел од општеството, но и како слободен да одлучува и решава и на светско ниво за својата иднина и опстанок. Подиректно кажано, при ова мислам не само на намалувањето на опасноста и стравот од атомскиот холокауст, туку и на фактот што сè поголем број економии во светот, за да ја обезбедат својата економска одржливост и оправданост, мораат да водат сметка и за севкупноста на биомасата, за да не го загрозат основното човеково право слободно да се развива, користејќи го севкупниот биопотенцијал на планетава за која немаме замена.

Преку тоа, најевидентно се согледува функцијата и особеното значење на невладините организации во застапувањето и одбраната на нај-суштествениот сегмент на современиот човек - неговите права и слободи.

Невладините организации знаат дека без застапување, зачувување, унапредување и ширење на бројот на темелните човекови права и слободи не е можен никаков развој во кој било сегмент од човечкиот живот, никаков развој во која било сфера на современото живеење. Застапувањето и одбраната на човековите права и слободи од страна на невладините организации значи предуслов за создавање на свет во кој сите ќе бидат еднакви и ќе ги уживаат истите права и слободи, т.е. можност за истакнување на достоинството на секој човек и на грижата за почитување и унапредување на достоинството на сите луѓе. Само така ќе се создадат услови за креирање на еден нов свет во кој луѓето нема повеќе да се плашат за својата опстојба, туку ќе работат на унапредување на својот живот преку прифаќање и застапување на најдобрите етички вредности кои ќе дадат поволен резултат во напорот за поквалитетен живот. Само така човекот ќе може да го одбере вистинскиот пат и да им овозможи иднина и на оние кои доаѓаат.

# VI. ГЛАВНИТЕ ЕТИЧКИ ЦЕЛИ НА ЧОВЕШТВОТО ДЕНЕС И НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР

Во современото доба на демократија и либерализам, сѐ повеќе се говори за етиката како ориентир во живеењето со помош на која не само што се создаваат услови за опстанок на човекот, туку и се унапредува квалитетот на неговиот животот, а се обезбедува и иднина за следните генерации. Во таа смисла, особено денес, кога етиката му кажува, го учи човекот што е добро и на тој начин му го покажува правилниот пат во животот, конкретно мислиме на вредностите кои се самата суштина на основните категории во етиката, фундамент на етичкиот механизам на дејствување, кои и лежат во основа на Етиката. Како што е наведено во „Етичкиот речник“:

> Вредноста значи квалитет на нештата заради кој тие се оценуваат позитивно, предизвикуваат задоволство и стануваат предмет на посакување и основа за дејствување. Во философска смисла, тоа е поим со кој се означуваат целите и стремежите на човекот, кои имаат повисоко значење, отколку обичните нешта.[105]

Нејзиниот квалитет, кој се проверува според прашањата дали нешто чини, во смисла дали е добро или лошо, дали нешто ни се допаѓа или не, дали го избираме како сопствен начин на постоење и делување, го сакаме и го препорачуваме, говори дека:

*Прво*, вредноста значи определба за Нешто, нешто зад што сме, стоиме со сопственото постоење. Се работи за механизмот на Вредноста - човекот е оној кој ја избира, живее, дејствува, своите постапки ги планира според неа, ги мери своите реализации и ги спроведува делата за себе и за другите луѓе.

*Второ*, вредноста говори за што се застапуваат луѓето. Таа е она што е човеков избор, по што се одредуваме како луѓе - човек. Преку неа се изразува духот на етичката определба, на она што сме како личност, карактерот во етичкото одбирање и на себе си и на другите. Оттука, изборот на вредностите не е само етички, туку и животен избор на секого. Тоа значи дека вредноста за која се определуваме е раководно начело во животот, но и во моралот на човекот.

*Трето*, вредноста ги изразува човековите точни чувства и внатрешни согледби, т.е. преку неа се изразуваат човековите цели, интереси,

[105] Кирил Темков, *Етички речник*, Просветно дело, Скопје, стр. 19.

желби и стремежи. Таа е духовен елемент со кој се поттикнуваат неговите сили и оправдуваат неговите настојувања. Нејзиното реализирање го води човекот до етичката доблест според која се вреднуваме. Таа е неговата важна внатрешна димензија, но и широка општествена основа со која тој најдобро ги мери своите достигања, своите духовни и материјални дострели. Во овој контекст, вредноста е израз на неговата свест за животот, за односите меѓу луѓето и за неговото постапување. „Само преку моралната вредност се изразува целосната визија на човекот", вели Иван Девчиќ - „она што се смета дека човекот како човек би требало да биде и како треба доследно да се живее и постапува. Моралната вредност е всушност нашата самосвест и саморазбирање, т.е. најдлабоко познание кое го имаме за себе си".[106]

*Четврто*, како главна карактеристика на вредноста е нејзиното значење за човекот. Основниот проблем лежи во избирањето, каде постои една двојна функција, прво, она што човекот е научен да го избира, т.е. традицијата, но и разумот и чувствата како средство за избор; и второ, етичката вредност, истакнувањето на сопствената морална вредност како човек. Оттука, тој ги избира и ги следи, а вредностите бараат да бидат почитувани како правило за однесување во моралот. Од одбраните вредности зависи однесувањето на луѓето. Значи, вредноста бара да биде почитувана, инсистира човекот да внимава на неа и да ја следи.

Според логиката на аксиологијата, вредностите имаат своја скала. Се разликуваат најзначајните од оние кои се помалку значајни, оние вредности кои мораат да ги почитуваат сите, од оние кои се предмет на индивидуален избор. Повисоките вредности ги сметаме за поважни во исполнувањето, т.е. тие бараат да бидат во целост спроведувани, затоа што со нивната идеја и спроведување се влијае и врз оние вредности што сме ги сместиле пониско. Се работи за хиерархија на вредностите како дискрепанца на механизмот на постапување, основата во етичкото дејствување и оценување.

Оттука, генерално, кога зборуваме за вредноста, најчесто мислиме за онаа која е идеал, кон која се стреми човекот како член на заедницата или сите луѓе од таа заедница, од која се изведени сите други вредности, која значи највисоко добро и цел на животот, т.е. вредност која го определува животот и неговото исполнување. Таа е она што луѓето го бараат, го очекуваат од животот. Таа е она што секогаш е апсолутно позитивна кај нив затоа што го инспирира и човекот, и човештвото, и за добар морал и за основа за постапување.

Притоа, за човекот и за човековата заедница е мошне важен правилниот етички избор. Оттука, консеквентно на ваквата определба, клучно е која од вредностите ќе се прифати и ќе се воспостави како највисока, бидејќи од неа ќе се раководи животната активност и нејзиното

[106] Ivan Čehok, Ivan Koprek et al., *Etika*, Školska knjiga, Zagreb, 1996, str. 100.

етичко втемелување и определување. Од изборот на вистинската етичка реална вредност ќе зависи и насоката и квалитетот на човековото живеење, затоа што механизмот е децидно јасен: она што ќе го изберам, морам да го реализирам! Тоа говори сосема јасно дека во моралот, ако не го исполнете она за што се определувате, нема да имате квалитетен живот. Заклучно, врз оценката на севкупното етичко дејствување влијаат вредности за кои сме се определиле. Во таа смисла, како што потенцира Кирил Темков,

> Кај вредностите, задолжително се мери и нивното извршување, а не само застапување. Со тоа изборот на вредностите и нивното спроведување се јасен, недвосмислен показ за квалитетот на животната етика. Избраните етички вредности кои немаат големо влијание се само празни слики на еден идеалитет кој што никој не го почитува и прифаќа.[107]

Сходно на претходново, не попусто се вели дека моралните норми кои произлегуваат од изборот, застапувањето и реализирањето на вредностите се силата на човекот како да ги пронајде патиштата до квалитативно подобар етички живот.

## *1. Одредувањето на најзначајните вредностите за современото човештво како основа за правење и ширење добро меѓу луѓето*

Од пред извесен период луѓето се свртеа од минатото и традициите кон сегашноста и иднината, пред сѐ, настојувајќи да ги отстранат причините за тешката животна реалност, лошите навики од човековото дејствување, болните доживувања од двете најголеми и најкрвави војни во историјата, како и причините и причинителите на сѐ поголемиот број конфликти. Со тоа се поттикна моралната чувствителност кај луѓето и се дојде до сознанието дека човековото живеење зависи од постапувањето на луѓето. Како резултат на ова свртување и последиците од тоа, во денешницата се рашири идејата да се престане со неморалност, да се крене сопствениот глас против ова и да се употреби сопствениот ум за пронаоѓање подобри патишта. Вистинскиот одговор е дека моралот треба да се прифати и разгледа како став - сите нужно да постапуваат морално! Се дојде до сознанинето дека само етиката е она што го разбудува пламенот на добрина и морал кај човекот. Се појавија обиди за позитивни духовни и етички промени, а еден од тие обиди е стремежот човештвото да се разбере во неговата целост. Луѓето се насочија кон нови вредности, цели и задачи на животот, се појавија мисионери кои прокламираа нови вредности како цели на новиот свет, како основа на етичките концепции на правењето и на ширењето на доброто.

[107] Кирил Темков, *Етика за III година гимназиско образование*, Просветно дело, Скопје, 2004, стр. 26.

Притоа, денес се бара правење добри нешта и следење на одредени реални етички вредности како цели на животот.

Заклучно, во етиката можеме да зборуваме за голем број вредности. Истите сведочат за богатството на областите на етиката, за широчината на нејзините сознанија и за нејзиното големо значење за животот на човекот, затоа што според нив човекот се определува, сомерува и оценува во однесувањето како човек. Постои подолг список на можни определби на луѓето за моралните цели и вредности. Некои од нив се постари, но рехабилитирани вредности, кои сè уште и денес имаат свое значење, а својата виталност и апликативност ја покажуваат во вредносното дејствување. Некои од нив се сосема нови, во смисла на императивите кои произлегоа од сознанијата при нивното практицирање во современото доба. Помеѓу сите нив некои се изделуваат како најважни видови морални определби, како главна содржина и тематика на етиката, од нејзината историја и сегашност, како и од моралната практика. Во таа смисла, кога старите ќе се споредат со современите позитивни морални ориентации, се забележува дека сите тие имаат две главни нешта кои говорат за нивното денешно значење. Имено, како содржина, моралот денес и во иднина мора да ја содржи љубовта кон живото(т) и опстанокот, а второ, како форма, во моралот мора да се види неприкосновената вредност на почитување на другите и на себе си како достоинство и самодостоинство на човекот.

Општо е познато дека со возобновата на Етиката се сменија и теориите за моралот:

*Прво*, тука е сè уште класичната област на моралот како однос, избор наспроти „другиот“ - Не сум сам на светот зашто постојат и други, и што е најважно, тие се слични на мене! Етиката не се развива само на односот кон себеси, туку се базира и ја препорачува емпатијата како вчувствување, сместување на местото на другиот - Откривајќи ги другите, се откривам себеси!

*Второ,* тука е заедницата или општеството. Сите луѓе живеат во заедница - Важно е да постои свест за таа врска меѓу мене и другиот, но сфатен како дејствен член на групата! Новата идеја е дека до сега заедницата не била сфатена како цел, во смисла на нејзиното управување, унапредување, развивање, давање придонес од страна на граѓаните. Со појавата на ваквото сознание и свест, заедницата од надреден ентитет над човекот станува заедница на етички втемелени и ориентирани битија, со што се овозможува заедницата да дорасне до она што треба и да биде - етичка заедница. Тој однос меѓу заедницата и личноста е двонасочен. Во природата на заедницата е да ги чува, заштитува, се грижи за своите членови, но и за да биде функционална, секој член нужно мора да ја одржува, унапредува.

*Трето,* тука е прашањето за односот кон природата. Имено, со развојот на производните односи и резултатите од тоа, забележани се голем број проблеми во/за природата, од кои еден е нарушениот природниот процес на нејзината обнова, со што се загрозува не само биомасата туку и реализацијата на биопотенцијалот од/за неа преку човековото опстојување. Природата е место не само на нашето потекло, туку и место на живеење! Мораме да се разбираме со неа, а не само да ја експлоатираме. Ова говори дека е потребно чување на природата, но и интимност, во и со неа. Така, чувањето, внимавањето и свеста за ваквата вредност и значење на природата стана етички принцип, според кој треба и ќе се одредуваат оние кои ги избираме да нè застапуваат како граѓани и да ги штитат нашите интереси, права и слободи.

*Четврто,* тука е прашањето на свеста за местоположбата на човекот во вселената. Се разви теоријата „космизам" за да научиме дека не сме единствени во светот и дека треба да бидеме „скромни".

*Петта* област е Јас, како предмет на животна и етичка грижа, според императивот - Треба да се градиме и изградиме, да внимаваме на себе си, не само во смисла на чување на здравјето, туку како достојно суштество да откриеме колку можеме да знаеме, научиме, да ги откриеме своите капацитети! Ова не значи да се биде егоист-егоцентрик, туку развој на сопствените капацитети, да не се биде слеп при очи, т.е. самоконцентрација за унапредување.

Согласно на ова, можеме да извлечеме повеќе видови етички вредности, норми и постапки на современоста. Така, можеме да ги разгледуваме оние кои се однесуваат кон личните вредности на луѓето: Чесност, Пристојност, Самодостоинство, Самодоверба, Воздржаност, Штедливост, Работливост, Разумност, Умереност, Коректност, Чистота, Стабилност, потоа оние вредности кои значат постапки кон другите луѓе: Почитување, Интеракција, Помагање, Чесност, т.е. како да се постапува кон другите луѓе - Разбирање, Емпатија, Љубов, Лојалност, Искреност, Неповредување. Бидејќи човекот по својата природа е социјално суштество кое не може, а да не живее во заедница, како вредности нужно се наметнуваат: Слога, Напредок, Разбирање, Работа, Заедничко дејствување, Либерализам, Доверба, т.е. оние кои се нужен предуслов за општественото живеење - Заедничко живеење, Поддршка, Пријателство, Братство, Солидарност. Посебно значајна група вредности се оние кои ја изразуваат (само)свеста на секоја единка дека е дел од нешто што се вика човештво и човечност, а кои етички не би можеле да опстанат доколку во себе не ги инкорпорираат и: Мир, Љубов, Разбирање, Помагање, Соработка, т.е. оние вредности кои укажуваат на тоа каква е етичката концепција на човекот за човештвото и кои го одредуваат квалитетот и нивото на неговата етичка свест за себе и

за другите, а кои на тој начин го одредуваат и неговото постапување. Тоа се: Добра волја, Желба за етичко однесување, Ненасилство, Толеранција. Од многуте несомнени етички вредности, морални норми и постапки, се истакнуваат и оние кои се однесуваат на човековото слободно и радосно прифаќање на животот. Тоа се Оптимизмот, Љубовта, Вистината и Слободата.

Во секоја епоха, па така и во нашата, постојат главни вредности кои доминираат во определбите на луѓето и кои се согледуваат во нивните чувства и постапувања. Денес една од таквите вредности е Мирот, но не помалку и Слободата, Еднаквоста и Прогресот. Тие го определуваат однесувањето на луѓето и треба да бидат врвни етички цели на сечие постоење.

Меѓу основните социјални и политички вредности и одредници-цели на денешницата, најмногу се истакнува Мирот. Тоа е така затоа што современото човештво, свесно за потребата од своето опстојување, настапува напроти милитантноста, тоталитаризмот и шовинизмот, кои се најголеми извори на воените конфликти, притоа понудувајќи сознанија и визија на еден свет во кој ќе владее Мир, во кој ќе се оствари благоста, кроткоста на човекот и високата етика. Уште Херберт Спенсер тврдеше дека човекот се развива во суштество кое го согледува другото суштество и дека примарна социјална вредност станува солидарноста. Надоврзувајќи се на ова, Џон Стјуард Мил го изрази уверување дека нововековното човештво доаѓа до таков стадиум што повеќе нема да има потреба од војна. Имануел Кант, градејќи врз нив, во делото „Вечен мир“ од 1795. година укажуваше дека луѓето треба да разберат дека можат да живеат во мир, при што се заложи за идејата за траен мир преку спогодување и политичко обединување меѓу државите.

Накусо, инсистирањето на вредноста на Мирот, големо значење имаат негативните искуства на Првата и Втората светска војна и на другите војни во современата епоха. „Во епохата на нуклеарното, биолошкото и хемиското оружје, како и на високоразвиените воени средства за далечен транспорт, никој не е заштитен, заканата е упатена на сите“, потенцира Кирил Темков.[108] Како резултат на ова, Мирот започна да се појавува како барање произлезено од тешкотиите во животот, од лошите страни на војната, но и како израз на политичките цели. Поточно, барањето, т.е. потребата и инсистирањето на Мирот дојде од сознанието дека само во Мир може да се дојде до разумен, рационален, етички втемелен одговор на потребите на современото човештво да живее човечки. Подиректно кажано, се дојде до сознанието дека Мирот овозможува да се обезбеди опстанок и развиток, достоен живот за сите и иднина за генерациите кои доаѓаат. Па затоа

[108] Ibid., str. 284.

денеска се инсистира толку многу на одржувањето на Мирот, но не само заради одбегнување на колежите, туку како темелен етички предуслов за опстанокот на секој од нас како свесно битие за својата етичка одговорност, и пред себе, и пред другите, но и пред сопственото бионаследство.

Но, за да нашата епоха стане цивилизација на Мирот, истиот треба да биде аксиолошки фундиран, т.е. да биде врв на вредносниот систем од кој што ќе се изведуваат останатите етички вредности и конкретни норми на севкупното однесување.[109] Мирот треба да се сака по себе и за себе, а не само како функционална вредност за да се достигнат и реализираат некои други цели. Овој императив најубаво го отсликува паролата на Ернст Блох во која се вели: Човек на човека му е човек![110] Идеалот треба да биде личноста-творец, наспроти личноста-воин. *Треба да се брани градењето, наспроти уништувањето.*

Генерално, тоа е философијата и етиката на мирот - пацифизам.[111] Истиот може да биде дел од поширокaта хуманистичка философија, но често е и како придружен елемент на големиот број религиозни традиции и учења.[112] Се работи за философија која во својата апсолутна форма ги прогласува за безусловно погрешни сите форми на насилство, војна или убивање и која како идеал ја предлага социјалната взаемност во одржувањето на врските која треба да биде комплетно ненасилна и мирољубива.[113] Притоа, пацифизмот не значи само ненасилство, често толкувано како неефективно оружје на слабите, т.е. како обична пасивност и непротивење, односно не значи само воздржување од правење насилство и од воени конфликти, туку во современиот свет денес добива и уште една вредносна димензија - активна димензија, т.е. сообразни постапки и методи на мировно застапување и реализирање на тезата спротивна од онаа на Мао дека „силата доаѓа од шаржерот на пиштолот".

Претходново укажува на компонентите на Мирот, кои насочуваат на вредностите на Мирот произлезени од него. Тоа е најпрво состојбата на не-војна, духот на не-насилството, *ахимса*.[114] Не мир по секоја цена, туку љубов според сите квалитети, вели Дик Шепард. Активната етичка норма на миротворното и мирољубивото однесување е толеранцијата, како слободно

---

[109] Ibid., str. 285.

[110] Подетално види кај Ernst Bloch, *Prirodno pravo i ljudsko dostojanstvo*, Komunist, Beograd, 1977.

[111] Овој термин го постави Кант за да ја изложи идејата за мирот, не во контекстот како што овој термин се користи во дневно-политичкиот јазик.

[112] Особено во религиозна смисла, пацифизмот поаѓа од ставот дека животот е драгоценост од Бога дадена и дека никој нема право да одземе некому живот, зошто со тоа ја негира богопромислата.

[113] Alex Moseley, "Pacifism", *Internet Encyclopedia of Philosophy*, <http://www.utm.edu/research/iep/p/pacifism.htm>.

[114] Индиската вредност *ахимса* која значи ненасилство, трпеливост, ненавредување.

артикулирање на намерите на секого, градење трпеливост и разбирање за другите форми на животот и човековата свест.

Доследно на претходното, тоа значи дека градењето на мирот зависи од одбегнувањето на конфликтните методи. Треба да се запре ескалацијата на судирите. Градењето мир е процес кој го олеснува воспоставувањето на одржливиот и долготраен мир и се обидува да го спречи враќањето на насилството преку посочување на основните причини за конфликтите и на начините за нивно спречување преку помирување, институционално делување, како и политичка и економска трансформација.[115] Ова се состои од збир на физички, социјални и структурни иницијативи и активности. Притоа, иницијативите за градење мир се обидуваат да го одредат јадрото на проблемите кои лежат во основа на конфликтите и да ги променат образците на интеракција на инволвираните страни.[116] Тие целат кон поместување, измена на состојбата на популацијата од состојба на екстремна повредливост и зависност кон самодоволност и благосостојба.[117] Затоа се препорачува дијалогот, како вистински начин на остварување на толерантноста и дијалогот меѓу луѓето, т.е. како начин за артикулирање на своите и туѓите ставови. Патот кон тоа води преку запознавање и разбирање на другите. Резултатот на заедничката активност е соработката и солидарноста во животот при разни дејства кои се заедничка цел воопшто на слободните и морално зрели, добронамерни луѓе. Затоа, како главни етички норми, кои воедно се и миротворни, денес особено се истакнуваат *неконфликтноста*, како односи во кои спротивните погледи и интереси не предизвикуваат омраза или судири; *љубовта*, како емоционално доживување на светот и на луѓето; *толерантноста*, како цивилизирано и длабоко етичко прифаќање на разни погледи и ориентации; *хуманизмот*, како доживување на светот и настапување во него како место за човеков престој, опстојување; како и *совладување на насилството* во форма на добро однесување и коректни меѓусебни релации во животот. Притоа, се вели дека учесниците во конфликтната ситуација мора да ја заменат спиралата на насилство и деструкција со спирала на мир и развој и да создадат средина која ќе овозможи не само одржување на мирот, туку и негова трајност.

Креирањето на вакво окружување има три централни димензии: посочување на основните причини за конфликтот, поправањето на нарушените врски и меѓусебна комуникација на спротивставените страни,

[115] SAIS, The Conflict Management Toolkit: *Approaches - The Conflict Management Program,* Johns Hopkins University, <http://www.cmtoolkit.sais-jhu.edu/>.

[116] Luc Reychler and Thania Paffenholz, *From Conflict to Sustainable Peacebuilding: Concepts and Analytical Tools in Peacebuilding: A Field Guide,* Lynne Rienner Publishers, Inc., Boulder, Colorado, 2001, pp. 12.

[117] John Paul Lederach, *Building Peace: Sustainable Reconciliation in Divided Societies,* United States Institute of Peace, Washington, D.C., 1997, pp. 75.

до изградба на меѓусебна доверба, како и справување со психолошката траума на индивидуално ниво. Значи се работи за: структурна димензија, релациона димензија и лична димензија.

Првата, *структурната димензија*, се фокусира на социјалните услови кои го хранат насилниот конфликт. Затоа, многумина забележуваат дека одржливиот мир мора да биде изграден на социјални, економски и политички основи кои служат на потребите на популацијата, како основа за непредизвикување на војна заради потребата да се задоволи гладта по моќ и простор во неспособност економски да се разрешат внатрешните односи во некои системи.

Втората, *релационата димензија*, како интегрален дел на градењето на мирот се однесува на намалување до исклучување на ефектите од непријателството поврзани и предизвикани со и од војната и тоа низ квалитативно поправање и разрешување на општествените и социјалните конфликти и проблеми. Овој тип на димензија на градењето мир се фокусира на помирувањето, простувањето, градењето доверба и визиите за заедничка иднината меѓу спротивставените страни конкретно, а пошироко, глобално, тоа е и укажување за единствениот можен начин на создавање на услови за одржување на мирот како крајна етичка цел и вредност на секој етички систем на која и да е единка.[118] Таа се однесува на минимизирањето на последиците од лошата комуникација на заинтересираните страни што доведува до максимализација на заедничкото разбирање на иститe.[119]

Третата, *личната димензија* на градењето мир, се концентрира на индивидуално ниво, т.е. на промена на сопствената свест за тоа. Ако индивидуалците не се способни да го издржат процесот на залечување, докрај да го следат и поддржуваат процесот на помирување и надминување на причините на конфликтот, нужно се појавуваат широки социјални, политички и економски последици и по земјата учесничка во конфликтот, но со тоа и пошироко на глобален план, што пак неминовно доведува до загрозување на мирот како право на секој во светот.[120] Деструктивните елементи и причините за нив мора да бидат минимизирани, а со тоа ќе се максимализираат позитивните нужни предуслови за Мирот. Затоа се инсистира централната задача на градењето мир да биде создавањето позитивен мир, „стабилна социјална рамнотежа во која површноста на

[118] Ова особено важи за просторите на етничките конфликти карактеристични за балканските простори, каде историските наследства и граници се сè уште неразрешени.
[119] Ibid., pp. 82.
[120] SAIS, op. cit.

новите оспорувања не ескалира во насилство и војна“.[121] Во оваа смисла, ако има Мир, може да се гради свет на демократија и слобода, развиен и стабилен живот. Токму затоа, вредноста Мир ја истакнуваат и ООН во сите свои документи, бидејќи оваа општосветска организација е направена со цел да се обезбеди и брани мирот. Имено, како што се потенцира во Преамбулата на Повелбата на ООН, истите првобитно беа основани да ги зачуваат генерациите кои доаѓаат од злото на војната.[122]

Етиката на мирот е израз на животната цел на разумниот човек. Таа истовремено значи свртување и кон себеси и кон другите, затоа што ги инспирира човековите чувства и добра волја и го потпомага практикувањето на моралот, втемелен на ваквото разбирање на етиката. Во овој контекст, за Мирот се вели дека е вистинска етичка придобивка на човештвото во која се обединети многу други вредности: *Љубовта*, како сила која човекот го отвора и го насочува кон другите луѓе и кон правењето добро; *Ненасилството*, како неповредување никого ниту со мисли, дела, намери или зборови; *Довербата* како увереност дека меѓу луѓето владее согласност и чесност; *Толеранцијата* како сфаќање и прифаќање на другиот во неговите разлики; *Достоинството*, како чувство за сопствената вредност и квалитет; но и *Човештината,* како доказ за етичкиот потенцијал на човековото битие. Истовремено Мирот ги овозможува и вредностите: Среќа, Здравје, Правдина, како и низа други важни вредности: Солидарност, Соработка, Помош, Разбирање и Грижа.

Набројувањето на овие вредности е заради потребата да се подвлече улогата и задачите на невладините организации во оваа смисла, затоа што денес овие вредности се поставени на пиедесталот на највисоки вредности на човештвото. Затоа и се сметаат за основи на етичките концепции на правењето и на ширењето на доброто меѓу луѓето. Ова доаѓа оттаму што во современите општества повеќе никој не верува дека животот напросто тече сам од себе, како некоја река во која или ќе запливаме или ќе се удавиме. Поттиснато е верувањето дека животот е нешто надвор од човекот, форма која се остварува без учество на човекот. Спротивно на ова, прифатена е концепцијата дека постои целина меѓу човекот и животот и тоа согласно вредностите кои тој ги одбира, застапува и реализира. Токму заради тоа, свесна за ова, единката, како активен чинител на градењето на реалното граѓанско демократско општество, се определува да дејствува преку невладините организации, независно од нивната конкретна цел на дејствување, притоа свесна дека збирот од резултатите на нивните активности го потпомагаат остварувањето на ваквите етички вредносни цели.

[121] Henning Haugerudbraaten, Peacebuilding: *Six Dimensions and Two Concepts*, Institute For Security Studies, <http://www.iss.co.za/Pubs/ASR/7No6/Peacebuilding.html>.
[122] За оваа цел ООН во својата Повелба воспоставија механизми за зачувување на мирот, иако истите мировни операции не беа развиени се до 1950. година.

Токму затоа, вредностите се оние кои имаат решавачко значење за човековиот живот. Отфрлен е превезот на загадочноста дека тие се зададени од некоја виша сила. Затоа е многу важно што ќе се одбере како највисока вредност и дали ќе се следи, т.е. дали ќе се инсистира на нејзиното реализирање како цел на животот и истиот ќе му се подреди на тоа. Во таа смисла, современиот развој на општеството не ја отфрла етиката како систем од вредности. Се верува и се покажува дека се успешни и имаат добра иднина само општествата кои имаат високи, модерни етички вредности втемелени на реален аксиолошки систем. Ако се направи лош избор, слаба артикулација, што резултира со низок процент на ефикасност на вредностите, историскиот дострел на тоа општество ќе биде низок, а животот скуден и без перспективи. Едноставно нема да постојат добри визии и етички стандарди за тоа општество. Затоа на вредносниот систем, на изборот на главните вредности, на градењето на етиката врз стабилни, функционални и ефикасни вредности, му се посветува големо внимание во политиката, во духовниот живот, во образованието, во севкупната култура и живејачка во сите современи општества.

Во таа смисла, не само настојувањето на легитимните претставници на власта за просперитет и перспективност на општеството, туку во таа борба за унапредување на квалитетот на животот мораат да се вклучат и невладините организации преку имплементирањето на етички концепции во својот механизам на дејствување, како и во одбирањето и застапувањето на етичките цели на своето дејствување и оправдување. Подиректно кажано, за одбележување е дека имплементација на овие вредности е основен императив и во дејствувањето на невладиниот сектор.

Па затоа со сигурност се тврди дека денес речиси никаде во светот и да не постои невладина организација чии основни постулати во работењето би поаѓале од негативните вредности како цели на нивното дејствување. Но, и ако се случи постоење и дејствување на таква „невладина организација“, таа никогаш не се смета за сектор преку кој се остварува визијата на човештвото за унапредување на својот живот и одбрана на истиот. Истата се отфрла и не ѝ се дава можност за реално функционирање, бидејќи напорот на современоста, која се труди човештвото да стане поврзано и подобро, се коси со нејзината заложба за деструкција и остварување на ситни лични интереси или економски профит и политичка амбиција.

## *2. Оправданоста на потребата и обидите за создавање на Универзална етика на човештвото*

Светот е целина, Земјата е дом на сите луѓе, Природата е животна основа за сите живи суштества, а сите знаења на луѓето се општи и им користат на сите.

Ова сознание, низ историјата се јави како резултат на идејата за поврзување на човештвото. Притоа, откако се откриени и најнепознатите предели на Земјината топка, спонтано започна реализацијата на оваа идеја, а најевидентно во нашата епоха. Денес животниот простор е намален, луѓе има насекаде, целиот свет стана едно глобално село во кое, во оваа информатичка ера, сите се поврзани со стотици нишки, знаат сè за секого и живеат сличен живот. Во политиката пак, со појавата на ООН, Советот на Европа и ЕУ, на сцена дојде ерата на поврзана меѓународна политика и други политички аспекти, меѓу кои најзначаен е феноменот на форумизацијата - идејата за форумот како јавна политичка трибина - која пред триесеттина години, во минатиот век, ја возобнови Труман Кепот како начин за да се олицетвори демократскиот дух и расправи во рамките на сиот свет.

Терминолошки, не постои разлика дали овој процес на поврзување на светот, како создавање свет на меѓусебно поврзани единки, се нарекува глобализација (англосаксонски) или мондијализација (француски) или универзализација (философски). Важно е дека во сферата на дејствувањето, иако опфаќа многу области на човековото живеење, во моментов е видлив во петте најекспонирани сфери на современото живеење: во економијата, во медицината, во сообраќајот, во културата и во етиката.

Во таа смисла, од економски аспект, глобализацијата, сфатена како технолошко-движечки фактор, говори за електронската комуникација, опаѓањето на транспортните трошоци, пофлексибилните форми на економска организација и порастот на значењето на претприемаштвата во смисла на финансии и знаења, востановени во хоризонтот од произведувачки можности преку националните граници, интегрираните пазари низ целиот свет и интернационализираните одлуки за работа и инвестиции.[123] Вака сфатената глобализација, од страна на бројните критичари е претставена како вистински глобална институција, контролирана од мал број на мултинационални корпорации. Како резултат на тоа, денес постои делумно спротивставување за прифаќање и приклучување кон оваа идеја, затоа што луѓето сметаат дека со глобализацијата се генерираат услови за сиромаштија и несигурност, а особено во земјите кои што бараат нова и меѓународна помош. Истата, некако ги плаши луѓето, најмногу поради тоа што е сфатена како форма на она што пред сто години се нарекуваше империјализам. Но, утешително, за нејзините противници, е дека општата демократија, која сега завладува со светот, е во суштинска спротивност со концепцијата за доминација само на одделни големи држави над целиот останат свет. Тоа е она сознание - вака втемелената и разбраната глобализација како обединување на светот на рамноправни основи, кое нè

[123] Michael Edwards, David Hulme and Tina Wallace, *NGOs in a global future: Marrying local delivery to worldwide leverage,* Conference background paper, <www.globalpolicy.org/ngos/role/intro/gen/2000/.htm>.

штити од грешката глобализацијата да ја гледаме и да се однесува кон неа како нов вид на империјализмот. Од друга страна стои и сознанието дека на ваква втемелена глобализација ѝ нема друга алтернатива на патот на секој човек до себе си како човек кој го почитува човекот во другиот. Согласно античката изрека: „Никој не може да ѝ избега на судбината - или ќе одиш по неа или таа ќе те влече!“, јасно е неминовното приклонување кон ваквото видоманифестирање на глобализацијата, кон тенденцијата светот да стане еден.

> Против глобализацијата е можна само една одбрана - бегање во шума. Секоја индивидуална специјализација во знаењата и работењето, секое произведување на продукт за пазарот, размислување за подемот и прогресот, говор за потребите на луѓето, секоја акција за помош некому или за нешто, сето тоа ја поттикнува идеологијата на глобализацијата и ја крепи нејзината моќ. Силите против неа мора да бидат скромни во барањата, скудни во реализациите и срамежливи во пројавувањето. А таквите, пак, глобализацијата ги меле како слонот мравките.[124]

Без оглед на отпорот на поединци и групи кои на глобализацијата гледаат песимистички и негативно, сепак поврзувањето на светот во сите негови сфери и аспекти, сè повеќе напредува врз рамноправни основи, благодарение и на активностите на невладините организации.

Притоа, од културен и етички аспект, предизвикот на поврзувањето е да се изгради човештво кое ќе преживее, негувајќи ги различните идентитети, култури и вери на сите негови членови, а воедно ќе ги измеша и сплоти во мир, единство и разноликост врз база на меѓусебно разбирање и толеранција. Па затоа, целта не може да биде безлично информирање, туку изградба на свет во хармонија на различностите, свет во кој секој човек и секоја нација ќе си го задржат својот идентитет и дигнитет, а ќе живеат во слога и пријателство со другите луѓе и народи, разбирајќи ги меѓусебните разлики и преземајќи едни од други вредности кои можат да им помогнат во нагорниот развој на етичката свест за себе и за другите.

Оттука, логично следува: не случајно, како основни вредности во еден ваков свет, да бидат земени демократијата, слободата, достоинството, дијалогот, разбирањето и почитувањето на разликите како темел, не само на остварувањето на глобализацијата, туку и како нејзин неопходен предуслов, но уште повеќе како основа на разбирањето дека само овозможувањето на слободата на секој друг ги создава условите за живеењето на сопствената слобода. Токму оттука и секојдневицата на нашето живеење, т.е. свеста за неопходноста од нов начин на разгледување на прашањата и нужноста од нови согледувања, поинакво сфаќање на животот и врските меѓу луѓето.

---

[124] Кирил Темков, *Глобализацијата - фајде или ужас?*, Старт, 14.11.2003, Скопје, стр. 52-53.

Во прилог на ова се и другите нови појави на општата поврзаност. Како најзначајна е идејата за создавање на Универзална етика, еден од фундаменталните предуслови за непреченото одвивање на процесите на глобализацијата, преку практичната потврда на веродостојноста на она за што се залагаат и за што се борат невладините организации и заради што единките, како причината на постоењето на секое општество-систем, се вклучуваат во нив и ги одбираат како начин за корегирање на системот.

Денес највисоките стандарди на глобализацијата бараат да се промовира етика на дијалог и меѓусебно разбирање, отвореност, љубов и почитување меѓу сите луѓе на светот. Денес и овде, повеќе од јасно е дека на човештвото му е потребна една хуманистички втемелена глобализација во која препознавањето на етичките стандарди и принципи ќе биде водич кон иднината која ќе го овозможи нашето опстојување како етички втемелени и оправдани битија. Затоа одговорот се бара во една општа етика за сите, Универзална етика која е вредносно срце на глобалниот свет, етика во која лежи изворот на силата и креативноста на човештвото, чии погледи треба денес да го водат нашиот пристап кон животот и светот кој нè опкружува и се поврзува, односно која ќе придонесе кон заложбите за добра иднина и реален прогрес. Според општоприфатеното значење, Универзалната етика е нова појава во човештвото иста како и сеопштата комуникација, глобализацијата на економски и на културен план и поврзаната меѓународна политика. Со развојот на демократијата и плурализмот, во политичка смисла, како и со појавата на идејата на ООН како единствена свет-држава, започна да се создава единствена светска универзална етика, која како морален, но и политички феномен, ќе ги поврзува луѓето преку заедничка цел-доброст за сите, до заедничка целост и судбина. За тоа придонесуваат и многуте светски организации, многуте локални и светски невладини организации, создадени со цел да ги поврзат луѓето со добри намери и со доблесна цел.

За свеста, потребата и настанувањето на движењето за една Универзална етика особено влијаеше создавањето на Универзалната декларација за правата на човекот како најзначаен документ на новото човештво. Кон тоа придонесоа и големиот број активности на УНЕСКО, посебно на неговиот оддел наменет за философија и етика.[125] Една од нив е

---

[125] УНЕСКО, како специјализирана организација на ООН за прашања од образованието, науката и културата, ја продолжува традицијата на Меѓународниот институт за интелектуална соработка формиран во 1925. година. Во Преамбулата на неговиот Статут се изразува основната философија на постоењето и неговите цели: војните најпрвин започнуваат во умовите на луѓето, па затоа и средствата за заштитата на мирот треба да се родат во умовите на луѓето, а најдобар начин за постигнување на таа цел е широко распространување на образованието и културата во човештвото. Токму затоа, во центарот на вниманието е образованието. Оттука, главната дејност на УНЕСКО се концентрира врз остварување на програми со кои се создаваат материјални претпоставки за развивање на образованието, науката и културата.

започнувањето и реализацијата на проектот „Универзална етика“.[126]

Имено, на иницијатива на УНЕСКО, во пролетта 1997. година, светски проминентни философи, теолози и етичари, меѓу кои Ханс Кинг, Карл Ото Апел, Михаел Валзер и Сесила Бок ги разгледаа можните основи за градење на мултикултурна, универзална етика, при што заклучија дека вредностите и принципите кои би биле во јадрото на оваа етика, треба да се востановат преку идентификацијата и одразот на оние вредности и принципи кои се широко прифатени или неопходни за човештвото да може да преживее. Во есента, истата година, Италијанскиот институт за философија беше домаќин на 30-тина професори и научници кои се фокусираа на денешните етички предизвици, формите на универзалноста и на философското оправдување на моралните универзалии кои се над културните разлики. Нивниот став беше дека разликите не мора и не треба да предизвикуваат конфликти, а нивните напори беа содржани кон хармонизација на културните различности и универзалноста, која не значи превласт на еден начин на гледање, туку вклучителност, размена, сеопфатност. Минималистичкиот пристап на општоприфатените вредности, потребен за достоинствен живот на индивидуите и општествата, е во заемната грижа и отпорот кон насилството и лагата, а максималистичкиот ги вклучува вредностите како солидарност, толеранција и еднаквост. Согласно тоа, тие укажаа на фактот дека денес откривањето на заедничките вредности е поважно од кога и да е. Како резултат на овие согледби за универзалните етички вредности и принципи, пролетта 1998. година, за прв пат, од страна на УНЕСКО е објавен извештај, кој беше изработен врз основа на философските оправдувања и мултидисциплинарни истражувања во таа област.[127]

Како резултат на тие истражувања се роди напорот за реализација на идејата за Универзалната етика чија задача ќе биде да придонесе за подобрување на свеста на жителите на планетата Земја за да се дојде до решавање на проблемите кои го загрозуваат нашиот опстанок. Универзалната етика може да овозможи заштита на човековата цивилизација и нејзин подем. Тоа го гарантира историјата во која честопати философите објаснуваа дека етичките вредности се универзални, дека важат за сите луѓе и во сите времиња. Согласно на ова, Универзалната етика сега поаѓа од овој став. Притоа, нејзини градивни елементи се следниве две нешта: етичкиот систем од општоважечки вредности и норми во кој би влегле моралните цели и норми кои се најважни за целото човештво и

[126] Денес меѓу најзначајните идеи се заложбите и погледите на германскиот етичар и теолог Ханс Кинг. Самата идеја за Универзална етика беше поттикната од идеите, иницијативата и заложбите на Ханс Кинг изложени во неговото дело „Проект за Глобална Етика“.

[127] The Universal Ethical Project, Division of Philosophy and Ethics, UNESCO, <http://www.unesco.org>.

кои би биле почитувани од сите луѓе, а второ, тоа е етичкото искуство на сите луѓе како богатство на човештвото, лепеза од различни етички цели и ставови. Тоа говори дека Универзалната етика се стреми да ги поврзе во целина највредните етички идеи на народите и најдобрите етички начела на светските религиии кои во својата вкупност ќе придонесат за подигање на свеста на луѓето и ќе го подигнат етичкото дејствување, т.е. се гради од веќе постојните етички вредности како реални вредности и норми. Оттука, таа ги содржи најголемите вредности и норми од сите епохи, од сите народи и од најдобрите мислители на човештвото. Ова говори дека таа не е виртуелна, туку реална и дејствена етика, затоа што се темели врз вредности кои не се замислени како етички желби и можности, туку се аксиолошко вредносно поставени, вредности со приоритети, повик за нивно реализирање и практична апликативна вредност на истите како такви.

Ова пак треба да биде и сознание и патоказ за секоја активност на која и да е невладина организација доколку сака да биде она што треба да биде - израз на потребата на единката за етички коректив на секој систем.

Оттука, Универзалната етика, која се преведува како еднаквост и поврзаност на сите луѓе, значи етичка конструкција за која луѓето со добра волја се надеваат дека ќе биде успешно дело. Нејзината замисла не е само идеалистичка, туку реалистичка, бидејќи ја изразува подготвеноста на човештвото да се заложува за сопствен опстанок кој е условен од миротворното и мирољубиво човеково однесување и од почитувањето на основните човечки вредности. Оваа концепција значи визија за еден човечки свет што уште не е готова реалност, но се гради и секој ден е сè поблиску до реалноста. Бидејќи се залага за позитивно однесување, го брани животот и правото на сите на добро живеење, таа едновремено е и оптимистичка етика. Според неа, луѓето треба да се надеваат на добро, да прават добро и да се трудат доброто да стане присутно во севкупната човечка егзистенција, да стане општ симбол на човековото постоење. Во таа смисла, оваа етика треба да биде општочовечка должност и услов за успешна позитивна соработка меѓу луѓето. Само така ќе се постави темел на мирен соживот меѓу сите луѓе и на нивниот соживот со природата, како и основа за обединување на народите и цивилизациите преку дијалог за елиминација на бариерите, поттикнати од заемното недоразбирање и закоравените стереотипии.

Со појавата и реализирањето на Универзалната етика се овозможува, по првпат, сите луѓе да имаат ист морал, верба да бидат водени од исти вредности и морални норми. Прва од нив е Мирот, како нешто највредно и најскапоцено, кое стои на врвот, придружувано од Меѓусебното почитување, Соработка, Толеранцијата, Љубов и уште некои други. Тие се најважни вредности кои на целото човештво му овозможуваат да опстане, да постои како целина и да се развива во позитивна насока. Во Универзалната етика, Мирот се гледа како продукт на човековата добра волја и намери, како експресија на пријателство и на посакувањето спокојно да се живее и гради иднината. Затоа стремежот на оваа етика е да се живее

со целесообразно однесување од коешто природно следува состојба на Мир. Со иста смисла се и вредностите: Толеранција, Солидарност и Соработка. Тие имаат позитивна форма и можат да се реализираат како глобални духовни сили кои ги опфаќаат сите луѓе. Тоа значи дека тие не се негативен префикс на лошото однесување, туку креативен и активен придонес кон вредноста Мир, начин на кој луѓето кои сакаат мир се однесуваат меѓу себе. Оваа логика на позитивна форма ја инаугурира индиската вредност ахимса, која значи ненасилство, трпеливост, ненавредување. Таа не означува не-насилство, не-трпеливост, туку позитивно однесување, љубов и почитување, градење добри односи, помагање. Нејзиниот модерен етички восклик е оној на Саи Баба: "Help ever, hurt never!".

> За Ахимсата како градбен дел од мирот, основата е во воздржување од насилството, како што и вредноста Мир е замислена како градење на мир со психичката стабилност и чистите намери на секого. Затоа тука во основата не се класичните вредности Воздржување, Умереност, Разумност, кои се стандардни важни човечки вредности, туку човековото свртување кон вредностите Разбирање, Давање и Љубов за ближниот, како посуштествени за новото сфаќање на етиката и за новиот здружен свет.[128]

Во иста насока и со иста смисла се и останатите вредности на Универзалната етичка скала. И тие ја изразуваат логиката на еден свет кој е свесен за нужноста од заедничка егзистенција и од мирно човеково однесување со цел натамошен опстанок на човештвото и на животот на земјата. На високо место котираат Достоинството и Самодостоинството, вредностите во однос на сфаќањето и разрешувањето на проблемите и причините за конфликтите, како и вредностите на работењето, разбирањето на себе и на другиот и давањето помош.[129]

[128] Кирил Темков, *Какво чудо е Универзалната етика?*, Старт, 21.11.2003, Скопје, стр. 52-53.

[129] Во овој контекст во декември 2004. година, во Република Хрватска, започна голема хуманитарна акција под името „Не ме заборавај!“ за изградба на домови за старите, сиромашни и незгрижени лица. Имено, во Република Хрватска на сместување во дом чекаат на ред 13.000 лица, од кои итно сместување им е потребно на 6.810 луѓе. Целта на акцијата беше да се соберат најмалку 2,1 милион куни за изградба на семеен дом за старите, сиромашни и напуштени лица во Велика Горица. Иницијатор на акцијата беше Заводот „Бискуп Јосип Ланг“, а носители на акцијата беа Т-Хрватскиот Телеком, ХРТВ и Europapres holding. Во состав на акцијата, хрватските музички ѕвезди снимија и носач на звук со духовни песни, насловен "Žedan tvoje ljubavi". На ист начин во март 2005. година, хрватската музичка елита обединета со химната „Moj anđele“ реализираше и втора иницијатива, овој пат за помош на хендикепираните лица. Вакви примери, надвор од Балканот, се секојдневен напор за давање помош на оние кои имаат потреба од неа.

Во една ваква етика, секој може да даде придонес кон доизградбата на нејзините вредности затоа што сите народи на светот имаат реална етика и ги разбираат прашањата на мирот и соработката, на работењето и градењето, на страдањето и помагањето. Оттука, во неа има место за сите етички идеи докажани како несомнени темелни етички вредности од сите епохи и од сите народи кои воделе кон мир и добра волја меѓу луѓето, како и пораките од сите етички мислители кои ги учеле луѓето своите лични интереси да ги усогласуваат со добрите желби за другите и да постигнуваат успех благодарејќи на соработката меѓу луѓето.

Овој историско-философски и вреднувачки дискурс во однос на етиката, која очигледно денес и овде оди во правец на својата универзализација, не е за да се направи список на редоследот на нештата, туку за да се истакне фактот дека етиката веќе не може да се дели на ваква или онаква, практична и општа, без сознанието дека нема етика која во себе не содржи вредносен систем втемелен на универзалните вредности и потреби на секоја единка во светот. Оттука пак, сакам да укажам уште на едно значење на концепцијата за потребата од една универзална етика. Имено, ако се разгледаат и анализираат програмите на повеќе од 25.000 активни локални и меѓународни невладини организации, од целите за кои се залагаат сосема е јасно дека универзалната етика постои, прашање е само како ќе ја практикуваме.

Заклучно, претходниов пасус е и за да биде указател за секоја невладина организација доколку сака и да биде тоа што е - етички коректив на системот во кој дејствува.

# VII. ЕТИЧКИТЕ ВРЕДНОСТИ КАКО ТЕМЕЛ НА ДЕЈСТВУВАЊЕТО ВО НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Живееме во свет во кој речиси секојдневно се говори за одреден вид на нужности. За тие нужности ние говориме учено, говориме со емоции, говориме затоа што воопшто за нив се говори. Но, има една нужност која е, пред и над сè, без оглед на начинот на говорот за неа и она што не мотивира да говориме за неа, многу значајна. Тоа е нужноста од етичност на секој од нас во еден свет во кој, без оглед на сиот досегашен напредок на секое поле од човековите активности, речиси секој граѓанин на светот е свесен дека сè уште, за жал, живее во свет во кој му е страв да го вклучи телевизорот или радиото затоа што првото што ќе го види или чуе е веста дека некаде во светот некој умира од глад, некој е убиен затоа што си зел слобода да каже што мисли или ќе види слика на колони луѓе принудени да ги напуштаат своите домови.

Иако оваа констатација може да звучи емотивно, всушност таа е ослободена од емоции затоа што нè доведува до сознанието дека живееме во свет во кој, освен нужноста од нашата етичност, се покажува уште една поголема нужност. Тоа е нужноста темелените вредности на етиката, кои постојано ги нагласувавме досега, да станат дел од сечиј живот, темел на сечие постапување, начин на живеење и постоење. Инсистирањето на темелните етички вредности и на нужноста од нив да станат, на ваков начин, дел од секој човек ако сака да биде човек, не е утопистичка надеж туку сознание изведено од фактот дека државите во својата желба, некогаш потреба, некогаш недозреаност да се докажат пред сопствените граѓани, а и пред светот, заборавaат на најважното: нема држава која ќе постои и опстои докрај, ако заборави да го почитува она што е најважно, да сфати дека таа треба да биде чуварот и заштитникот на темелните човекови права и слободи. Подиректно кажано, таа треба да му служи на човека, да му обезбеди услови во кои тој нема да мора да се откажува од несомнените универзални етички вредности, кои се универзални токму заради тоа што нема земја, нема религија, нема култура, во кои човекот не се зема како најголема вредност на животот.

Токму поради претходнава констатација и заклучок за она што и како треба да биде државата, а за жал живеејќи во свет во кој државите и оние кои ги претставуваат многу често заборавaат на оваа функција, одговорот на разрешувањето на потребата за измена на ваквите услови

доаѓа токму од оној заради кој постојат државите - од граѓанинот. Имено, свесен за тоа дека веќе не може да опстојува состојбата во која тој ќе биде само инструмент на државната политика, за да го задржи својот вистински етички систем и идентитет, неговото височество-Граѓанинот, изнајде начини да се организира, да најде патишта и начини на таквите држави да им каже „НЕ!“.

Историјата на развојот на граѓанската етичка свест и самоосвестување покажува и докажува денес и овде, во овој сѐ уште полн со судири свет, дека еден од најдобрите начини на државата да и се каже „не“ кога е неетична, е правото на граѓанинот да живее според врвните темелни етички вредности, а кои ги остварува преку своето организирање или активирање во т.н. Трет сектор. Поточно, преку невладините организации како поле каде тој може да дејствува, затоа што нивното постоење се темели на потребата од создавање на механизми во општеството и во светот кои ќе овозможуваат живеење кое со право ќе се нарече достоинствено човеково живеење. Но, за тоа да биде такво, невладините организации својата инспирација и оправдување ги наоѓаат токму во целите за кои се залагаат, спроведувајќи ја свеста и сознанието дека залагајќи се само за таков вид цели можно е остварување на таков вид на граѓанско општество во кое темелните човекови права и слободи и врвните етички вредности нема да бидат загрозувани.

Не станува збор само за идеал, за сонувана доблест, за нереализиран сон, туку за една реалност која сакаме, можеме и имаме сили да ја создадеме и реализираме. Впрочем, опстанокот на целото човештво нѐ присилува на тоа. Преку етичкото, со кое, пред сѐ осознаваме и дејствуваме во заедничката цел на обединетото човештво и слободниот живот, се настојува да се создадат услови за континуиран подобар развој во целост за сите луѓе, на нивната егзистенција-опстојба. Затоа се промовираат претходно посочените несомнени етички вредности и толку многу се инсистира на нив. Во тој напор треба да се вклучиме сите, барем доколку сакаме подобар живот, живеачка ослободена од сите предрасуди како извор на голем број несогласувања, измачувања, стагнирања, војни и други лоши нешта што го тиштат човекот.

## *1. Раководните етички принципи како мотив за активностите во невладините организации*

Во тие обиди за унапредување на човековиот живот активно се вклучуваат и невладините организации. Согласно со нивната проблематика во дејствувањето и преземените акции, целта мора да се совпаѓа со идејата, т.е. тие да постојат за да го надополнат она што владините институции не можат да стигнат или не се расположени да го направат, но едновремено

и да ги изразат потребите на граѓаните во едно граѓанско општество, да му помогнат на народот, на претставниците на граѓанското општество во нивните напори да се развијат и реализираат потребите кои се нужни за одржување и унапредување на животот денес.

За да ги остварат своите цели и функции како организиции преку кои граѓанинот ги изразува и реализира своите етички потреби, и самите тие нужно мораат да се раководат од етички принципи. Во своето дејствување невладините организации се раководат од одредени етички вредности, норми, а нивната реализација и практикување станува основна концепција за активноста во НВО секторот. Станува збор за благородните идеи на човештвото, т.е. за соработката, слободата, правата, достоинството, мирот, благосостојбата, помагањето..., вредности без чие застапување и ефектуирање не е можно да се достигне целта на животот денес ниту во иднина, а уште повеќе добри услови за живот на оние кои доаѓаат. Но, не само добар живот во смисла на економски резултат во развојот на секоја од земјите, туку во смисла на квалитет на етичка незагрозеност, етички мир и исполнетост, кои на крајот на краиштата би биле неостварлив сон, доколку сето постапување и сите активности на невладините организации не се втемелени на реалната етичка цел - создавање на таков вид на општествена граѓанска свест и култура, која ќе се раководи, не само од тоа по секоја цена да го продолжи постоењето на сопствената нација, туку да создава и да твори на начин кој несомнено сите ќе ги води кон една универзална заедничка етика како темел за почитувањето на она од што сме произлезени - биомасата - за да дојдеме до она за што сите се залагаме: етички втемелено искористување на сиот биопотенцијал. Укажувањето и подвлекувањето на овој факт е затоа што ниту една невладина организација не би го имала своето оправдување доколку со своето делување не води кон создавање на една севкупна, сечовечка, универзална биоетика.

Затоа, во основата на дејствениот механизам на целиот невладин сектор, па и поединечно кај секоја невладина организација, основни постулати се добро профилираните и избрани етички вредности според кои тие се раководат, но според кои и се оценува нивната активност и се бараат соодветни резултати. Тоа е така затоа што вредноста претставува избор на она што се смета дека е добро и претставува оградување од она што е зло. Тоа е механизмот на вредноста: оној кој ја избира, живее, дејствува, според неа ги планира своите постапки, ги мери своите реализации и ги споредува делата на другите. Во овој контекст, вредноста е израз на нашата свест за животот, за односите меѓу луѓето и за нашето постапување. Низ реалните универзални, етички и морални вредности се изразува целосната визија на човекот, т.е како би требало доследно да се живее и постапува. Ова пак укажува на тоа дека вредностите, реалните етички вредности се, не само инспирацијата на невладините организации, туку и нивен *мо9ус вивен9и* на делување и постапување за да ја исполнат својата улога, цел и функција - да

бидат мост помеѓу граѓанинот и државата на патот кон реално демократско граѓанско општество.

Застапувајќи ги овие вредности и, уште повеќе, напорите за нивно промовирање, невладиниот сектор покажува силна волја и намера нив да ги реализира затоа што тие најдобро ги изразуваат човековите цели, интереси, желби и стремежи. Ова можеби најдобро може да се илустрира со дефиницијата за невладините организации на Фанјана Д. Мазибуко, дека тие се песови-чувари во однос на состојбите во општеството и на нивниот развој во интерес на сите.[130] Преку невладините организации ние ги изложуваме и браниме моралните вредности, а со тоа и ги избираме, градиме, застапуваме, препорачуваме и спроведуваме истите универзални, реални етички вредности. Само преку нивното реализирање ние може да постапуваме во согласност со добродетелта.

Од друга страна, реалната етичка вредност како најважна човекова внатрешна димензија, едновремено е и основен општествен еталон со кој секој од нас најдобро ги мери своите достигања, своите духовни и материјални дострели, а со неа во заедницата се оценуваат ориентациите, чекорите и постапките во нејзините рамки, со што се исполнува уште една задача и цел на невладините организации - *да бидат корективи на општеството и на неговите институции.* Затоа е важно која вредност ќе се прифати и ќе се воспостави како највисока, бидејќи од тоа ќе се раководи животната и етичката активност на луѓето, а со тоа ќе се покаже, докаже и вреднува етичката оправданост и нивната втемеленост. Значи, од изборот на вистинските вредности зависи насоката и квалитетот на човековото живеење. Затоа, врз оценката за севкупното етичко дејствување влијаат поважните, првично избраните вредности.

Но, тука најмалку се работи само за декларативно ниво на застапување на овие вредности. Тие се инспирација за создавање на активистички концепции во невладиниот сектор, а уште повеќе, овој сектор во изминатите години покажа дека поседува интенција и сили за нивно реализирање преку својот начин на дејствување. Нивните напори и акции се раководат согласно со прифаќањето на одредените позитивни вредности и со отфрлањето на негативните вредности. Генерално, и покрај сите разноликости помеѓу невладините организации во однос на методот, предметот на дејствување итн., сепак можеме да извлечеме неколку позитивни реални темелни етички вредности во нивното дејствување, а кои истовремено се смисла на нивното сопствено постоење и кои говорат во одбрана на нивните напори за дејствување во име на подоброто денес и утре.

[130] Fanyana D. Mazibuko, *The Role of the Non-Governmental Organizatoins in Educational Advancement in Developing Countries:The South African Experience,* <http://www.home.hiroshima-u.ac.jp/ice/maz3-1.pdf>.

Исполнувајќи ја ваквата своја улога, задача и цел, со сигурност може да се каже дека невладините организации стануваат општествена вредност, а станувајќи такви, задоволуваат уште една потреба на секој граѓанин, а тоа е да во катадневниот живот постојано има практични етички ориентири и поле каде ќе може постојано да се самопроверува во однос на одбраните етички вредности за кои се залага и кои се причината на неговото постоење и општествено делување и дејствување.

## *2. Четирите темелни вредности во дејствувањето во невладините организации*

Сходно на претходниот став, и анализирајќи ги мотивите и определбите во активностите на невладините организации, со сигурност може да се тврди дека тие имаат неколку заеднички базични појдовни реални етички вредности според кои се одредуваат и се инспирираат, врз кои се поставува основата на дејствувачкиот механизам и кој ја одредува нивната валидност и функционалност во однос на задоволувањето на потребата од создавање на општествени и индивидуални механизми за остварување на темелените човекови права и слободи.

Базични се *активизмот*, како прв импулс-двигател на процесот; *соработката* како нужен предуслов во креирањето и ефектуирањето на напорите за подобро сплотено човештво; *филантропијата* како израз на човештината и значаен дел од процесот на обединувањето на луѓето во приближно еднакви животни услови и секако, *волонтерството* како експресија на претходните идеи за заемно помагање.

Овие несомени вредности едновремено се појавуваат и како норми, но и како концепции во дејствувањето на овој сектор.

*Активизам*

Во секој сегмент, во секое дејство, во секоја размисла треба да се има активен и позитивен пристап за животот, светот, за предметите и односот кон сите нив. Тоа значи дека активниот, позитивен, етички втемелен пристап истовремено е и поддршка на добрите страни на животот и претставува отворање на личноста кон светот и кон животот. Се работи за една борбена философија која се противи на идејата за лошата судбина, на неможноста да се реализираат замислите и желбите за добар живот, успех и среќа. Имено, во светот има достатно радост и потенцијали за да нè поткрепат да не се предаваме пред животните тегоби и дека човекот има доволно ум, мотиви и сили да си ги оствари своите цели. Оттука, се восликнува: „Биди позитивен! Биди активен!“

Се работи за еден нов вид на **активизам**, т.е. свртување на човекот кон позитивно решавање на проблемите. Тоа значи, не препуштеност на

текот на настаните и времето, туку активизам во смисла на застапување и реализација на напорот проблемите врз етички принципи да се решат. Историјата ги покажа негативните ефекти и последици од индолентниот и дефетистички пристап кон решавањето на проблемите во развојот на човештвото. Затоа не треба да се дозволи истите да се зголемат и да станат огромни и нерешливи. Така се парализира амбицијата да се преземе нешто за нивно надминување. Од човекот, во конкретниот случај од групата луѓе кои формираат невладина организација или од чадорот невладини организации, се бара дејствување, а не пасивност. Она што охрабрува е самиот ангажман. Моментот на ангажирање значи не слепо препуштање на околностите, туку активно учество во животот, во срцевината на нашата егзистенција. Само активизмот, како насока во животот, дава нови сили и натамошна позитивност. Доброто раѓа добро!

Активизмот е еден поглед на светот, етички систем или животен став кој го истакнува значењето на човековата жива и настојчива дејност, особено во изградбата и менувањето на светот и на околностите на животот. Преку активизмот се нагласува значењето на позитивните морални аспекти на животот. Севкупната активност на една личност не се дели на живот и етика, на активност и вреднување, на работа и морално постапување, туку сè е една целост. Но, не станува збор за некој едноставен волев морален избор, туку за единствен животен избор на насоката на живеачката, на размислата, на моралот и на севкупното постапување.

Ваквото размислување се базира врз увереноста во способноста и силата на човековиот ум да најде решение за проблемите. Тоа претставува и посочување на потребата на човековиот разум да се определи за вистинската реална етичка вредност и преку неа да дојде до најдобриот начин на однесување во животот, и тоа да стане негов животен принцип. Со тоа овој активизам е нова варијанта на оној прагматизам кој ги охрабрува луѓето да ја бараат вистината во соочувањето со реалноста на егзистенцијата. Тоа значи дека не треба да се робува на закостените сознанија и шеми, туку секое сознание треба да се провери во практиката и да се менува, за да се дојде до добро етички втемелено решение. Така ќе се дојде до човештво кое по дефиниција ќе значи подобри и посигурни луѓе и изградба на поквалитетно општество, општи услови за живот на сите, па и на оние кои доаѓаат. Затоа толку многу се инсистира на изборот на Доброто како животен принцип, како работен принцип во дејствувањето и на Добрината како реална морална вредност, т.е како темел на човековиот активизам.

Вака сфатениот и практикуваниот активизам, на и во невладините организации, не само што ја изразува и одразува човековата природа, т.е. дека само преку конкретно позитивна насочена активност се доаѓа до напредок, туку и успева да, потврдувајќи ја и отворајќи и простор на таквата етички втелемена потреба, ги потсети и општеството и институциите дека

секој вид на активизам кој не се темели на ваквото разбирање на истиот на крајот доведува до смрт на системот. Подиректно кажано, невладините организации со ова не само што ги покриваат празнините во активностите на државата и нејзините институции, туку и ги потсетуваат и воедно ги едуцираат како да го надминат проблемот со недостатокот од сопствени ресурси при решавањето на одредни проблеми, а со тоа им помагаат да дојдат до својата суштина, да бидат она што треба - сервис на своите граѓани кои секогаш ќе поаѓа од основните реални етички потреби на истите.

*Соработка и дијалог*

Изминативе 3000 години, кои се зад нас, покажаа, ни докажаа и нè научија дека лошото, само со лошо враќа и дека на тој начин не е можен развој. Ова говори дека, доколку човештвото во генерални рамки не се освести и не преземе активни чекори кон разрешување на проблемите, тогаш нужно запаѓа во ескапизам и пропаст. Затоа денес сите се активираме и се определуваме за застапување на вистинските реални етички вредности, нивно унапредување и имплементација како основа на нашето дејствување. Но, нашиот активизам ќе ја постигне вистинската цел доколку делуваме здружени во напорите, преку соработка, што е првиот предуслов за меѓусебно разбирање. Тоа подразбира заедничко работење, делење и размена на идеите, заедничко позитивно дејствување до позитивни етички втемелени резултатите од работењето, од што ќе се изгради реален етички аксиолошки систем.

Денес императивна задача на човекот стана правењето добро на другите и нивно неповредување, како и свртеноста кон другите и нивно помагање. Сето ова е можно преку основната концепција на меѓусебна соработка на сите луѓе. Тоа говори дека луѓето, полека, но сигурно, учат дека опстанокот зависи од заедничките напори во дејствувањето и разрешувањето на проблемите, дека тие мораат да соработуваат во заедничката борба за живот. Потврда за тоа е фактот дека човекот и човечноста се суштината на секое позитивно собирање во група, дека истиот живее со други луѓе и опстанокот не го замислува без нив. Затоа треба да се има сообразни морални цели и според нив да се дејства, т.е. секој за секого да води сметка. Кај нас постои изреката: „Сè бидува со луѓе!“. Со други зборови, никој не е изолиран остров, туку постои една универзална поврзаност меѓу луѓето. Тоа најубаво го прикажа англискиот филозоф и поет Џон Дон преку една мисла врз која подоцна Ернест Хемингвеј го создава делото *“За кого бијат камбаните”*. Сите луѓе мора да се зближат, разберат, помагаат и соработуваат. Тоа е едно од најважните барања и норми на денешниот општ морал. Притоа, соработката меѓу луѓето ја изразува потребата од меѓусебно поврзување во разрешувањето на проблемите врз реални етички втемелени цели и вредности.

Најдобра илустрација за оправданоста на ваквото разбирање на соработката и потврда за неопходноста од нејзиното секојдневно практикување, наоѓаме во иницијативата на Мондиалого од 2003. година за интеркултурен дијалог, соработка и размена. Се работи за еден нов јавен и приватен проект, резултат од партнерството меѓу УНЕСКО[131] и Дајмлер и Крајслер[132] кој го покажува она што ги придвижува луѓето - дијалогот, размената и соработката меѓу културите како услов за мироѓубива иднина.[133] Сè што правиме и сме, е резултат на влијанието и обликот на взаемно дејствување меѓу културите. Како ќе изгледа нашата иднина, ќе зависи од пресудниот степен, опсег на заеднички живот, комуникација и соработка на различните култури на оваа планета. Модерните информатички технологии и зголемената мобилност ги доближуваат луѓето сè повеќе и повеќе еден кон друг. Предизвикот е јасен: Без соработка меѓу културите, нема напредок! Притоа се смета дека интеркултуралниот дијалог и соработка меѓу цивилизациите е од голема важност како извор на размена, инспирација, обнова и креативност. Овој конструктивен дијалог и соработка со другите култури, води кон заедничко разбирање, почит и толеранција, а оттука овозможува важна основа за мироѓубиво коегзистирање на луѓето. Тоа значи, да повторам, дека интеркултуралниот дијалог и соработка е основата за меѓусебно разбирање, почит, и над сè, толеранција. Накратко, за заедничко живеење.

Во рамките, пак, на невладиниот сектор, водени од вредноста „соработка" и „дијалог" како нужен елемент на тоа создаден е поимот „чадор организации" за да се означи градењето коалиции и унапредувањето на соработката и дијалогот меѓу невладините организации во рамките на една држава и на меѓународен план.

---

131 Едукативната, научна и културна организација на ООН (УНЕСКО) е специјализирана агенција од ООН системот. Главната цел на организацијата е да придонесе за мирот и безбедноста преку промовирање на соработката меѓу нациите низ едукација, наука и култура, за да го унапреди универзалниот респект за правдина, за правилото на законот и за човековите права и фундаменталните слободи (Чл. 1 од УНЕСКО Статутот). УНЕСКО ги спроведува сопствените акции низ пет програмски сектори: едукација, природни науки, социјални и хумани науки, култура и комуникации и информации. Организацијата е сместена во Париз со преку 50 канцеларии и неколку институти и центри низ светот. Формирана 1946. година, досега има 190 членки.

132 Дајмлер и Крајслер е мултинационална автомобилска компанија. Компанијата се гледа себеси како активен дел од светската заедница и чувствува одговорност во помагањето да се обликуваат процесите на глобализација и да му помага секому без оглед каде луѓето живеат. Работи со речиси 365.000 вработени од различно потекло во повеќе од 200 земји, промовирајќи интеркултурален дијалог и соработка како суштински дел од својата социјална одговорност. Поради овие обврски што самата себеси си ги наметнува како дел од својата социјалната одговорност, Дајмлер и Крајслер поддржуваат социјални, хуманитарни, културни, еколошки и научни проекти ширум светот.

133 Поопширно погледни на <http://www.mondialogo.org.>.

Во деновите кога главната форма на комуникација беше преку пошта, па дури и меѓународниот телефон, кога разговорите беа скапи, а контактите бараа многу време за остварување, овие коалиции се јавуваа како чадор организации, кои преку заедничките напори ги совладуваа сите тешкотии на своето време, заедно ги делеа трошоците и успесите, неуспесите и падовите. Но, оттогаш до денес многу работи се променија благодарение на брзиот техничко-технолошки развој кој го поттикна формирањето на слободните мрежи на невладини организации кои ќе разменуваат информации, ќе ја мобилизираат поддршката и ќе ги координираат стратегиите. Таков прототип беше *Интернационалната мрежа за правилна исхрана на децата*, кој подоцна беше следен од слични мрежи кои се однесуваа на заштитата од пестициди, на дождовните шуми, климатските промени и други прашања. Спектакуларни примери, по резултат, на вакви коалиции - чадор организации, се *Интернационалната кампања за забрана на против пешадиските нагазни мини*, *Коалицијата за меѓународен криминален суд како и прославата на Новиот милениум.*

Еден таков тип на чадор организација е и Светската асоцијација на невладини организации - ВАНГО (World Association of Non-Governmental Organizations - WANGO) како интернационална организација која оперира во преку 120 земји обединувајќи ги невладините организации ширум светот со цел унапредување на мирот и глобалната благосостојба.[134] Негова мисија е да им служи на организациите-членки и да помага да се обезбеди механизам и поддршка потребни за невладините организации да се поврзат, здружат, специјализираат, инспирираат и ги мултиплицираат своите придонеси за решавање на човековите основни проблеми. ВАНГО им помага на невладините организации ширум светот да понудат силен и обединет глас во надминувањето на конфликтите при решавањето на проблемите, морално исправните и етички втемелените солуции во однос на итните глобални, национални и социјални проблеми. Резултат од неговото дејствување е „Милениумската декларација на ООН: Одговор од граѓанското општество“ во октомври 2000. година, која се јави како одговор на историскиот Милениумски самит на светските лидери собрани во ООН, самит кој резултираше со Милениумската декларација. Подоцна во партнерство со останатите интернационални организации, ВАНГО одигра клучна улога во организирање и координирање на светската турнеја за презентација на функциите, можностите, целите и програмите произлезени од Милениумската декларација. Овие програми беа структурирани околу шест фундаментални вредности: Мир, Образование, Комуникација, Животна средина, Човекови права, Семејство, како и Интерелигиозна соработка. Истите се наведени во Декларацијата, а беа следени од

[134] Подетално погледни на <http://www.wango.org>.

невладините организации, телата на ООН, владини претставници, невладини организации, медиумите и академици. Подоцна тие шест фундаментални вредности ВАНГО ги преточи во категории за доделување на награди: за Мир и безбедност; за Образование, медиуми и уметности; за Животна средина; за Човекови права; за Семејство и мир; како и за Интерелигиозна соработка. Овие шест награди се за невладини организации, додека седмата награда е за Универзален мир, т. е. награда за извонреден индивидуалец чија работа го вклучува во невладините заедници и чиј придонес е суштински за светскиот мир и глобалната благосостојба.

Главен настан на ВАНГО е Годишната конференција која традиционално се одржува секоја година во месец октомври. Се работи за врвна светска средба на невладините организации кои истражуваат како може да ги подобрат соработката и меѓусебниот дијалог, т.е една уникатна точка на среќавање за претставниците на невладините организации, колеги и универзитети, владини и интервладини агенции, како и корпорации, да се сретнат, поделат иновативни идеи и практики, како и изградат стратегиски партнерства кои можат да помогнат на невладините организации во исполнувањето на нивните мисии.

Подеталниов опис на активностите и резултатите на ВАНГО е наведен од неколку причини. Прво, оваа организација е одличен пример дека преку соработка и дијалог до меѓусебно разбирање се доаѓа само преку активитет втемелен на реалните етички вредности, а со самото тоа се покажува и дека тие, соработката и дијалогот, се реперни етички ориентири за проценување на ефикасноста и валидноста на невладините организации во нивното постапување за реализација на целите кои ги одбираат како поле за чие остварување ќе се ангажираат. Второ, токму благодарение на ваквиот начин на работа, чиј темел се соработката и дијалогот околу различни предмети на интересирање на различни групи на невладини организации, ВАНГО на сиот свет практично му покажа дека тоа е единствениот методолошки исправен начин да се дојде до она што на сите ни треба - стабилен и траен светски мир. Но, и нешто повеќе од тоа. Ваквиот начин на организирање и работење јасно и гласно им покажува на владите на државите, како треба да ги разрешуваат проблемите во рамките на сопствената држава, а уште повеќе каков тип на односи треба да се градат меѓу државите во светот без оглед на разликите кои постојат меѓу нив. Па оттука, со сигурност може да се заклучи дека само ако невладината организација ги смета соработката и дијалогот како основа за било кој вид на својата активност, не само што ќе ја покаже својата етичка втемеленост и ориентација, туку ќе стане она што и треба да биде - етички ориентир во секое општество, на секој граѓанин, без оглед на културното, религиското или образовното ниво на живеење.

*Филантропија*

Со развојот на човештвото се менува животот, неговите услови, свеста на луѓето и чувствата во однос на сето тоа, па нормално со тоа и значењето на некои термини кои ги изразуваат истите. Но, уште повеќе, се нагласуваат и некои други аспекти на одделни зборови. Еден таков важен поим е оној кој ги означува *чувството и љубовта за луѓето* - **филантропија**, но таа едновремено е и свест за нашата должност кон другите и начин на однесување кон другите на патот кон подобар свет за сите. Истиот е создаден уште од дамни времиња и ги означува позитивните етички втемелени чувства кон блиските и кон сите луѓе воопшто. Со него се истакнува дека околу нас постојат и други суштества, слични на нас, кои ние ги почитуваме, сметаме дека ни се пријатели, дека мнозинството се добри и дека може да ги разбереме и сакаме.

Под поимот „филантропија" денес подразбираме љубов за човекот/човештвото. Љубовта е емоција која е многу важна за секого од нас, влијае врз нашето разбирање на светот и врз нашето однесување во него. Таа е позитивно, силно и широко чувство кое означува крајна свртеност кон некоја личност, предмет или дејство. Се работи за единствениот мотив и цел кои се оправдани за крајно посветување, дури и саможртвување.

Истата има три форми кои на различен начин ги претставуваат чувствата и посветеноста на личноста:[135]

- *посветеност* (грч. филија) значи заинтересираност и ангажираност на личноста за некои предмети или дејства;

- *општа љубов* (грч. агапе, лат. каритас) што значи свртеност кон сè што постои, најшироко разбирање и прифаќање за/на сè што постои, за сите форми на животот, за целиот свет и човештвото во сета негова историја;

- *страст, занес* (грч. ерос, лат. амор) кои значат изразување на чувствата кон љубовниот партнер.

Одделно, вториот тип на љубов, во смисла на општа љубов кон целиот свет и човештвото, е основа на денешното сфаќање на филантропијата. Денес, сè почесто, љубовта кон светот и кон луѓето се сфаќа и се проценува преку разбирањето и степенот на етичкиот вредносен систем од кој поаѓа. Поточно кажано, филантропијата денес не е голо човекољубие и светољубие, туку свест за тоа како да се покаже истата и како преку неа да му се помогне на другиот, со што несомнено се докажува нејзината етичка втемеленост и ориентираност, а со тоа пак и зошто се смета за една од реперните појдовни точки за проценување на етичкиот

[135] Поопширно кај Кирил Темков, *Етика за III година гимназиско образование,* Просветно дело, Скопје, стр. 156-157.

вредносен систем и степенот на неговата изграденост во проценката на активностите и целите на секоја невладина организација независно од целта и полето на нивното дејствување. Да појасниме, сосема е разбирливо што филантропијата денес:

> Од чистото добро чувство за другиот тоа станува прашање на конкретна помош за подобро живеење. Така љубовта за луѓето се престори во задача да им се помага на луѓето, а заедно со тоа оди и целта да не му се нанесува штета на другиот и никој никого да не повредува. Ова е толку силно што стана морална вредност за мнозина.[136]

Можните последици на оваа љубов кон човекот водат кон овозможување на слобода и еднаквост на сите, но и кон посебни начини на изразување на филантропијата како што е давањето помош за оние кои имаат помалку, кои живеат тешко и не можат да ги развијат своите таленти.[137] Во оваа смисла, помошта на луѓето има најразлични форми. Основното е да им се помага на младите, да им се даде шанса да се развијат правилно и да се образуваат за да можат успешно самите да се снајдат и борат во животот. Важно е да им се помага на болните кои со намалените сили не можат да живеат добро. Обврзно треба да им се помага и на оние кои имаат пречки во развојот, кои се инвалиди, за да не останат прекратени за новите можности на човековото општество. Бедните страдаат од немаштија, од немањето современи услови за живеење и за дејствување и ним задолжително треба да им се помага за да ги пребродат тешкотиите и да можат самите себе си да си помогнат. Оттука е сосема јасно дека темелното правило на филантропијата е: Треба да му се помогне на секој оној кој нема сили и услови за да се реализира во вистинска смисла на зборот!

Овој принцип е силата на новото човештво. Заедничката помош е начин на добро и исправно живеење денес. Љубовта за човекот е убаво позитивно чувство кое ги храбри луѓето да прават добро и да покажуваат дека не се осамени. Затоа треба да се шири идејата за блискост и пријателство меѓу луѓето преку конкретната помош. Помагањето на луѓето е најдобар начин да се покаже дека имаме вистинска љубов за нив. Примерот на Мајка Тереза, но не само тој, се вистинската дискрепанца на реалната љубов кон луѓето. Во таа смисла, преку овој термин се укажува на степенот до кој етички се развил човекот. Тоа е така затоа што истиот термин означува постоење на личност која се развила толку што може да ги сака другите луѓе и која спротивно на мизантропијата вели дека реалноста

---

[136] Кирил Темков, *Љубов за човекот,* ЗАМАН, 2-8 февруари 2005, Скопје, стр. 9.

[137] Така, на пример, во Америка постои школата за филантропија на Базедов која се повикува на учењето на Жан Жак Русо. Од оваа школа произлезе и Џереми Бентам, а во 19-от век и филантропските друштва од кои подоцна произлегоа акциите против аболицијата.

го води човекот дотаму што тој има доверба кон луѓето, земена како основа на пријателството и соработката и не се брани со кревање ограда од лоши чувства кон нив.

Ова го отвора разгледувањето на двата аспекти на практикување на филантропијата, т.е. двете нејзини димензии: религиозниот и граѓанскиот аспект. *Религиозната димензија* својот есенцијален израз и оправдување ги наоѓа во реченицата: „Возљуби го ближниот како себеси!", како начин на идентификување со другиот преку осознавањето на квалитетите во него и во себе. Доследно на ова, примерот на Мајка Тереза е практичен активистички израз преку кој јасно се покажува како љубовта кон другите може да се претвори во себепосветување на нив и помагање. Поточно, да се посветиш себе си на добри дела, за да им помогнеш, покажеш и докажеш на луѓето дека со доволно љубов може да се надмине сѐ: „Преку мали нешта со голема љубов". Во овој контекст, тоа е смислата, клучот и оправданоста на филантропијата за нејзиното позитивно активистичко практикување и непоходна присутност во свеста за активноста на секој еден човек, а со самото тоа и кај секоја невладина организација. Основната теза е дека целиот живот е во функција на правењето добро и љубов кон другите. Имено, големите религии секогаш укажувале дека една од основните должности на луѓето е да им помагаат на другите. Во Исламот, на пример, е создаден систем на *зекат*[138] и *хадис*[139] како едни од најблагородните етички задачи на секој човек.

Но, за одбележување е дека оваа религиозна филантропска димензија денес се прелева во *граѓанска димензија* и тоа на четири начини:

1. Доколку филантропијата не се зема како љубов кон Бога туку како акција. Таков пример е Њујоршкото етичко друштво кое ги пропагираше овие идеи за акција.

2. Во модерното општество филантропијата се раѓа како љубов кон помагање и давање помош. Носител на оваа идеја е прагматизмот на Вилијам Џејмс. Се работи за тоа што државата и внатре неа се прави на овој план. Пример за ваквиот тип филантропија е помошта која ја делеше Ендрју Карнеги.

3. Доколку филантропијата се поврзе со развојот, значи не само давање љубов, туку и напор за прогрес. Најдобар пример е фондацијата на Хенри Форд која служи за развој на еколошки и културни цели и проекти.

[138] Вид на муслимански верски данок кој, според прописите на Коранот, значи дека секој четириесетти дел од приходот во пари и секое четириесетто грло од ситниот добиток треба да се даде за помагање на сиромашните, т.е. давање на материјален придонес и парична помош-милосрдие за верата и за незгрижените и бедните.
[139] Записи за мислењето и за начинот на дејствување на Пророкот Мухамед.

4. Но, филантропијата денес се сфаќа и како милостиња, која треба да биде давање со добра волја без да се загрози сопствениот опстанок. Во оваа смисла таа е со слично значење како и религиозната филантропија.[140]

Како неопходни постулати на филантропијата, која ќе биде при-мерна и практично реализирана во современиот свет, се појавуваат: *социјалната оправданост на преземената акција*, т.е. љубовта и помошта како психолошка основа во доменот на разрешувањето на проблемите кои се предмет на социјалната психологија, а кои произлегуваат од неразрешените општествено-економски односи заради недоволноста или неспремноста на државата да ги искористи расположивите ресурси за нивно разрешување.

Втор елемент, кој се јавува, е *демократијата,* што, преведено, значи дека за ресурсите и нивното искористување ќе решаваат сите преку демократизацијата, соработката, дијалогот и позитивниот активизам втемелени на почитување на етичките потреби на секоја единка во општеството.

Третиот елемент, кој се јавува, е почитувањето на *принципот на еднакви шанси*, т.е. можноста сите да се изборат за своето место во овој свет, но според правилата на фер-плејот и меѓусебното почитување на човековото достоинство.

Кај само вака сфатената филантропија, една од темелните вредности е сочувството, т.е. емпатијата, но и добрата волја во смисла да не се повредува, но и да се помага, без за тоа да се бара противуслуга или менување на определбите на другиот. Во ова е клучот како општеството да постапува и како да ја користи филантропијата за да го подобри својот, но и развојот на другите општества.

Согласно ова, гледано од аспектот на дејствувањето на невладините организации, филантропијата се осознава и смета за нужен принцип и начин на обезбедување на егзистенцијата на другите, но и на нешто што значи шанса за ангажман во овој несреден и вознемирен свет, при што не смее да се остане на нивото на индивидуата, туку треба да се вклучи и државата, не со „ограбување“ преку даноците, туку, пред сè, со финансиско помагање на развојот и ширењето на полето на филантропските активности. Во таа смисла, невладините организации нужно настојуваат не само да обезбедат средства за сопствениот опстанок, т.е. краткорочните активности, туку и долгорочно, т.е. да ја подигаат свеста во развивањето на филантропијата. Во овој процес, истите се соочуваат со законски и финансиски рестрикции на филантропијата во граѓанското општество, потоа адаптацијата на културните ставови и вредности кои целосно не ја прифаќаат и поддржуваат улогата на двете заедно, па лимитираните индивидуални

[140] Поделбата е изведена според излагањето на проф. д-р Кирил Темков на Конференцијата по повод финансиската одржливост на граѓанскиот сектор на тема „Филантропија и оданочување“, одржана на 27.01.2005. година, во организација на Детската амбасада „Меѓаши“ и Здружението на даночни работници на Р.М.

ангажирања во процесите на филантропија, како и недоволниот капацитет на граѓанското општество и инфраструктура во поглед на филантропијата. Сите овие предизвици невладините организации мораат да ги совладаат, бидејќи промовирањето на филантропијата во последно време стана субјект на зголемен интерес, кој, за жал, не секогаш е следен со соодветен пропорционален обем на залагање меѓу оние кои веруваат дека истата има важна улога во адресирањето и разрешувањето на човековите предизвици и во зајакнувањето на граѓанското општество.[141]

*Волонтерство*

Кога говориме за феноменот на филантропијата, истиот не може да се издвои посебно, надвор од неговата тесна поврзаност со волонтерството како, условно кажано, една негова манифестативна форма.

Според најшироката дефиниција, се работи за активност втемелена на добра волја и бесплатна услуга, за залагањето да се даде сопственото време и пари, т.е филантропскиот принцип: бесплатно да помогнете затоа што тоа е добро за сите (утилитаристичкиот принцип). Притоа, главната цел е да се научи да се живее заедно и да се одржува заедничкото живеење.[142] Се работи за нова дефиниција на социјалната солидарност, како еден вид на умна филантропија, емоционално исполнета филантропија која бара мобилизација на човечките и технолошките ресурси на сите нивоа, која се наоѓа над капацитетот и волјата на властите и чија легална форма се нарекува волонтерство.[143]

Волонтерството е очекуван начин на однесување во рамките на општеството и во рамките на невладините организации, а сходно на позитивниот етички втемелен важечки морал и на учество и придонес кон подобрувањето на општеството во речиси сите култури од страна на секоја единка во општеството. Се работи за волонтерскиот дух кој ги исполнува луѓето со сила и енергија да расположивите ресурси и фондови ги искористат за да се оствари подобрување на животните околности на секој оној кој има потреба од истите, а наспроти противењето на управувачките системи во кои го остваруваат тоа. Волонтерството и придонесот, во и за заедницата, се оние нешта што го потпомагаат етичкиот метаболизам на сите реално етички ориентирани невладини организации за да ја исполнат својата должност и општествена цел - создавање на општество со граѓанска ориентација и почитување на правата и слободите на секој негов член.

[141] Paula D. Johnson, Stephen P. Johnson and Andrew Kingman, *Promoting Philanthropy: Global Challenges and Approaches,* <http://www.insp.efc.be>.

[142] Од излагањето на г-нот Трифун Костовски во дебата на тема „Етиката на јавните служби и односот со граѓанските организации", одржана на 05.04.2005. година, на Филозофскиот факултет во Скопје во организација на невладините организации: Етички Центар и Центар за меѓуетничка толеранција и бегалци, од Скопје.

[143] Susan U. Raymond, *The Future of Philanthropy: Economics, Ethics and Management,* John Wiley & Sons, Philadelphia, 2004, pp.102.

За да се овозможи остварувањето на суштината на волонтерството, невладините организации се потпираат на поддршката од заедницата, богатите индивидуалци и фондации кои ја финансираат нивната работа врз принципот на непрофитност и немешање во изборот на целите и начините на нивното постигнување.

Во таа смисла, согласно дефиницијата на опсегот и методологијата на работа на невладините организации, може слободно да се каже дека волонтерството претставува дел од широката дефиниција за начините за мобилизација на ресурсите. Се работи за неплатена работа на квалификувана личност или снабдување со услуги со цел постигнување на целите на специфичната организација. Во основа волонтерството значи дека самите волонтери го даваат своето време, знаење и вештини, без да примаат надомест за тоа. Истото се прави за да невладините организации излезат во пресрет на потребите на заедниците ширум светот. Во Македонија егземпларен тип на волонтерство, во рамките на невладините организации, наоѓаме кај детската амбасада „Меѓаши“, во рамките на нивниот проект „Мак-Акција“ или „Македонските волонтери во акција“. Се работи за проект чија цел е да го поттикне волонтерството и помошта во заедницата преку обезбедување на неформална обука на волонтерите за развој на активности насочени кон заедницата, кои промовираат мултиетничка соработка, размена меѓу региони, како и грижа за околината.[144] Притоа најголемиот акцент е ставен на кампањите за подигање на свеста за волонтерството, но и на имплементацијата на проектите кои најмногу резултираа со корист за заедницата.

* * *

Со создавањето на нови врски, ковењето нови пријателства и учењето за важноста на отвореноста, почитта, толеранцијата и заедничкото разбирање, спремноста за соработка и дијалог, позитивниот активизам за нивно остварување како начин на соодветно практикување на потребата од филантропско однесување во и за светот, се создаваат нужните предуслови за заедничко живеење во мир и благосостојба, се одржува добриот живот и се врши негово унапредување. Токму тоа е главната интенција на невладиниот сектор, а со тоа и на невладините организации како негов неделив дел. Затоа, толку многу се инсистира и полага на промовирањето на овие вредности како норми и концепции во дејствувањето, притоа подигајќи го нивото на свест кај сите од нас дека само заеднички можеме да го достигнеме она што е наш етички идеал. Едновремено истите вредности се земаат и како инспирација за дејствувањето на невладините организаци, но и како критериум за нивно оценување.

[144] Поопширно види во *Годишен извештај за 2003*, Скопје, Прва детска амасада во светот „Меѓаши“, 2003, стр. 10.

# VIII. УЛОГАТА НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС ВО ДЕЈСТВУВАЊЕТО НА НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР

Невладините организации се обидуваат да дадат свој придонес во изградбата на современиот свет. Затоа е нужно да имаат стандарди во извршувањето на својата дејност, т.е. да се воспостават основни принципи според кои таа ќе се реализира. Не станува збор за професионализација на нивните активности, туку за потребните параметри во нивното дејствување, до определени цели, вредности и методи во нивната дејност, за да се досегне највисокиот можен квалитет, т.е. соодветна етика на нивните определби и дејства.

Според тоа, потребно е да се изгради Етички кодекс на дејствувањето на невладините организации, од чии начела и одредби ќе се видат и етичките димензии на нивното организирање, насочување и постапување.

## *1. Дефинирање на поимот „етички кодекс“*

Поимот „етички кодекс“ се однесува на работната и професионалната етика. Со тие начела се објаснуваат моралните аспекти на дејствувањето и барањата кои се поставуваат пред таквиот вид постапување.

Со кодексот се објаснува значењето на соодветната дејност и се изнесуваат нејзините етички норми и цели, сообразно на зададените цели и специфичната активност. Притоа, со кодексот се укажува на етичкото значење на одредената дејност, на нејзината корисност за луѓето, како и за нејзината вклопеност во системот на човековото дејствување. Попрецизно, со кодексот, кој ја одредува работната и професионалната етика, се укажува и на посебните етички димензии кои произлегуваат од соодветната активност, т.е. на нејзините особени цели, на особеностите на тој вид дејност, евентуално на опасностите во неа и од неа, на нужното внимавање на посебните аспекти во тој вид дејност и за издржувањето пред предизвиците, за потребата од достигање квалитет во дејноста, како и за улогата на дејствениците во таа област.

Вака определен и разбран, етичкиот кодекс е практичен израз на позитивниот морал кој говори зошто и како треба да се извршува соодветната дејност; кои се најзначајните етички норми во неа; што личноста треба да прави, а што да избегнува во тој вид дејност; каков треба да биде односот кон основната задача во таа дејност, кон унапредувањето на потребните знаења, вештини и врски со другите слични дејци, кон

личностите кои очекуваат резултати од соодветните дејци; каков треба да биде односот кон деловната, технолошката и општествената тајна; каков треба да биде односот со колегите од истиот вид дејност и на кој начин во тој круг дејственици можат да влезат и други личности. Притоа, посебен дел се посветува на тоа како се санкционираат престапите против тие норми на работната етика.

Значи: во работната и професионалната етика се среќаваме со низа обврски, норми и задачи кои треба да ги извршуваме како учесниците во таа област. Тоа се нарекува и деонтологија, т.е. *морален систем од норми и должности за една област или професија кои најсоодветно се изразуваат во етичките кодекси на истите.*

Етичките правила во кодексите ги изразуваат сознанијата за моралната оправданост на дејствувањето на луѓето, укажуваат што се смета за добро и исправно, а што за лошо и неправилно и посочуваат што и како треба да се прави, т.е. добрите постапки да се следат, а лошите да се избегнуваат. Овие правила можат да бидат конкретизирани за некоја ситуација или за определена област на дејствување. Треба да се нагласи дека во етичкиот кодекс, правилата се даваат прецизно и со амбиција да се изложи она што е најважно и неопходно за моралното дејствување во некоја област.

Значи, со латинскиот збор кодекс, кој значи збир или зборник на прописи, се означуваат таквите низи и избори на основните етички правила за некоја дејност.

## *2. Основното значење и улогата на етичкиот кодекс*

Кодексите на професионалното однесување и морал ги донесуваат правилата за дејствувањето на луѓето од таа област и професија. Работниот и професионалниот морал ги имаат содржините и карактеристиките според видот на дејноста и според својствата на самата дејност. Разликуваме еснафски, лекарски, наставнички, трговски, војнички... морал, а согласно со тоа и такви практични етички кодекси, втемелени на практичната етика на секоја од тие професии и занаети. Во тие кодекси се зборува општо за тој специфичен морал, а се донесуваат и конкретни норми, обврзувачки за нејзините членови. Професионалните етички кодекси ги содржат прописите за морално дејствување во една област, а оние кои дејствуваат во неа се обврзуваат дека ќе ги почитуваат и ќе ги следат тие правила во својата работа, т.е. ќе се придржуваат кон основните насоки и начела кои ги изразува кодексот. Или со други зборови:

> Кодексот е израз на новото разбирање на професионалната етика, како и на новиот бран на нивно етичко кодифицирање. Можеби тој не е апсолутно нужен за извршувањето на професијата и за успешното деловно дејствување, но тој ја дава рамката за правилното дејствување со

> оглед на нивната социјална, етичка и политичка улога во обликувањето на заедницата.[145]

Затоа, нема сомневање дека *етичките кодекси се потребни*. Тие се своевидна концентрација на етичките сознанија и можност да се искажат јавно и прецизно сите позиции во врска со етиката на една професија. Тие се документ кој ги опишува неопходните дејствија за да се исполни етичката цел до крај на активноста за која сме се определиле. Токму затоа, современите етички истражувања се концентрираат врз етичките кодекси затоа што таму се изнесени основните идеи, вредности и норми на моралот во некоја област или професија. Ако станува збор за општествено важни дејности, кодексите за тие дејности се меѓу најзначајните во едно општество. Од него се осознава какви се информациско-комуникациските, социјалните и етичките тенденции во тоа општество и какви се целите на прогресот во таа заедница. Во таа смисла, за професионалната етика се мошне важни начелата од кои се поаѓа во етичките кодекси, како елементи и норми кои овозможуваат нивно непречено и успешно развивање, со што полесно и поквалитетно ќе се градат заедничкото живеење и прогресот на заедницата.

Овие кодекси истовремено се и морални и професионални практични упатства. Од нив се гледа дека професионалниот морал е *строг етички систем*, важен, не само со оглед на значењето на трудот за животот на луѓето, како и на соодветниот професионален ангажман на луѓето од таа професија, туку и заради големите последици од нивното непочитување кои произлегуваат од неа врз животот и за другите луѓе. Ова докажува дека етичките кодекси се важни, не само за одредена професија, туку и за животот воопшто. Во оваа смисла, *етичкиот кодекс значи систематизиран збир од одредени ставови, норми, насоки, ограничувања и упатства, втемелени на неспорените реални етички вредности, кои нужно мораме да ги практикуваме, со цел да го подобриме начинот на однесување во животот.* Оттука, сосема е јасно дека:

> Етичкиот кодекс не е нешто што може да се наметне и што треба да се наметне, туку претставува дополна на однесувањето. Еден човек се однесува во согласност со некој етички кодекс затоа што тој го сака тоа или, пак, затоа што чувствува дека е доволно горд, доволно пристоен, или доволно цивилизиран за да се однесува така.[146]

---

[145] Кирил Темков, *Професионалните етички кодекси*, „Правилник“ - Гласило на Здружението на правници од стопанството на Република Македонија, Скопје, 9 март 2004, стр.19-21.

[146] Л. Рон Хабард, „Динамик“, *Етика и морал,* Хабардов Центар за Дијанетика и Скиентологија, Скопје, 2003, стр. 3.

Затоа е потребно создавањето и практицирањето на кодексите. Тие се важни и нужни за практиката. Затоа, доколку сакаме да ја оствариме основната цел: секоја невладина организација да биде и етички коректив на заедницата на која и припаѓа, не само што е нужно нивното практикување, туку нужно е и нивното имплементирање и вградување во легислативата на општеството на кое му се припаѓа. Ова оттаму, затоа што без ова не ќе биде можно и остварувањето на сеопштата глобална цел - создавање на реално, етички втемелено и одредено граѓанско општество во кое невладините организации од коректив ќе станат начин на реализација на Универзалната етика.

### *3. Нормата како основа на етичкиот кодекс*

Етиката е свест и сознание за реалните вредности што го одредуваат човекот како несомнено етички втемелено и одредено битие. Доследно на ова, моралот не е нешто апстрактно, туку, спротивно - тој е израз на општествената свест на конкретните луѓе како резултат на нивната етичка самоосвестеност. Моралот, во оваа смисла е само еден општествено нормиран израз на оваа свест и начин и патоказ за однесување на секоја единка во остварувањето на конкретните животни задачи, но и средство, метод за воспоставување на такви социјални релации меѓу луѓето кои ќе резултираат со посакуваната последица - реален етички неспорно втемелен живот за секој од нас.

За да моралот биде вака применуван и реализиран, тој се остварува низ четири меѓусебно поврзани градивни елементи: *идеал, вредност, норма* и *постапување*. Во оваа смисла, нормативната димензија на моралот се однесува на механизмот на етичкото дејствување, чија база е нормата, како став што да се прави или да не се прави; како прифаќање на определбата, т.е. како согласност за извршувањето на нормата; како внатрешен налог во смисла на претворање на етичкото барање во дејствен морален импулс. Сето тоа е изразено преку волјата како сила на сопствениот карактер, која се активира за некое дело, цел или определба и го води човекот кон практичното етичко дејствување и низ неговиот тек за да се изврши нормата. Сликовно овој механизам може да се претстави вака:

**вредност => определба => волја => акт**

или

**вредност => норма => дело**

Еден од најзначајните, носечки столб на механизмот на моралот е секако Нормата. На неа може да се гледа како на *етичка заповед* во дејствувањето, за тоа како треба да се насочи постапувањето, но едновремено и како на *етичка поука*, која дава совети за тоа што е добро и што треба

да се посакува за себеси и за другите. Исто така нормата е упатство за начинот како бараните, т.е. зацелените нешта треба да се прават или да се избегнуваат. Во таа смисла, нормата претставува барање што да се прави, *повик и обврска за дејствување*, директен опис на она што е вредно и што се наложува да се прави, односно исказ за она што нема вредност и што не треба да се прави, т.е. таа е вредност во форма пред извршување, со насока за извршување.

Она што е основно за нормата е изразот „треба“ или „мора“. Во таа смисла, нормата значи наложување, барање, пропишување, заповед. Со неа се покажува дека станува збор за реална етичка вредност и за нешто што навистина е нужно и потребно да се направи. Токму затоа Кирил Темков е во право кога истакнува дека:

> Нормата ги поврзува основните сознанија за доброто со делото, со реализацијата на доброто. Треба да се стави во погон волјата во луѓето, која ќе ги раздвижи нивните сили за правилно дејствување. Тоа го обезбедува заповедта ТРЕБА! Таа во себе содржи тврдење дека она што се бара е оправдано, дека тоа е образложен идеал и вредност, а исто така и дека не е доволно само да се изложи, туку и дека тоа треба да се спроведе. Нормата директно им се обраќа на човековата свест и волја да го прави тоа. Таа ја брани вредноста, истовремено и бара доброто да биде реализирано. Идеалот и вредноста остануваат само замисли додека не се престорат во норма и не преминат во дело.[147]

Доколку не постои прифаќање на нормата, нема функционалност на моралот. Ако прифаќањето не стане внатрешна потреба, дел на човековата волја за етички одговорно дејствие, нормата нема да биде начин за остварување на етичките задачи на секој од нас. Ако ваквата волја не стане и животна определба, насока за дејство, нормата нема да се реализира. Во таа смисла, императив е ваквите, етички втемелени норми да се реализираат - што и да се избере, мора да се направи соодветно дело.

Со други зборови, преку моралните норми човекот ги пронаоѓа силите и патиштата за подобро однесување и живеење. Моралот е реализација на вистинските етички вредности и е sine qua non за квалитетен живот. Затоа моралните норми не се само став, нечиј налог и заповед до некого да постапува правилно, туку општо барање до сите да постапуваат така и да помогнат во реализирањето на определената вредност. Нормата е пред сѐ идеја и поттик за дејство. Со неа се изразува смислата на моралот. Оттука, кодексите ги содржат нормите кои се потребни за подобрување на севкупниот живот. Преку придржувањето и практикувањето на кодексите всушност се следат соодветните истакнати норми во некоја област или професија и преку нивното извршување се влијае на подигањето на квалитетот на живеењето.

[147] Кирил Темков, *Етика за III година гимназиско образование,* Скопје, Просветно дело, 2004, стр. 62.

## *4. Примери на етички кодекс во невладиниот сектор од светот*

Разгледувајќи го НВО секторот, може да се согледа дека тука не станува збор за дејност по себе, која се исцрпува со своите активности. Иако тоа претставува важна активност за неговите учесници, тоа е општествена активност чија крајна цел е подигање на квалитетот на животот и човековото сеопшто постоење.

Нема сомневање дека главна содржина, цел и врвна вредност на сета етика *е животот*, неговото подобрување, заштита и унапредување, па така дејствувањето во невладиниот сектор е дел од општото живеење, а етиката на дејствувањето на невладините организации е дел од општата етика каде заштитата и унапредувањето на темелните човекови права и слободи преку секои од одбраните полиња и цели на дејствување се и основната причина за нивното постоење и крајната цел и оправдување на истите како начин за етичкото подобрување на заедницата, т.е. општеството на кое му се припаѓа.

Како што се покажува, невладините организации се една од најистакнатите дејности на денешницата, т.е. една тешка и одговорна општествена активност, значајна за унапредување на животот. Таа, нужно има, и мора да има, своја конкретна етика на дејствување, која зборува за моралните проблеми во нејзиното извршување и за специфичните обврски во таа дејност. Затоа денес, ширум светот, за што полесно остварување на целите на невладините организации, во контекст на универзализацијата на етиката, се развиени голем број етички кодекси за НВО секторот, меѓу кои, заради нивната сообразеност кон ваквата цел, следат примериве:

- *Стандардите за хуманитарна одговорност* на БББ Алијансата за помош;

- *Кодексот на етички принципи и стандарди на професионалната практика* на Асоцијацијата за професионално собирање на средства;

- *Кодексот за управување* на Меѓународниот црвен крст, на Црвената полумесечина и на невладините организации во кризните региони;

- *Кодексот за управување со невладините организации*, донесен на Самитот посветен на планетата Земја во 1992. година;

- *Меѓународните стандарди* донесени од Меѓународната организација за собирање на средства (ИКФО);

- *Стандардите во напредувањето: Етичкиот кодекс и одговорност на непрофитниот сектор* на Асоцијацијата за непрофитни организации од Мериленд (САД);

- *Принципите и практиките за непрофитабилен успех* на Советот за непрофитни организации на Минесота (САД);

- *Кодексот за управување со невладините организации* во Етиопија;
- *Невладиниот кодекс за управување* од Боцвана;
- *Кодексот за управување* на Австралискиот совет за прекуморска помош (АКФОА);
- *Кодексот за добра практика* на организацијата „Луѓе за помош";
- *Етичкиот кодекс: Цел, мисија и улоги на НВО и ПОС* на организацијата „Стар Кампуча";
- *Состојбата на визиите, вредноста и на водечките принципи* на организацијата „Меѓународна транспарентност";
- *Етичкиот кодекс* на организацијата „Лекари без граници";
- *Етичкиот кодекс* на Амнести интернешнал, Гринпис, како и на Меѓународната федерација на Хелсиншки комитети.

Меѓу сите овие кодекси посебно внимание привлекува обидот на Светската асоцијација на невладини организации ВАНГО (WANGO) да создаде *Етички кодекс и Кодекс за управување во невладиниот сектор*. За таа цел ВАНГО оформи Меѓународен комитет, како широк спектар на невладини друштва и лидери на невладините организации од сите региони во светот. Тој изработи *Етички кодекс и Кодекс за управување во невладиниот сектор.* При формулирањето на овие кодекси, беа консултирани и бројни други стандарди и кодекси за управување кои се користеле при работењето на невладините организации од целиот свет. Во изработката на овој етички кодекс беа земени предвид и тенденциите како во едно општество се формулираат принципите и целите на истото. Имено, познато е дека секој припадник на одредено општество дејствува и врз основа на основните принципи на истото, без разлика дали се тие јасно нормирани или се подразбираат. Секако, организациите внатре одредено општество се држат до почитувањето на универзалните етички принципи преку кои го откриваат и остваруваат своето заедништво со другите организации во светски рамки.

Подолу изложените правила се артикулација на најважните заеднички и фундаментални принципи изложени во кодексот направен од ВАНГО:[148]

*А. Одговорност, давање услуги и сериозност кон јавноста*

Најнапред е покажано дека поради прокламираниот прогрес, мир и правдина, како основна цел на секоја невладина организација, тие мораат да настојуваат и да делуваат да се постигне општото добро. Една невладина организација треба да прифати и во себе вгради саморазвој и давање услуги

[148] Поопширно види на <www.wango.org/ethicalcode/pdf>.

на другите, притоа балансирајќи и артикулирајќи ги индивидуалните и јавните грижи и потреби и фокусирајќи се кон повисоките и пошироки јавни нивоа на услуги. Тоа значи дека:

- невладината организација треба да се однесува одговорно, да ги насочи своите активности кон доброто на другите, без разлика дали станува збор за јавноста како целина или за одреден сегмент од јавноста;

- јавните средства не смеат да бидат злоупотребени за егоистични цели, а сите јавни добра треба да се третираат со највисока сериозност, т.е. да се оствари светоста на јавната доверба;

- невладината организација треба да има предвид дека нејзиното однесување и активности влијаат врз јавното мислење, како за неа, така и во однос на имиџот на другите вакви организации, и за тоа треба да ја споделува одговорноста со другите невладини организации;

- невладината организација треба во сите свои активности да изрази одговорен и грижлив став кон околината.

*Б. Соработка преку границите*

Специфичен прогрес кон сеопштиот мир и глобалното добро може да биде постигнат со надминување на меѓурелигиозните, меѓукултурните и меѓуетничките бариери во политиката, кои се стремат да ги одделат луѓето, пред сè од институциите. Во таа смисла:

- невладината организација треба да одржува етички втемелени и мотивирани кооперативни врски со другите невладини организации и треба да соработува и да отвора дијалог секаде каде што таа соработка и дијалог се однесуваат на јавното добро и го помагаат подигањето на квалитетот на животот преку ширењето на полето на своите активности и цели;

- невладината организација треба да настојува да ги надмине границите наметнати од политиката, религијата, културата, расата и етничката припадност, да се ориентира кон дејствување врз доменот на одредени документи и во соработка со организации и со индивидуи што реализираат заеднички вредности и добра.

*В. Човекови права и достоинство*

Во Универзалната декларација за човековите права на ООН стои: „Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви во достоинството и правата. Тие се обдарени со разум и совест и треба едни кон други да

постапуваат во духот на братството“.[149] Притоа треба да се води сметка и за фактот дека: „семејството е природна и основна клетка на општеството и дека секој има право на заштита од општеството и државата“.[150] Во таа смисла:

- невладината организација не смее да ги злоупотребува основните човекови права и слободи со кои располага секоја личност;
- невладината организација мора да ги почитува сите луѓе, бидејќи тие се родени слободни и еднакви во достоинството;
- невладината организација мора да има чувство за моралните вредности, религијата, обичаите, традицијата и за културата во општествата во кои служи, како и за етичките вредности на истите;
- невладината организација треба да го почитува интегритетот на семејствата и да го поддржува семејниот живот.

*Г. Религиозна слобода*

Во Универзалната декларација за човековите права на ООН стои: “Секој има право на слобода на мислата, совеста и вероисповедта. Ова право ја вклучува и слободата за промена на вероисповедта или убедувањето и слободата човекот сам или во заедница со другите, јавно или приватно да ја манифестира својата вера или уверување преку настава, исповедување на верата и вршење обреди“.[151] Во оваа смисла:

- невладината организација треба да ја почитува религиозната слобода и определба.

*Д. Транспарентност и одговорност*

Невладината организација треба да се бори за отвореност и за чесност, како интегрално, така и во однос на донаторите и на јавноста. Преку културата на партиципирање и комплетна одговорност внатре во организацијата се говори за промовирањето на демократија, а клучниот дел е транспарентноста. Во таа смисла:

- невладината организација треба да биде одговорна за своите акции и одлуки не само кон себе, туку и кон луѓето на кои им служи, своите вработени и членови, т.е. организации и партнери, како и кон јавноста пошироко;

[149] Член 1 од Универзалната декларација за човековите права и слободи на ООН, <http://www.mhc.org.mk>.
[150] Член 16, став 3 од Универзалната декларација за човековите права и слободи на ООН, <http://www.mhc.org.mk>.
[151] Член 18 од Универзалната декларација за човековите права и слободи на ООН, <http://www.mhc.org.mk>.

- невладината организација треба да воспостави механизами за вклучување на јавноста и на партнерите во планирањето на програмите и во проценувањето на директните ефекти од нив;

- невладината организација треба да е транспарентна во сите свои соработки со владата, јавноста, донаторите, партнерите и со другите заинтересирани страни, како и за личните дејства и информации. Основните финансиски информации на невладината организација треба да бидат постојано на јавен увид;

- невладината организација постојано треба да вложува напори и да бара начини да ја информира јавноста за својата работа и за потеклото и употребата на средствата што ги поседува.

*Ѓ. Независност и автономност*

Според дефиницијата на невладината организација, таа не смее да биде контролирана од ниту една влада или владино тело, како и од корпоративните интереси. Таа не смее да се оддалечува ригидно во своето дејствување или да стои против која било влада или политичка партија, туку да се фокусира врз принципите на политиката.

*Е. Точност и законитост*

Невладината организација треба да биде чесна и точна во соработката со своите донатори, со достапните проекти, персоналот, членството, партнерите, властите и со јавноста, воопшто. Тоа значи да ги почитува законите на секоја правна заедница во која што е активна. Во таа смисла:

- невладината организација треба да изнесува точни информации, и за себе и за проектите, без разлика дали тие се однесуваат на индивидуи или на организации, на проекти или на законодавство, т.е. за она за што се залага и за што во неа се дискутира;

- невладината организација не треба да се вклучува во какви и да е општествени активности што се незаконски според законите на државата во која е создадена или работи, и треба строго да биде против корупцијата, митото и во другите финансиски неправилности, а не соучесник во тоа;

- невладината организација треба да има сообразни начела за персоналот и за волонтерите за да може да обезбеди докази за управното тело во случај на неизвршување или на непочитување на зададените обврски на било кој член на организацијата;

- невладината организација треба да ги следи сите правни обврски во земјата. Таквите обврски вклучуваат: закони за асоцирање, закони за собирање на средства, еднакви можности за вработување

и здравје, стандарди за безбедност, правила за приватност, за трговија и закони за авторски права. Невладината организација треба да презема соодветни правилни акции кога ќе се откријат грешки меѓу вработените, управното тело, волонтерите или меѓу противниците или партнерите.

## *5. Принципи за создавање на национален етички кодекс на невладини организации во Република Македонија*

Несомнената потреба од етички кодекси на светско ниво, покажана преку примерот на ВАНГО, е јасна. Но, уште поважно е, водејќи сметка за тие основни принципи, при создавањето на етичките кодекси, кога се работи за кодекси на национално ниво, е да се води сметка и за културно-историското и политичко наследство на државата во која се создава таквиот кодекс.

Инсистирањето на ваквата појдовна точка при создавањето на националните етички кодекси на НВО секторот доаѓа оттаму што отсуството на свеста за потребата од ова доведе дотаму што особено во земјите на транзициите многу од невладините организации ја промашија својата функција и цел. Прво, заради тоа што не го почитуваа мултикултуралниот простор во кој дејствуваат, како што е случајот во Р. Македонија. Втората причина, тесно поврзана со претходната, е неразбирањето и непознавањето на верските и религиозните обичаи на другите конфесии со што се попречува реализацијата на идејата за заеднички живот на ист простор.

Следствено на ова, при востановувањето на етичките кодекси на национално ниво за НВО секторот, освен за овие фактори, нужно мора да се води сметка и за политичкото наследство на државата во која тие се воспоставуваат, за да се одбегне можноста невладините организации да станат поле на политички пресметки на новосоздадените политички субјекти-партии. Но, она што е уште поважно, е тие да ја одбегнат опасноста да бидат искористени за политички реваншизам, задоволување и компензирање на историските комплекси заради претходната неоствареност на државите во кои делуваат.

Овој социолошко-политички, но и психолошки дискурс е воедно и етичко упатство за невладините организации кај нас, доколку сакаат да воспостават реално етички втемелен кодекс на национално ниво, но националното ниво сфатено како држава, а не како припадност.

Ненавлегувајќи во понатамошни социолошко-политички и философски анализи, а свесни за потребите за надминување на историските наследства и недоразбирања со кои е богата нашава територија, сходно на веќе неколку пати истакнатата генерална дефиниција за тоа што е НВО секторот и што се невладините организации и која е нивната етичка

втемеленост и улога во создавањето на реалното граѓанско општество, втелемено врз почитувањето и заштитата на основните човекови права и слободи, исто така особено во држави како што е нашата, мора да се води сметка и за следните неколку работи.

Пред и над сѐ, водејќи сметка за тоа дека невладина организација подразбира и обврзува на непрофитност втемелена на активисти-волонтери, за да го задржи својот независен идентитет во однос на државните институции, како и да го оневозможи нивното директно мешање и влијание, таа (невладина организација) своето финансиско работење мора да го темели не само на принципот непрофитност, туку и на принципот независност од изворите на донираните средства. Инсистирањето на ваквиот начин на обезбедување средства за конкретните активности, особено во земјите на транзицијата, доаѓа оттаму што поради претходно споменатите околности во кои тие се појавуваат, честопати се случува донаторите-давачите на средствата да имаат свои прикриени намери и амбиции. Па токму заради тоа, невладините организации и невладиниот сектор мораат, не само да бидат отворени кон јавноста за сопственото финансиско работење, туку сообразно на универзалните етички принципи, должни се да го проверуваат потеклото на парите со кои ги остваруваат целите. Ваквиот начин на финансиско работење на секоја невладина организација и целиот невладин сектор е нужен, доколку се сака да се постигне една од основните цели и задачи, особено на ваквите организации во земјите кои се соочуваат со криза на изнаоѓање на сопствениот идентитет и патишта до новото демократско општество, како услов за почитување и ширење на основните човекови права и слободи.

Подиректно кажано, предупредувањето на опасноста од несоодветното финансиско работење во невладините организации во ваквите земји, а особено во Македонија, не е поради тоа што некој би се посомневал во чесноста и етичката втемеленост на целите, туку заради тоа што, од една страна, повеќето од таквите организации го немаат меѓународното искуство, додека од друга страна, се уште во менталитетот на луѓето со кои треба практично да се работи постојат остатоци на сфаќањата, нормите, навиките од претходниот систем од кој, за жал, страдаат и дел од политичките субјекти чии партнери треба да станат.

Но, невладините организации ќе станат она што треба да бидат - поле преку кое обичниот граѓанин ќе ги остварува и реализира своите позитивни етички определби и вредности, а воедно ќе станат партнери и етички коректив на власта, но и нејзин едукатор како треба да се почитуваат и како да се штитат основните човекови права и слободи, само тогаш кога како еден од своите основни принципи ќе го нагласи условот дека *секоја финансиска помош за реализација на ваквите цели е добредојдена, но само под услов доколку помошта се дава заради прифаќањето и разбирањето*

*на потребата од реализација на услови за вистинско граѓанско општество, а не за да се пренасочи активноста на конкретната невладина организација.*

Освен претходното, нагласувањето на финансиското неусловување води и кон задоволување на една од улогите, целите, функциите и задачи на невладините организации во општествата во транзиција до реалното граѓанско демократско општество. Имено, станува збор за тоа што финансиската независност и неусловеност на овие организации им овозможува реално практикување на она што и е целта на секое етички и морално втемелено активно дејствување на патот до квалитативното подигање на условите на животот. Подиректно кажано, со финансиската независност и неусловеност, тие се слободни да бираат, сообразно на интересите и целите на членството, поле, начини и цели за кои ќе се залагаат само доколку се етички втемелени и оправдани, со што се практичен доказ на тоа дека човекот има право на практикување на сопствените темелни права и слободи.

Правото на практикување на основните права и слободи на секој човек е темелното право за кое секоја невладина организација и невладиниот сектор како повисок израз на нивното заедништво, без оглед на конкретниот повод за нивното основање, е она заради што тие постојат и ја покажуваат и докажуваат својата етичка втемеленост. Тоа пак ќе ги одредува и средствата и начините на кои ќе се доаѓа до крајната цел на секоја ваква организација - општество на слободни граѓани во кое почитувањето на позитивните темелни права ќе биде единствената причина за постоење на државните институции како нивен сервис.

Доколку се имаат предвид претходните констатации-услови, кои се појдовната етичка ориентирна точка за секоја невладина организација, тогаш по природата на нештата, како составен дел на нивното постапување и изборот на начините на кои ќе се дојде до целта, нужно ќе ги вклучат и останатите етички вредности-предуслови без кои не би можело да се остварат целите. Тоа значи дека секоја невладина организација во своето постапување-активитет ќе ги инкорпорира чесноста, активизмот, филантропијата, соработката, дијалогот, хуманизмот..., како основни несомнени, низ историјата на човештвото потврдени и докажани, етички вредности од највисок ред врз база на кои единствено може да се предложи и воспостави каков и да е етички кодекс за невладините организации и невладиниот сектор на национално ниво.

Согласно на сето она што досега беше изложено и на што постојано се инсистира низ страниците на книгава, за да се дојде до вака втемелен етички кодекс на национално ниво, како нужно се налага водењето сметка за следниве принципи и почитувањето на истите при изработката на секој конкретен етички кодекс за секоја конкретна невладина организација. Тоа

се принципите кои ќе го овозможат, не само воспоставувањето на реалниот етички кодекс втемелен врз свеста за универзалната вредност на етичките вредносни системи, туку тие-кодексите, втемелени на овие принципи ја покажуваат и докажуваат оправданоста на постоењето на секоја невладина организација како поле за човековиот-граѓаниновиот позитивен етички активизам. Затоа, уште еднаш нагласено, без почитување на подолу наведените принципи залуден е секој обид за кодификација.

Без понатамошно теоретско разлагање, конкретно, тоа се следните принципи:

- невладините организации се особен вид демократско дејствување во современиот свет, израз на етичката самоосвестеност на граѓанскиот дух и на животните и позитивните морални стремежи на денешните луѓе, како поле, начин, средство за етичко оправдано ненасилно корегирање на системите и институциите кои заборават на почитувањето на основните права и слободи како темелен предуслов за секое општество, не само да биде граѓанско, туку, пред и над сè, реално демократско;

- невладините организации треба да дадат свој придонес кон општото добро, да ги развиваат и застапуваат вистинските етички вредностите на современото живеење во името на јавното добро, да настојуваат да ги имплементираат во своите домени на интересирање и активност, со што несомнено ќе задоволат уште една своја задача и цел, а тоа е не само подигање на индивидуалната етичка свест, туку и општествено етичко освестување за да се создадат такви услови на живеење, работење и развивање кои ќе водат кон сеопшто подигање на квалитетот на животот до степен на цивилизациска етичка вредност преку постојаното почитување и водење сметка за можностите и ограничувањата на биомасата;

- реализацијата на вредностите за кои се залагаат невладините организации значи претставување на општите позитивни етички вредности во граѓанскиот живот и во системот на невладиниот сектор и на посебните вредности кои се основа за постоењето и дејствувањето на таа конкретна невладина организација;

- невладините организации имаат должност и одговорност да ги задоволуваат потребите на луѓето и да ја унапредуваат нивната благосостојба преку ширењето на полето во кое секоја единка ќе може да се реализира без страв дека некој ќе ѝ го загрози животот поради која и да е причина;

- невладините организации и невладиниот сектор, сфатени како поле на позитивен демократски-етички втемелен активизам на секој граѓанин, воедно преку начините, изборот на средствата

и целите за чие остварување се залагаат, се проширено поле на демократското партиципирање на граѓанинот во општеството без директно земање на учество во власта затоа што таквите организации се демократскиот контролор, а воедно и етичкиот коректив на општеството;

- главниот интерес на невладините организации е насочен кон задоволувањето на основната човекова потреба етички да се оствари себеси, без загрозување на кое и да е друго битие, а пак со тоа воедно ја исполнува и функцијата да биде корективот на практикувањето на власта преку залагањето за темелните човекови права и слободи, но и вистинските етички вредности на патот до она што и е цел на етиката: таква универзална етика која ќе стане дел од живеењето и ќе овозможи таква глобализација во која граѓанинот ќе биде тој кој ќе биде причината за постоењето на која и да е институција или служба;

- невладините организации нужно мораат во своите цели и дејства да ги почитуваат темелните права и слободи на секоја единка, вредностите на различните култури, да го подигаат на овој начин достоинството на секој човек, како и да ја зголемат општата еднаквост меѓу луѓето, да го подобруваат разбирањето меѓу расите, половите, генерациите, меѓу луѓето со различна имотна и социјална положба, постојано изнаоѓајќи нови начини на соработка и дијалог меѓу луѓето втемелени врз филантропските етички позитивни вредности со универзално значење;

- невладините организации треба да останат достојни и верни на својата мисија и предмет на активноста, а тоа е да го потпомагаат општествениот развој врз етички втемелени принципи на почитувањето на правата и слободите на секоја единка до таков квалитет на живеење во кој граѓанското општество ќе биде реално демократизирано, без институционални разрешувања на човековите проблеми;

- невладините организации треба да го промовираат волонтерство како вредност и активната доброволна вклученост во сите нивоа на својата активност, како доказ за етичкиот квалитет на позитивниот активизам и солидарност на секој човек со секој човек, но и како израз на сознанието дека само ако даваме, со љубов ќе ни се врати;

- невладините организации треба да развиваат транспарентност во своето работење, како начин на етичко потврдување на себеси, но воедно и како етички коректив на затвореноста на системите-институциите кои го негираат основното човеково право да знае, да се

образува, но и да биде подготвен јавно да одговара за своите дела;

- невладините организации треба да соработуваат и да си помагаат, да се поврзуваат во мрежа на сродни организации до глобално ниво, каде ваквиот начин на организирање и соработка ќе биде полето преку кое ќе се остваруваат и суштинските цели на НВО секторот - меѓусебното разбирање независно од културната, идеолошката, политичката, религиозната..., припадност;

- невладините организации треба да настојуваат да дејствуваат квалитетно, успешно и ефективно давајќи ги своите услуги во корист на сите, со што се исполнува уште еден етички предуслов за нивното постоење - позитивни резултати во името на општото добро до заеднички квалитет на живеење.

* * *

Се надевам дека само вака конституираните определби и принципи како основа за еден етички кодекс на невладиниот сектор на национално ниво ќе помогнат во осмислувањето, информирањето, планирањето, дејствувањето и управувањето со работата на невладините организации кај нас.

Секако, инсистирајќи на претходново, не треба да се заборави и на следново: ниту еден кодекс за етичко постапување и дејствување на која и да е невладина организација не смее да биде сфатен како нешто непроменливо. Ова, токму заради тоа што, остварувајќи ја својата цел - етичко освестување и корегирање и на системот и на единките во општеството - не само што ќе го подигне нивото на квалитетот на живеењето, туку таа ќе мора заедно со растежот на општеството и самата да се корегира врз база на новоосознаените и потврдените универзални човечки етички вредности и потреби.

# IX. ЗАКЛУЧОК

Поаѓајќи од сознанието-констатацијата и заклучокот за она што и каква треба да биде државата, а за жал, живеејќи во свет во кој државите и оние кои ги претставуваат, многу често заборавaaт на ова, одговорот на разрешувањето на потребата за измена на ваквите услови доаѓа токму од оној заради кој постојат државите - Граѓанинот. Имено, свесен за тоа дека веќе не може да опстојува состојбата во која тој ќе биде само инструмент на државната политика, за да го задржи својот вистински етички систем и идентитет, неговото височество, Граѓанинот, изнајде начини да се организира, да најде форма преку која на таквите држави им кажува „не“.

Таквото средство, начин и форма за тоа толку неопходно „не“, во надеж дека тоа „не“ ќе доведе до позитивен, реално етички изменет свет, несомнено се невладините организации, кои, ако се погледне нивната досегашна историја на залагање за ненасилни методи, во голема мерка ги исполнија очекувањата на секој граѓанин - да влијаат врз етичкото освестување и на државата, и на власта, и на оние кои ја практикуваат.

Нема сомневање во оправданоста на заклучокот дека НВО секторот е само еден од начините на дејствување и разрешување на проблемите во светот во кој живееме. Станува збор за начин кој се темели врз застапувањето, одбраната и проширувањето на човековите права и слободи. Тоа е нивната суштина, темелот на нивното дејствување и неопходната етичка последица од тоа - етичко освестување на секој од нас како граѓанин до реално, етички втемелено граѓанско демократско општество. Тоа ја докажува и потребата од повторното воспоставување на корелацијата политика - етиката и обратно, на политичките дејства фундирани врз етичкиот критериум при нивното вреднување-оценување.

Оттука, несомнениот етички критериум според кој треба да бидат оценувани невладините организации е до кој степен ја исполнуваат својата функција - заштита, унапредување и проширување на човековите права и слободи. А суштината на дејствувањето и на преземените активности за остварување на ваквите функции и цели се огледа, пред сè, во идејата и во напорот полето на човековите права и слободи да се шири во разни области и севкупно во светот. Како резултат на тоа, дејствувањето на невладините организации е нужно инспирирано од Етиката, како основа и критериум за секој вид активност. Ова пак во практиката ги потврдува големото значење, улога и влијание што невладините организации го имаат денес како коректив и на локален и на меѓународен план. Повратниот ефект од

вака оствареното конкретно влијание и на локален и на меѓународен план, е тоа што државите сè почесто водат сметка за ставовите на невладините организации за да одбегнат меѓународна осуда и санкции.

Без оглед на тоа кои се мотивите на државите за ваквото однесување и прифаќање на невладините организации како партнери, што е квалитативен скок во однос на средината на минатиот век, позитивниот ефект од тоа е што државните институции и оние кои ги користат, сакале или не, сè почесто влечат потези чиј краен резултат е ширење на полето на граѓанската демократија и инволвирањето на секој граѓанин во процесите на политичките и економските разрешувања на развојната линија на сопствената држава. Ова пак, да нагласам уште еднаш, ги подвлекува улогата и значењето на невладините организации како етички коректив и едукатор на државите и властите во своето постапување, не само дома, туку и глобално - етички да се освестуваат и раководат од ставот дека, без разлика на религиската, културната, идеолошката или политичката ориентираност, *човекот е највисока биолошка и социјална вредност според која мораме етички да постапуваме, за да додеме до свет втемелен на принципот на една Универзална биоетика.*

Разгледувањето на етиката на дејствувањето, во и на невладините организации, независно од целта или полето на нивното дејствување и методите кои ги користат за реализација на зададената цел, е поради тоа што е нужно да се укаже на фактот дека:

- ниту една невладина организација, независно од бројноста на членството, не може да опстои и да ги оствари своите цели доколку не се придржува до основните, несомнени универзални етички вредности и од тоа изведениот универзален етички, аксиолошки, вредносен систем според кои ќе го заслужи квалификативот „невладина организација“ и ќе ја оствари функција и целта на своето постоење;
- ниту една невладина организација не може да ја исполни својата цел и функција доколку не се вклопи во сеопштите настојувања и процеси за демократизација на општеството на кое му припаѓа и доколку не сфати дека само со заедничко работење-кооперативност со другите, вклучувајќи ги и властите, може да придонесе кон создавањето на она што е и цел и функција на секоја невладина организација - градење на реално, етички втемелно демократско граѓанско општество;
- ниту една невладина организација не ќе може да се нарече „невладина“ доколку не се постави во функција на коректив на етиката на државата-властите и нејзините органи, што пак подразбира дека таа секогаш и секаде мора да одбира и да применува такви начини на работење кои не само што ќе ја исполнуваат ваквата

нејзина функција, туку и на останатото граѓанство невклучено во нејзините активности ќе му понуди нови етички вредности и ќе му отвори ново поле за себе доостварување како активен чинител во изградбата на реалното, етички втемелено отворено граѓанско општество.

Набројувањето на овие темелни услови е за да се подвлече фактот дека терминот „невладина организација" не значи неучество во власта, туку активитет втемелен врз несомнени етички вредности за да се постигне основната цел на секое граѓанско општество - властите и државата да бидат сервис на граѓанинот, а не граѓанинот да биде извор и жртва на одржување на системите.

Доследно на претходново, сосема е јасно дека без оглед на тоа дали невладините организации се од локален или национален карактер, врз вака втемелени принципи на работа, стануваат и глобален фактор бидејќи со доследното придржување кон основните етички вредности и настојувањето да се изгради реалното граѓанско општество во една држава нудат и одговор за многуте прашања пред кое денес е исправен светот. Попрецизно кажано, со самото тоа, не само што се глобален фактор со социјално-економска и политичка последица, туку тие стануваат и начин на живеење и размислување кој овозможува развивање на таков тип на свест, независно од религиската, политичката, културолошка... припадност, на глобално ниво, дека без соработка, меѓусебна толеранција, разбирање и дијалог, нема свет кој ќе биде глобално отворено граѓанско општество втемелено врз основаната цел на сечие постоење - создавање на таков тип на етика во општеството која ќе го ослободи светот од опасноста од самоуништување враќајќи ги светот и човекот кон вистинските вредности. Тоа се оние вредности кои нужно мораат да бидат во основата на дејствениот механизам на целиот невладин сектор, па и поединечно кај секоја невладина организација.

Оттука, како основен постулат се наметнува избор на добро профилирани цели врз етички вредности според кои тие се раководат, но според кои и се оценува нивната активност и се бараат соодветни резултати. Така вредноста станува израз на нашата свест за животот, за односите меѓу луѓето и за нашето постапување, но и она од што ќе бидеме проценувани и според што ќе ги проценуваме другите во нивното постапување. Ова пак укажува на тоа дека вредностите, *реалните етички вредности*, се не само инспирацијата на невладините организации, туку и нивен *модус вивенди* на делување и постапување за да ја исполнат својата улога, цел и функција - да бидат етички мост помеѓу граѓанинот и општеството.

Имено, за да бидат ова, т.е. етички мост и коректив, невладините организации, отворајќи му простор на секој граѓанин лично да се ангажира во разрешувањето на проблемите со кои се соочува, го разрешува проблемот на микро ниво кога станува збор за измена и доизградба на

свеста за потребата од етичко однесување кон себе и кон другите. Но, воедно менувајќи ја и доградувајќи ја оваа свест на секој граѓанин, тие, невладините организации, ја менуваат и свеста на државата за потребата од вакво однесување кон оние заради кои постојат - граѓаните. Ова пак, на макро план, гледано во контекст на глобализацијата кон која несомнено се движи светот, придонесува и за намалувањето на бројот на судирите и последиците на патот кон неа.

Поради тоа што невладините организации потекнуваат од најразлични државни и политички уредувања, за да станат еден од глобалните партнери на секоја од државите, беа принудени да најдат едно универзално, интернационално поле на заедништво преку кое ќе дојдат до она што на сите ни треба - меѓусебно разбирање и заедништво во разрешувањето на проблемите од забрзаниот економски развој. Таквото поле го најдоа најбрзо и најлесно преку прашањата за заштитата на човековата средина и еколошката одржливост на економиите во светот. Ова пак, во последниве неколку децении ја создаде и најновата, четвртата генерација на права на човекот - *еколошките права* - чие значење, секојдневно, сè повеќе расте, а борбата околу нив, поточно за нивното остварување, денес дорасна до главен „мерен инструмент“ за етичката освестеност на граѓаните и етичката втемеленост на општеството и економиите во светот.

Во оваа смисла, борбата за еколошките права е израз на една свест дека ниту едно друго право не ќе биде можно во иднина, доколку, пред и над сè, не ѝ се свртиме на природата и не изнајдеме начини да ја заштитиме од економиите кои во трката по профитот ни ја одземаат можноста да создадеме таков живот, такви односи, во граѓанското демократско општество, кои ќе го обезбедат опстанокот на видот на кој му припаѓаме, а воедно со тоа и на биомасата и на биопотенцијалот. Со други зборови, свеста за неопходноста од борбата за почитување на темелните еколошки права на човекот, особено благодарение на активностите на невладините организации, во суштина значи развивање на свест за тоа што сме во моментот, но и што можеме и сме должни да направиме доколку сакаме да се почитуваме себе си како човечки биоетички освестени битија.

Оваа борба задоволува и уште една практична функција-потреба. Со укажувањето на потребата дека природата мора да се чува и негува, граѓанските организации и НВО секторот, создаваат и услови, но и наметнуваат потреба од етичка проверка на тоа каква е економијата која се користи за да се произведе доволно материјални добра. Доследно пак на ова, ваквиот вид на проверка и оценка не ја менува само свеста на обичниот граѓанин, туку и на бизнис-елитата, а посредно на тоа и на политичката елита.

Развивањето на свеста за таков тип на економија која ќе биде втемелена на потребата од етичка освестеност за начините на (зло)

користењето на биомасата и последиците од тоа за биопотенцијалот, а благодарение на невладините организации, доведе до уште едно сознание - го потпомогна сознавањето на неопходноста етиката, не само да биде нешто што се посакува, туку и да стане неделив дел од сите образовни процеси. Ова поради сознанието дека етиката е онаа која на секоја единка може да ѝ помогне, не само да стане функционален член на општеството, туку и нешто многу поважно од тоа, т.е. да дојде до себе си како вистинско човечко битие кое своето постоење и делување ќе го одредува според неа, со еден збор, да стане етички изградена личност. Ваков тип на личност е нужниот предуслов за создавање на она што ни е потребно на сите: подигање на квалитетот на животот преку таква економија која ќе биде етички втемелена и одредувана.

Доколку аналитички се разгледаат претходните искази-сознанија и заклучоците од нив, несомнено е дека невладините организации се оној врзивен-градивен елемент во развојот до реално граѓанско, етички втемелено општество без кој не се може. Императивноста на овој исказ доаѓа оттаму што, без оглед на целите на секоја конкретна невладина организација, има нешто што е заедничко за сите нив: борејќи се за заштита на темелните човекови права и слободи, ширејќи го полето на нивното почитување, тие несомнено ја доизградуваат и свеста за тоа дека сè што е живо, треба и мора да биде почитувано и заштитувано! Ова пак, како збирен резултат, ја гради свеста во секој од нас дека само постапувајќи етички оправдано и втемелено, ќе бидеме она што сме секој од нас - Човек. Но, за да бидеме тоа, не само што секој од нас мора да најде начин како да се вклучи во активностите на невладиниот сектор, не заборавајќи при тоа етички да ги промисли и вреднува нејзините цели, туку мора да најде и начин во рамките на истиот, борејќи се за секоја конкретна цел, да го отвора и полето за доизградба на свеста за тоа дека само со етичкиот однос кон сè што е околу нас ќе го обезбедиме и сопственото опстојување на оваа планета. Подиректно кажано, тоа значи дека *секој од нас, нужно преземајќи ја одговорноста за себе и за другите, а со тоа и за иднината на планетата и нашата на неа, со секое свое конкретно дејствие ќе ја гради Етиката која ни е нужно потребна - Етиката на универзалната свест за биомасата и биопотенцијалот од неа како основа на она кон што природата на нештата и потребите на секој од нас нà води: Универзална Биоетика, која ќе ни го овозможи опстојувањето на планетава и во вселената.*

* * *

Низ страниците на книгава сиот акцент беше ставен на невладините организации и на етиката на дејствувањето, во и на истите. Но, не заради тоа што некој при здрав ум би ја спорел нивната улога и значење, и за нив

и за светот во кој живееме, туку заради промената која ќе нè врати кон нас самите како суштества кои се во состојба да дораснат до етички втемелена и изградена личност. Токму затоа, Третиот сектор, поточно невладините организации, станаа vox populi.

Родени од ваквата потреба да се чуе гласот на народот, тие и станаа глас на народот и се свртуваат кон оние потреби за кои властите и државите се оглушуваат, немајќи доволно ресурси или волја да ги задоволат. Покривајќи го овој простор, овозможувајќи задоволување на ваквите потреби и исполнувајќи ја својата улога на нужен етички коректив на таквата власт, невладините организации на граѓанинот му овозможија партнерство со власта, а воедно станаа и клучен фактор без кој, ниту граѓанинот, ниту власта, ќе можат во иднина да дојдат до целта на она што е глобално сознание на секоја етички освестена личност - реално, етички втемелено граѓанско, демократизирано општество.

Потврдата за ваквата улога и значење на невладините организации се и резултатите, не само на балканските простори, туку и глобално. Имено, тие станаа незаобиколив фактор на мирот, демократијата, економската благосостојба..., токму поради тоа што, созревајќи до сопствената етичка определеност за вистинските универзални етички вредности, како што се: борбата за заштита и ширење на човековите слободи и права, солидарноста, дијалогот, соработката, волонтерството, мирот..., *ӣрво* и основно, на граѓанинот му овозможија да ја преземе својата одговорност за себе и пред другите, а *вӣоро*, на системите им понудија простор, преку почитување на претходно набројаните етички вредности, да дозреваат.[152]

[152] Позитивна критика во однос на значењето на невладините организации е дадена и во документот за „Одржливата способност“ во партнерство со „Глобалниот договор и програмата за животна средина на ООН“ (Sustainability in partnership with the Global Compact and the UN Environment Programme), за што на 26-ти јуни 2003. година е поднесен Извештај за улогата на невладините организации во 21-от век, каде што се заклучува дека невладините организации ќе бидат многу важен фактор во иднината како во дефинирањето на улогата на државата и на бизнисот, така и во нивното лично дејствување. *The 21st Century NGO: In the Market for Change*, Sustainability and the United Nations, June 26, 2003.

# РЕТКА КНИГА ОД ОДЛИЧЕН АВТОР

Имам задоволство да се радувам на објавувањето на една ретка книга од одличен автор. М-р Дејан Донев е мој студент, дипломира философија со највисоки оценки, изработувајќи невообичаен, некласичен труд, но многу битен за нашето разбирање на реалноста и на новите интелектални потреби во ерата кога Етиката станува најзначајна наука и практика на човештвото. Напоредно со нашите напори да го објасниме, испробаме и развиеме етичкото образование кај нас, м-р Донев изработи дипломска работа (2000) на тема „Примената на радиомедиумот во етичкото образование“, со која се истакна како иноватор во медиумското презентирање на современите етички идеи. Тој подоцна работеше како новинар, во разни радио станици и во други медиуми, кога беше многу ангажиран околу една од најзначајните етички теми на денешницата - еколошката етика.

Тогаш, на иницијатива на овој млад мислител, имав прилика со него да работам во практичната примена на наученото на студиите - имено, заедно направивме серија емисии за Советот за радиодифузија, првин серијал од 10 долги презентации на етиката во професијата (Педагогија, Новинарство, Наука, Спорт...), а потем два серијали со вкупно 20 емисии за Граѓанската етика, што се први масовни, развиени промоции на етичките погледи за правилното однесување пред македонската радио публика. Иако во нив м-р Дејан Донев настапува предимно како новинар, неговата професорска диплома и хабитус ги прават овие серии исклучително значајни токму во смисла на наставнички занает - тие емисии можат да се употребуваат директно пред младите во училиштата.

Во научна смисла м-р Донев се истакна и во истражувањето на најновата етичка дисциплина - Биоетиката, која ги прибира и обработува сознанијата за здравјето и за природата, како и бројните други манифестации на заштита и одбрана на живото, како основен стремеж и обврска на човекот во денешницата. Со свои реферати учествува на биоетичките собири во Хрватска, која е водечка земја во оваа научна област во регионот.

Но, засега, најзначаен придонес на овој млад, плоден автор е неговиот магистерски труд „Етиката на дејствувањето во невладините организации“, одбранет на Институтот за философија на Филозофскиот факултет во Скопје (2005), по одлично завршените постдипломски студии по философија, во која се специјализираше токму за етиката и историјата на етиката. Овој редок труд, еве, сега се објавува кај нас и јас сум среќен за таа историска прилика да ја поздравиме првата научна книга на овој одличен научник - не само како професор на м-р Дејан Донев и ментор при изработката на неговата магистратура (како и на докторскиот труд за вредностите во менаџерската етика, кој наскоро ќе биде одбранет на Филозофскиот факултет).

„НВО секторот како етички коректив на општеството: За механизмите на

етичко дејствување на невладините организации“ на м-р Дејан Донев е исклучително важна и интересна научна книга од областа на Социјалната философија и Етика. Таа е посветена на една од најзначајните области на современата етичка и демократска активност - на организирањето и работењето на еден вид граѓански иницијативи наречени „невладин сектор“ или „невладини организации“, за да се разликуваат од дејноста на официјалните општествени институции. Само кај нас има 5.000 вакви регистрирани организации (меѓу кои е и нашиот Центар за етика, чиј еден од основачите е и м-р Донев). Многу од важните денешни општествени задачи се реализираат токму преку невладиниот сектор. Овој стана база на широката народна демократија, како израз на новиот дух на човечкиот ангажман и соработка за постигање успех во разни области од значење за луѓето, за општеството и за човештвото во целост. На пример, важната активност на еколошкото освестување и градењето и спроведувањето на еколошката етика главно се изведуваат преку ваквите невладини организации - и во книгата има далечни одгласи како резиме на искуствата на авторот токму од ваквиот негов личен ангажман на ширењето на еколошките сознанија и вредностите на еколошката етика.

Книгата „НВО секторот како етички коректив на општеството: За механизмите на етичко дејствување на невладините организации“ на м-р Донев дава философска и етичка согледба на идејата, на целите, на вредностите, на инспирацијата за ангажман и на моралната димензија на активноста на невладините организации. Пред читателите е целата нејзина структура, и можеби не би требало да ја репетираме, но оваа материја е толку нова, а придонесот на м-р Донев во нејзиното истражување толку значаен, што треба да биде истакната неговата идеја и како тој ја реализирал.

Во Воведот се истакнати целите на ова оригинално истражување, пред сѐ со укажување на големото значење на постоењето и дејствувањето на невладините организации во современиот свет. Покажано е какви се проблемите на денешницата и како се развиваат етиката и социјалната и политичка акција за нивно разрешување. За тоа се значајни развојот на граѓанското општество и на Универзалната етика, а во посебна смисла е значајна појавата и големиот развиток на невладините организации како акција за подобрување на состојбите во современиот свет.

Во поглавјето „Невладиниот сектор како форма на демократско и етичко дејствување во современиот свет“ авторот ги претставува суштината и формите на активноста на невладините организации денес. Се утврдува дека развојот на демократијата значи развој на граѓанското општество со своите форми, меѓу кои бележита форма се токму невладините организации. Систематски се истражува значењето на невладините организации во процесите на граѓанското општество, нивната суштина и форми, карактеристика и структура, видови и цели на дејствувањето. Претставени се и обидите за дефинирање на невладините организации, при што како суштествено се укажува на нивните демократски и етички настојувања за имплементирање и одбрана на човековите права и слободи.

Во поглавјето „Етичкиот аспект на човековите права“ е прикажан развитокот на идејата и на реалноста на човековите права, нивната философска и етичка основа, нивното значење за духовниот и етичкиот развиток на човештвото и нивната смисла и содржина денес и во иднината.

Во поглавјето „Слободата како врвна цел на постоењето“ е истражена суштината на слободата за човековата егзистенција, особено во современата епоха,

како и смислата и содржината на слободата од филосoфски и етички аспект.

Поглавјето „Улогата на невладините организации во застапување и заштита на човековите права и слободи“ е посветено на испитувањето на проблематиката на невладините организации, чија основна функција е токму застапувањето и одбрана на човековите права и слободи.

Во поглавјето „Главните етички цели на човештвото денес и невладиниот сектор“ е претставена проблематиката на аксиолошкото творештво и избор, како и суштината и значењето на највишите етички вредности денес. Посебно е претставена идејата и практиката на создавањето на Универзалната етика на човештвото, како нов духовен и етички феномен, во чие конципирање и изградба учествуваат и невладините организации.

Во поглавјето „Етичките вредности како темел на дејствувањето во невладините организации“ се испитани етичките вредности кои се инспирација за формирање и дејствување на невладините организации. Потоа одделно е разработена проблематиката на основните вредности на дејствувањето на невладините организации и детално се претставени вредностите Активизам, Соработка, Филантропија и Волонтерство како базични за етичкиот дух на дејствувањето во невладиниот сектор.

Во последното поглавје „Улогата на етичкиот кодекс во дејствувањето на невладиниот сектор“ е изложена проблематиката на кодифицирањето на моралните норми. Во однос на нормирањето на дејствувањето во невладиниот сектор, претставени се досегашните светски обиди да се направи кодекс за овој сектор, а потоа м-р Донев дава свој предлог на *Етички кодекс на невладините организации во Република Македонија*, во кој е претставен еден модел на однесување во оваа сфера со најзначајните основни норми.

Во Заклучокот се резимирани основните сознанија кои произлегоа од ова интегрално испитување на етичките димензии на основањето и дејствувањето на невладините организации.

Книгата „НВО секторот како етички коректив на општеството: За механизмите на етичко дејствување на невладините организации“ од м-р Дејан Донев е оригинален труд, обемен, исцрпен и детален, со вистинско познавање на сложената проблематика на невладиниот сектор, со особено испитување на етичките димензии на невладините организации. Оваа книга донесува многу валидни сознанија за етичката и демократската практика, а трудот го претставува авторт како упатен, вреден и квалитетен истражувач на полето на Етиката и Социјалната филосoфија.

Оваа книга е неопходна за нашата наука и социјална практика. Истражувањето ги објаснува суштината, изворите, потребата, целите, областите, содржините, методите и резултатите на дејствувањето на невладините организации. Книгата има висока апликативна вредност - сознанијата во неа можат да послужат за пошироко општествено согледување на потребата, на содржините и на формите на дејствување на невладините организации, за кои понекогаш нема доволно разбирање кај нас или има недоразбирања околу нивната работа.

Во книгата „НВО секторот како етички коректив на општеството: За механизмите на етичко дејствување на невладините организации“ м-р Донев покажува колку и зошто невладините организации се значаен феномен во современото дејствувањето во целиот свет. Тие претставуваат напор за ширење на човековите права во разни области и вкупно во светот, а ја изразуваат основната идеја за

слободата на личноста и на разните групи, како и за нивното широко дејствување денес. М-р Донев покажува како дејствувањето на невладините организации е многу поврзано со етиката, која е инспирација за нивната активност, но и форма на дејствување на нивните активисти. Иако невладините организации се значајна етичка појава денес, сепак нивниот развиток и нивната дејност досега не се истражувани специјалистички од етичка гледна точка. Книгата „НВО секторот како етички корeктив на општеството: За механизмите на етичко дејствување на невладините организации" од м-р Дејан Донев претставува автентичен, вистински научен прилог кон објаснувањето на дејствувањето во невладиниот сектор денес.

Истовремено е многу значајна аксиолошката анализа на замислите и на дејствувањето на невладините организации, посебно на одделните основни етички вредности кои се база за дејствувањето во нив. Особено интересен и значаен е предлогот на Етичкиот кодекс на дејствувањето во невладиниот сектор, кој може да има практична вредност и да биде корисен за овој вид лична и социјална активност. Книгата дава значаен придонес во разработката на проблематиката на невладините организации, а сигурно ќе придонесе и во развојот на дејствувањето во невладините организации кај нас.

Ги истакнувам трудољубивоста и амбициите на м-р Дејан Донев на полето на науката, публицистиката и социјалната активност. Особено се истакнува во имплементирањето на современите етички сознанија во практиката, а и во универзитетската настава (во која може да учествува како демонстратор во разни групи кои учат Етика). Мошне се значајни неговото усовршувањето на сознанијата во областа на Биоетиката и активноста во еколошката област. Тој е вистински стручњак за проблематиката на современите комуникации и за нивното користење за етички цели. Неговото добро философско образование, етичка специјализација и работа во медиумите и во невладиниот сектор овозможија успешно да ги совлада суптилните етички аспекти на дејствувањето во невладините организации. Во таа смисла, книгата „НВО секторот како етички корeктив на општеството: За механизмите на етичко дејствување на невладините организации" од м-р Дејан Донев е мошне важно ново дело на нашата практична етика. Таа е единствена и во светот и сигурен сум дека ќе предизвика интересирање за преведување и објавување и во странство.

Затоа имам чест да го поздравам објавувањето на книгата „НВО секторот како етички корeктив на општеството: За механизмите на етичко дејствување на невладините организации" од м-р Дејан Донев. Со оглед на значењето и интересноста на темата, со оглед на целосноста на пристапот, со оглед на обемноста и квалитетот на истражувањето на етичката суштина и аспекти на дејствувањето во невладиниот сектор, со оглед на значајните резултати од автентичното испитувања на формите и содржините на дејствувањето во невладините организации - оваа книга го претставува авторот како наша исклучителна научна и социјална личност.

***Проф. д-р Кирил Темков***
***редовен професор по Етика***
***на Филозофскиот факултет во Скопје***

# НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ КАКО ПАТ ДО УНИВЕРЗАЛНАТА БИОЕТИЧКА СВЕСТ

Она што го одредува нашето време на патот кон реално демократско општество, особено на земјите во транзиција кои настанаа како последица од распаѓањето на политичките системи и идеологии и етиката изведена од нив, е кризата-распаѓањето на системот на вредности што резултира не само со криза на моралот и етиката во општеството, туку и со криза на идентитетот и нарушување на етичкиот суверенитет на граѓанинот кого претходните системи, не само што одбегнуваа да го научат што се тоа слобода или човекови права, туку и што со таа слобода и тие права, ако, не-дај-Боже, се здобие со нив. Ваквата состојба е резултат и на тоа што етиката и нејзините вредности во претходниот систем зависеа од нивната примереност на потребите на дневната политика и државно одредената и прифатлива идеологија.

Во ваква ситуација, граѓанинот, исфрустриран од предходните злоупотреби, соочен со власта која сама себе си е доволна, а обидувајќи се да најде начин на истата да и каже кои се и какви се неговите потреби, начинот да го стори тоа го најде во сопственото организирање, подржување или симпатизирање на оние невладини организации за кои му се чини дека се на линијата на неговите потреби. За жал, етиката од која поаѓаат истите во своето делување не секогаш е на линијата на она што е нивната основна цел во секое општество на патот кон реално демократизирано отворено граѓанско општество и тоа од разно-разни причини. Најверојатно дека ова сознание е и една од основните причини што Дејан Донев се решава да го понуди ова дело насловено *Невладиниот сектор како етички коректив на општеството*, со поднаслов З*а механизмите на етичко дејствување на невладините организации*, настанато врз база на согледувањата од неговиот магистерски труд *Етика на дејствувањето во невладините организации.*

Дека насловот е соодветен на предметот на неговата магистерска теза и трудот од тоа, нема сомневање. Но, свесен за фактот дека тоа воедно е и ограничување, авторот се решава својот магистерски труд да го доработи и заокружи во книгата што е пред Вас, која успешно нуди не само историски преглед на развојот на невладиниот сектор и предметот на неговите интересирања и активности, а кои можат да се сведат во еден исказ „освојување на нови слободи и права“, независно од секторот во кој дејствуваат, туку преку ваквата понуда успева не само да ги валоризира досегашните резултати од активноста на невладините организации во Република Македонија и пошироко, туку воедно ревреднувајќи ги истите да укаже на фактот дека заедно со развојот на општеството истите и самите се развиваат дозревајќи до она што е и причината на неговиот наслов *Невладиниот сектор како етички коректив на општеството.*

Она што во оваа книга особено го привлекува вниманието е фактот дека Донев успешно воведува и еден нов начин на промислување на улогата на

невладините организации. Имено, авторот јасно укажува и покажува дека ако одреден број потреби на граѓаните кои новосоздадените политички партии кога ќе дојдат на власт не се во состојба или не сакаат да ги пресретнат од која и да е причина, невладините организации се тие кои го покриваат овој простор. Резултатот од ваквото дејствување на невладините организации е тоа што одреден број законски решенија не беа донесени толку поради свеста на владеачката гарнитура, колку поради тоа што токму активноста на невладините организации ги потсети и власта и државата дека мораат да ги донесат доколку сакаат да бидат се уште на местото на кое се. Оваа забелешка особено важи кога станува збор за законите од сферата на заштитата на околината и екологијата. При ова, авторот не заборава да им упати забелешка и на невладините организации и на државата дека ниту едните ниту другите доволно се имаат ангажирано во разрешувањето на останатиот број на проблеми произлезени од транзицијата.

Претходново тврдење е она што би можело да се изведе како генерален заклучок за оваа книга и за целите на нејзиното настанување. Тоа пак не значи дека авторот заборавил уште на една функција на ваквите книги, кои, за жал, не можеме да кажеме дека се во доволен број присутни на овие простори. Имено, определувајќи се за структурата на книгата поделена на девет поглавја, во кои во секое од нив одделно обработува и оценува одреден број на прашања релевантни за активностите на невладините организации, не заборава во секое од нив воедно да укаже и на фактот дека невладините организации ќе ја исполнат својата функција како етички коректив на општеството во развој само доколку и само тогаш кога ќе бидат не цел по себе за себе туку сервис на граѓаните, улога која, за жал, и самиот автор констатира дека државата и власта во моментот не само што не ја исполнуваат туку и се трудат и да ја заобиколат. Ова пак укажува на фактот дека Донев не само што е свесен за улогата на невладините организации, туку воедно успева со ваквото оценување, вреднување и одредувањето на вредноста на невладините организации на општествената скала на вредности, воедно да покаже дека е свесен и за социјално-политичкиот и економскиот момент во кој живее, но дека нема илузија за тоа дека до одреден степен на развој не може да се дојде доколку пред се не се исполни еден од основните предуслови, а тоа е демократизација на односите во општеството. Поаѓајќи од ваквата претпоставка, авторот не ги гледа невладините организации толку како збир на организации кои се занимваат со одредена проблематика или кои се обидуваат да задоволат одреден број на потреби на граѓаните, туку повеќе ги гледа и ги сфаќа како збир на заеднички активности низ кои истите треба да дојдат и до свеста за својата улога во општеството за општеството на патот кон демократизацијата. При ова Донев ниту во едно од поглавјата не заборава да укаже на фактот дека само доколку така ја сфатат својата местоположба во општествениот развој кон она за што секоја од досега владеачките гарнитури се декларира - демократско граѓанско правно општество, може навистина и еден ден тоа да биде реалност на овие простори.

За да им помогне на невладините организации да дојдат до ваквото осознавање за себе си и за својата функција во општествата, какво што е нашево, авторот, за жал, е принуден еден голем дел од страниците на оваа книга да им ги посвети на одреден број историски разгледувања. Веројатно дека тоа не е поради неговата потреба да го покаже своето знаење од историјата на развојот на идејата за слободите и правата, како и на историјата на развојот на невладините организации,

туку разгледувајќи ја оваа историја, набројувајќи ги предметите околу кои се ангажирале ваквите организации низ историјата, преопширно цитирајќи одредени декларации, поаѓа од претпоставката дека на овие простори понекогаш и ваквото оптоварување на текстот е потребно, не толку затоа што за истите не се чуло, колку затоа што начинот на исчитувањето на овие декларации или истории и нивното толкување повеќе е оптоварено од дневно-политичите потреби и употреби отколку од желбата тие навистина да бидат сфатени само како едно од скалилата на развојот и на невладиниот сектор и на општеството.

Може да се додаде уште едно оправдување за претераната „историчност“ на одредени страници, а тоа е дека авторот смета за потребно воедно да ја покаже и еволуцијата на свеста, воопшто на граѓанството, за потребата од сопственото конкретно етичко ангажирање и дејствување доколку навистина сака општество и уредување по сопствена мерка. Доколку ова се мотивите на неговиот ваков приод на одредени теми на разгледување, тогаш тие како такви ја исполнуваат својата улога, а воедно му го отвораат и просторот ревалоризирајќи ги да отвори можност не само да ги преоцени досега понудените етички кодекси на дејствување на невладините организации туку, укажувајќи на потребата од свеста на невладините организации дека само доколку дејствуваат врз база на универзалните етички вредности и се подготвени и својата и туѓата слобода да ја сфатат како почитување на Другата, може да се дојде до она што е несомнено тренд денес во светот - глобализацијата. Но не глобализација во политичко-економска смисла, туку глобализација на свеста дека етичките вредности Љубов, Мир, Среќа..., се универзални вредности независно од политичката или било која друга припадност и дека ако како такви се земат и бидат темел на секое дејствување на невладините организации тие ќе овозможат услови во кои самите себе ќе се укинат, поточно нивното постоење само по себе ќе биде непотребно затоа што би се создале услови во кои повеќе не би постоеле одреден тип на конфликт на интереси кои невладините организации се обидуваат да го разрешат.

Сметајќи дека ова е во суштина и главната причина, но и крајната цел на постоењето на невладините организации, т.е. создавање на услови за себеукинување, Дејан Донев успешно нотирајќи ги карактеристиките на досега понудените етички кодекси на невладините организации и во светот и кај нас, ненавлегувајќи во нивното оценување како такви, посредно укажува на тоа дека истите не ретко остануваат на ниво на нормирање на начини на однесување во рамките на само една невладина организација или невладина организација ориентирана на одредена проблематика, па затоа повикувајќи се на еден релативно успешен обид за воспоставување на универзален-светски кодекс за дејствување и однесување на невладините организации, пополнува уште една празнина на овие простори во работата на невладините организации кај нас. Имено, доследен на својата определба дека етика е таа која треба да биде алфа и омега на сечие постоење и да го одредува неговото дејствување и доостварување како човечко битие, дали со лична активност или преку невладина организација, авторот јасно и гласно ја подвлекува потребата од создавање на еден ваков етички кодекс за невладините организации на национално ниво од кој би се изведувале конкретните кодекси на секоја од нив. При ова авторот воедно не заборава да подвлече дека ниту еден кодекс не ја исполнува својата улога доколку не се темели на еден основен принцип на размислување: секоја од невладините организации, независно од полето на своето дејствување, секогаш и секаде треба да поаѓа од

сознанието дека само со оетичување на односите во општеството преку нивната демократизација може да се дојде до она што е и авторовата генерална определба на човековото постоење. Имено, станува збор за тоа дека доколку внимателно се исчитаат поглавјата, а особено заклучоците на истите, сосема е јасно дека Дејан Донев полека но сигурно и релативно аргументирано го свртува вниманието кое еден од најголемите проблеми на човековото постоење: *како да се живее и дејствува, па дури и да се произведува во економски услови во кои отсуствува свеста за злоупотребата на биоресурсите и последиците од тоа за биопотенцијалот и иднината на опстанокот.* Поедноставно кажано, се чини сосема сигурно дека покрај другите наведени причини за создавањето на оваа книга, основниот мотив на авторот е: ДА!, невладините организации ни требаат, но тие ни требаат се дотогаш додека не само што ќе бидат етички коректив на општеството, туку и самите етички ќе се освестуваат до степен каде што ќе станат свесни дека Биоетиката е она за што треба да се мисли и размислува и оттука понатаму да го одредуваат сопственото однесување за и во општеството.

Последнава констатација е она што може да се изведе како најголема вредност од оваа книга, независно од можните забелешки во однос на стилот или аргументациите во неа, токму поради фактот што токму ваквиот пристап покажува и докажува дека и во општество во криза на сопствениот идентитет и суверенитет, чија најчеста жртва е граѓаниниот, и со збор и со текст може да се стори нешто за оние кои доаѓаат по нас и да им се овозможи човечки достоинствен живот и изградена свест за сопствената биоетичка одговорности и пред себе и пред другите.

***Александар Димитриев***

# SUMMARY

The "Introduction" explains the aims of the research of NGO's ethical role and meaning as well as their importance for the countries in transitions in their development to the real democratic society, especially on the Balkan peninsula, in the context of its historical and political heritage and the problems that arise from it; also development of the ethics and social and political action in resolving the problems which arise in transition and must be exceed on the way to real civil democratic open society. It also considers the role of the Universal ethics and its presence within NGO's and also in their activities in the society in attempt to help resolve of moral and ethical dilemmas in underdeveloping societies in process of transition.

"NGO sector as a form of democratic and ethical influence in the contemporary world", the first chapter, examines the essence and forms of NGO's activities, pointing out that they are basics for the development of democracy and civil society. Through a close examination of their essence, forms, characteristics and structure, the kinds and goals of the activity, is given a definition of NGO, according to which they will realize their role in the society if they respect basic ethical principle: implementation and defense of the human rights and freedom as a precondition for realization of the principles of the Universal ethics.

The next chapter, "Ethical aspect of the human rights", through historical review of the development on the idea of human rights, their philosophical and ethical base, the importance for the spiritual and ethical evolution of the human kind, sublimes the findings about necessity of establishing the basic ethical values as a precondition for any NGO activity, as well as a preconditions for establishing the Universal ethics as a standard for NGO's activities.

In the following chapter, "The freedom as an ultimate aim of the existence", is considered the essence and means of the freedom for human existence, from a philosophical and ethical, as well as from social and political aspect in the countries in transition and the role of NGO's in this context. The conclusion is that the NGO's in their activities are more and more motivated from the fact that with out respecting the freedom of others, it will be impossible to achieve anyone's freedom. This remark is especially valid for those organizations which are specialized in the issues and problems of respecting and protecting political freedom and rights. The same remark is also valid for the organizations whose activities are turned toward the environment, protection of the customer's interests… and in this way they help the development of the real civil society and spreading the field of rights and freedom. The final conclusion of this chapter is: the common for all of them is their insistence on building that kind

of governmental structure in which the freedom will be the only reason and aim of existence of the institutions as a citizen's service.

The other important conclusions from the considerations of this chapter are that the NGO's, no matter on which task they work, succeed in creating people's conscience for the need of ethical education for every person. That led to revealing the need for a compulsory learning of the subject Ethics in the educational institutions, especially in the countries in transition with a mixed nationality.

Within the framework of the next chapter, "The role of the NGO's in representation and protection of the human rights and freedom", the subject matter of the nongovernmental organizations is examined. In that context, the conclusion is that NGO's representation and defense of the human rights and freedom means precondition for creating a world in which everybody will be equal and will enjoy the same rights and freedom. The fulfilling of mentioned preconditions will open a space for creating a world where the people won't be afraid anymore for their existence, but they will put all efforts on rising the quality of life through interiorization and practicing of the real ethical values.

"The main ethical aims of the human kind today and the role of NGO sector", the sixth chapter of this book, considers the problems and dilemmas of axiological creativeness and right ethical choice. Especially, the idea and practice in building of Universal ethics as a key condition for the future developing of the mankind and its humanity are presented, as a new spiritual and ethical phenomena in which conceiving and building NGO's have important part. From this consideration it is concluded that the ethics, obviously, goes on its own universalization, as well as the fact that ethics couldn't be divided on this or that, practical or general, without the thought that there isn't ethics which doesn't contain system of values based on universal values. Thus underlines the need of Universal ethics as a main indicator in the NGO's activity.

In the chapter "Ethical values as fundaments in NGO's activities" the base ethical values: Activism, Cooperation, Philanthropy and Voluntarism are examined as fundaments for the ethical spirit in the activities of NGO sector. The examination of present ethical values in the NGO's practice led the author to a conclusion that only those organizations that try to find ways for practical application of these values in their working, give their contribution, not only for creating Universal ethics, but also for the unavoidable preconditions for building sustainable and permanent peace and also in creating that kind of life in which the universality of ethics will show and prove itself through the bioethics' standards as a way of life.

"The role of the ethical code in the activities of NGO's sector" is a chapter that reviews the codification of moral values and norms, as a manifestation of the ethical conscience of NGO's. For that aim, the world's attempts for creating a universal codex for this sector are described, and also a draft of *Ethical codex for NGO at a national level in Republic of Macedonia* is given. The proposed draft is based on a fact that such an ethical codex is indispensable for the realization of the NGO's sector's aim: building ethical conscience and correction of the system on the society and humans, not

just to raise the ethical quality of life, but also to teach the NGO to correct themselves according to the new and confirmed universal human ethical values which will rise from the further development of the society on the way to the real civil democratic opened society.

The “Conclusion” summarized the basic knowledges from the facts emerged of this integral examination and reconsideration of the ethical justifications of reasons for the existence and activities of the NGO’s, as people’s voice. The final conclusion is that the NGO’s deal with those needs about which the government and the country are deaf or don’t have enough desire to satisfy them. Covering this space, they also fulfill the role of necessarety as an ethical corrector of such an authority. With this, NGO’s made the citizens partners with the authority. Thus, they become key factor without its, nor the citizen, nor the government, neither the countries will be able to reach the main aim - real, civil, democratic society built on ethical base.

Namely, they became inevitable factor because of the fact that through maturing until they reach own determination for real universal ethical values, they enable the citizen to take responsibility for himself and in front of the others, and on the other hand, they offered space to the systems, through respecting of the universal ethical value, to became more mature and more responsible in dealing with the needs of the base of every society, his majesty - the Citizen.

***Translated by Makedonka Minova***

# КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА


1. *A Global Guide to Business and Sustainable Development: Working with NGO's,* 09.02.2005, <http://www.bsdglobal.com/ngo/roles.asp>.
2. Abanjano, Nikola. *Mogućnost i sloboda.* Beograd: Nolit, 1967.
3. Anderson, Marry. *Do No Harm: How Aid Can Support Peace or War. Colorado:* Lynne Rienner Publishers, 1999.
4. *Arrangements and practices for the interaction of NGO's in all activities of the UN system.* Report of the Secretary-General, A/53/170, 10 July 1998.
5. Bašelar, Gaston. *Racionalni materijalizam*. Beograd: Nolit, 1966.
6. Берлин, Исаија. *Четири есеи за слободата*. Прев. Љубица Арсовска. Скопје: Култура, 2000.
7. Bendel, Jem. *The meaning of the NGO.* 11.02.2005, <http://www.bsdglobal.com/ngo/roles.asp>.
8. Bloch, Ernst. *Prirodno pravo i ljudsko dostojanstvo.* Beograd: Komunist, 1977.
9. Bloh, Ernst. *Duh utopije*. Beograd: BIGZ, 1982.
10. Bloem, Renate. *The role of NGOs in the Age of Democratic Civil Society.* September 13, 2001, <http://www.globalpolicy.org/ngos/issues/>.
11. Boss, A. Judith. *Perspectives on ethics.* New York: Mayfield Publishing Company, 1998.
12. Boulding, Elise. *Women in the Twentieth Century World.* New York: John Wiley, 1977.
13. Цаца, Ѓ., Слободите и правата на човекот и граѓанинот во Република Македонија. Скопје: Студентски збор, 1994.
14. Cassese, Antonio. *Human Rights in a Changing World.* Philadelphia: Temple University Press, 1990.
15. *(The) Conquest of Human Rights through History*. Council of Europe, Strasbourg, 1993.
16. Цветковски Ц., Р. Лазареска. *Краток водич низ постапката пред Европскиот суд за човекови права.* Скопје: Центар за граѓанско општество, 1999.
17. Цветковски, Цветан. *Човекови права 1 & 2*. Скопје: Каритас, 1999.
18. *Democracy, Governance and European NGOs: Building a Stronger Structured Civil Dialogue - Platform of European Social NGOs.* March 2001, <http://www.socialplatform.org/anim/anim.htm>.
19. Edwards, Michael, David Hulme and Tina Wallace. *NGOs in a global future: Marrying local delivery to worldwide leverage.* Conference background paper. 12.04.2005, <www.globalpolicy.org/ngos/role/intro/gen/2000/111400.htm>.
20. *Ethical Code and Code for conduct*. 18.03.2005, <http://www.wango.org/ethicalcode/pdf>.
21. Европска Комисија, Генерален директорат за печат и комуникации. *Како работи Европската Унија - Прирачник за институции на Европската Унија наменет за граѓаните.* Луксембург: Канцеларија за службени изданија на Европските заедници, 2003.

22. Facione, A. Peter, Donald Scherer and Thomas Attig. *Ethics and society.* Second edition. New Jersey: Prentice Hall Inc., 1991.
23. Грамбергер, Марк. *Граѓаните како партнери: Прирачник на ОЕЦД за информирање, консултации и учество на јавноста во изготвувањето на политиката - раководење.* Скопје: Фондација Институт Отворено општество - Македонија, 2001.
24. Gruppen, Pieternel. *Let's Abolish Development Aid.* Radio Netherlands. 16.05.2001, <http://www.rholmus.org>.
25. *Годишен извештај за ситуацијата со човековите права во 2004 година.* Скопје: Хелсиншкиот Комитет за човекови права на Р. Македонија, 23.04.2005, <http://www.mhc.org.mk>.
26. *Годишен извештај за 2003.* Скопје: Прва детска амасада во светот „Меѓаши", 2003.
27. Хабард, Л. Рон. *Динамик, Етика и морал.* Скопје: Хабардов Центар за Дијанетика и Скиентологија, 2003.
28. Haugerudbraaten, Henning. *Peacebuilding: Six Dimensions and Two Concepts.* Institute for Security Studies. 11.04.2005, <http://www.iss.co.za/Pubs/ASR/7No6/Peacebuilding.html>.
29. Hill, Michael. *The NGO Phenomenon.* Baltimore Sun. January 9, 2005, <http://www.baltimoresun.com>.
30. Howell, Jude and Jenny Pearce. *New Roles and Relevance: Development NGOs and the Challenge of Change*. New York: Kumarian Press, 2000.
31. *Human Rights Today: A United Nations Priority.* The United Nations. 23.02.2005, <http://www.un.org/rights/HRToday>.
32. Humphrey, J. P. *Human rights and the United Nations: A Great adventure.* New York: Transnational Publishers, 1984.
33. *Intercultural dialogue and exchange.* 12.01.2005, <http://www.mondialogo.org>.
34. James A. Paul. *NGOs and Global Policy Making.* 23.02.2005, <http://www.globalpolicy.org/ngos/analysis/analoo.htm>.
35. James, Alan. *Peacekeeping and Ethnic Conflict: Theory and Evidence in Peace in the Midst of Wars: Preventing and Managing Ethnic Conflicts.* Columbia, S.C.: University of South Carolina Press, 1998.
36. Јанкуловски, З. *Човекови права.* Скопје: Фондација Институт Отворено општество на Република Македонија, 1993.
37. Јанкуловски, З. и Г. Калајџиев. *Водич низ човековите права.* Скопје: Хелсиншки комитет за човекови права во Република Македонија, 1999.
38. Jodl, Fridrih. *Istorija etike I & II*. Sarajevo: Veselin Masleša, 1975.
39. Johnson, P. Stephen and Paula D. Johnson. *Promoting Philanthropy: Global Challenges and Approaches.* Harvard University. 19.02.2005, <http://www.insp.efc.be>.
40. Кант, Имануел. *Критика на практичниот ум*. Прев. Кирил Темков. Скопје: Епоха, 1993.
41. Kingman, Andrew. *The Philanthropic Initiative.* Allavida. 29.12.2004, <http://www.insp.efc.be>.
42. Koprek, Ivan, Ivan Čehok et al. *Etika.* Zagreb: Školska knjiga, 1996.
43. Костовски, Трифун. „Јавните служби, волонтерството и невладините организации." *Етиката на јавните служби и односот со граѓанските организации*. Филозофскиот факултет. Скопје, 5 април 2005.

44. Koжev, Aleksandar. *Kant*. Beograd: Nolit, 1976.

45. Lederach, John Paul. *Building Peace: Sustainable Reconciliation in Divided Societies.* Washington, D.C.: United States Institute of Peace, 1997.

46. Lefevr, Anri. *Urbana revolucija*. Beograd: Nolit, 1974.

47. Lem, Stanislav. *Summa technologiae*. Beograd: Nolit, 1977.

48. Lewis, Paul. *Fixing World Crises Isn't Just a Job for Diplomats*. New York Times, April 5, 1992.

49. Little, David. *The Nature and Basis of Human Rights*. United States Institute of Peace. 16.03.2005, <http://www.usip.org/research/rehr/universality.html>.

50. Little, David. *Universality of Human Rights. United States Institute of Peace.* 16.03.2005, <http://www.usip.org/research/rehr/universality.html>.

51. Maiese, Michelle. *Human rights protect*. 19.03.2005, <http://www.intractableconflict.org/m/human_rights_protect.jsp>.

52. Марковиќ, Ненад и други. *Тетратки за демократија.* Скопје: Фондација Институт Отворено општество Македонија, 2003.

53. Markuze, Herbert. *Kultura i društvo*. Beograd: BIGZ, 1977.

54. Marx, Karl i Friedrich Engels. *Rani trudovi*. Zagreb: Naprijed, 1967.

55. Matulović, Miomir. *Ljudska prava: Uvod u teoriju ljudskih prava.* Zagreb: Hrvatsko filozofsko društvo, 1996.

56. Mazibuko, D. Fanyana. *The Role of the Non-Governmental Organizations in Educational Advancement in Developing Countiries: The South African Experience.* 25.12.2004, <http://www.home.hiroshima-u.ac.jp/cice/maz3-1.pdf>.

57. Мекинтаир, Алесдер. *По доблеста.* Прев. Драги Јакимовски. Скопје: Табернакул, 1998.

58. Mekluan, Maršal. *Poznavanje opštila*. Beograd: Prosveta, 1971.

59. Мил, Џон Стјуард. *За слободата*. Прев. Кирил Темков. Скопје: Епоха, 1996.

60. Моро, Џовани. *Вовед во активното граѓанско учество: Македонија*. Прев. Ана Ангеловска. Скопје: ОПЕН - Партнери за развој, 2004.

61. Moseley, Alex. *Pacifism. Internet Encyclopedia of Philosophy.* 10. 01.2005, <http://www.utm.edu/research/iep/p/pacifism.htm>.

62. Nielsen, Finn Reske. *Statement by UNDP Representative&UN Development Coordinator* on the occasion of the appointment of Cecilio Caminha Freitas as New Director of East Timor NGO Forum, "Open Day" at the NGO Forum, 19.02.2002, <http://www.undp.east-timor.org.>.

63. Onishi, Norimitsu. *Nongovernmental Organizations Show Their Growing Power*. New York Times, 22.02.2005, <http://www.globalpolicy.org/ngos/0322ngos.htm>.

64. Pavičević, Vuko. *Osnovi etike.* Beograd: BIGZ, 1974.

65. Pažanin, Ante. *Etika i politika*. Zagreb: Hrvatsko filozofsko društvo, 2001.

66. Пејн, Томас. *Права човека*. Пред. Драгољуб Миќуновиќ. Београд: Завод за издавачку делатност Филип Вишњиќ, 1987.

67. Ponty, M. Merleau. *Struktura ponašanja.* Beograd: Nolit, 1984.

68. Polić, Milan. *E(ro)tika i sloboda - Odgoj na tragu Marxa.* Zagreb: Hrvatsko filozofsko društvo, 1990.

69. Posavec, Zvonko. *Sloboda i politika.* Zagreb: Hrvatsko filozofsko društvo, 1995.

70. Pulancas, Nikos. *Klase u savremenom kaspitalizmu.* Beograd: Nolit, 1978.
71. Raymond, U. Susan. The Future of Philanthropy: Economics, Ethics and Management. Philadelphia: John Wiley & Sons, 2004.
72. Ravlić, Slaven. *Poredak slobode - Politička misao Johna Stuarta Milla*. Zagreb: Hrvatsko filozofsko društvo, 2001.
73. *Report from SEE Youth Policy Conference, 17-20 November 2004,* Ohrid. Macedonia. Youth Council Prilep, Prilep, 2004.
74. Reychler, Luc. *From Conflict to Sustainable Peacebuilding: Concepts and Analytical Tools in Peacebuilding-A Field Guide*. Colorado: Lynne Rienner Publishers, Inc., 2001.
75. Riker, V. James. *The Phenomenon NGO. 09.01.2005,* <http://www.globalpolicy.org/ngos/intro/growing/2005/0109>.
76. Robbins, Richard. *Global Problems and the Culture of Capitalism.* Second edition. New York: Allyn and Bacon, 2002.
77. Робинсон, Мери. *Порака од Високиот комесар за човекови права.* 21.02.2005, <http://www.mhc.org.mk>.
78. *(The) Role and the Task of NGO's in the 21st Century.* Speech delivered in the 50th Annual NGO/DPI Conference held in UN in 1997, <http://www.gcs-ngo.org/gcsenglish/data/speech/add-50.doc>.
79. *(The) Role of NGO's in the Transittion to a Democratic Society.* Council of Europe, Strasbourg, 1994.
80. SAIS. *The Conflict Management Toolkit: Approaches, The Conflict Management Program.* Johns Hopkins University, 17.01.2005, <http://www.cmtoolkit.sais-jhu.edu/>.
81. Simmons, P.J. *Learning to Live with NGOs*. Foreign Policy, Fall 1998, <http://www.globalpolicy.org/ngos/issues/ >.
82. Shah, Anup. *Non-governmental Organizations on Development Issues.* 25.03.2005, <http://www.globalissues.org/TradeRelated/Poverty/NGOs.asp#WhatareNGOs>.
83. Skok, D. *Ljudska prava-Osnovni međunarodni dokumenti*. Zagreb: Školske novine, 1990.
84. Stephenson, Carolyn. *What is NGO's*. 12.04.2005, <http://www.intractableconflict.ogr/m/role_ngo.jsp>.
85. Stephenson, Carolyn. *Non-government organizations*. 12.04.2005, <http://intractableconflict.ogr/m/role_ngo.jsp>.
86. Suhodolski, Bogdan. *Moderna filozofija čoveka*. Beograd: Nolit, 1972.
87. Šarden, de Pjer Tejar. *Fenomen čoveka.* Beograd: BIGZ, 1979.
88. Šešić, Bogdan. *Nužnost i sloboda.* Beograd: Kultura, 1963.
89. Šopenhauer, Artur. *Svet kao volja i predstava*. Novi Sad: Matica srpske, 1986.
90. Teichman, Jenny. *Social ethics*. Oxford: Blackwell Publishers Ltd, 1996.
91. Темков, Кирил. „Професионалните етички кодекси", Гласило на Здружение на правници од стопанството на Р.М., Скопје, 9.3. Март 2004.
92. Темков, Кирил. *Етички речник.* Скопје: Просветно дело, 2004.
93. Темков, Кирил. *Етика за III година гимназиско образование*. Скопје: Просветно дело, 2004.
94. Темков, Кирил. *Етика.* Скопје: Епоха, 1998.
95. Темков, Кирил. *Глобализацијата - фајде или ужас?.* Скопје: Старт, 14 ноември,

2003.

96. Темков, Кирил. *Какво чудо е Универзалната етика?*. Скопје: Старт, 21 ноември 2003.

97. Темков, Кирил. *Љубов за човекот.* Скопје: ЗАМАН - Бројаници, 2-8 февруари 2005.

98. Темков, Кирил. *Етичките и аксиолошките идеи во философската поезија на Павао Вук-Павловиќ.* „Годишен зборник на Филозофскиот факултет“, Скопје, 2003.

99. Темков, Кирил. “Филантропијата и оданочувањето”. *Финансиската одржливост на граѓанскиот сектор.* Клуб на пратеници. Скопје, 27 јануари 2005.

100. Tokvil, de Aleksis. *O demokratiji u Americi*. Sremski Karlovci: Jovan Stojanović, 1999.

101. Tuck, Richard. *Natural rights theories: Their origin and development*. Cambridge: Cambridge University Press, 1979.

102. Tulmin, Stivn Edelston. *Istraživanje o mestu razuma u etici*. Beograd: Nolit, 1970.

103. *UNESCO Encyclopedia of Life Support Sustems.* SECTION 1 International and infrastructure resource issues, Article 1.44.3.7 NGO’s.

104. United Nations Non-Governmental Liaison Service (NGLS). *Voices from Africa* 10: NGO responses to HIV/AIDS. Issue No.10. Geneva:United Nations, May 2001.

105. (The) Universal Ethical Project. *Division of Philosophy and Ethics*, UNESCO, 07.02.2005, <http://www.unesco.org>.

106. *Универзална декларација за човековите права и слободи на ООН*, <http://www.mhc.org.mk>.

107. Vajthed, A.N. *Nauka i moderni svet.* Beograd: Nolit, 1976.

108. Велковски, Зоран и други. *Придонес на коалицијата на младински НВО-и СЕГА кон подготовката на Националната стратегија за млади.* Прилеп: Младински Совет-Прилеп, 2004.

109. Vuk-Pavlović, Pavao. *Zov*. Skopje, 1964.

110. *What is NGO?*. NVO Centres from Latvia, 20.01.2005, <http:// www. ngo.org.lv>.

111. *What are NGO's.* 12.04.2005, <http://www.globalissues.org/TradeRelated/Poverty/NGOs.asp#WhatareNGO>.

112. Weil, Simone. *Oppression et liberte.* Paris: Gallimard, 1955.

113. Wisser, Richard. *Odgovornost u mijeni vremena.* Sarajevo: Svjetlost, 1988.

114. Žakov, Fransoa. *Logika živog*. Beograd: Nolit, 1978.

115. Životić, Miladin. *Egzistencija, realnost i sloboda.* Beograd: Ideja, 1973.

116. Životić, Miladin. *Pragmatizam i savremena filozofija*. Beograd: Nolit, 1966.

117. Đurić, N. Miloš. *Istorija helenske etike*. Beograd: BIGZ, 1976.

118. *(The) 21st Century NGO: In the Market for Change.* Sustain ability and the United Nations, June 26, 2003.

МЦМС

Книгата е финансиски поддржана од
Македонскиот центар за меѓународна соработка